Материјал и методи: На 30 пациенти со симптоми на хематурија и позитивен наод од цистоскопија им била направена виртуелна КТинвестигација на мочен меур, во период од една година, јануари 2013 - декември 2014. По иницијална процена на ултрасонографски преглед, на пациентите им била направен пелвичен КТ како единечен волуметриски скен, а по прелиминарна воздушна дистензија на мочен меур со Фолиев катетар. Претходно, ендоскопски детектираните лезии биле класифицирани како сесилни или педункуларни, а во однос на големината, помали или поголеми од 5 мм. Добиените резултати од виртуелната пневмоцистографија, независно биле разгледани од страна на двајца радиолози.

Резултати: 48 лезии (37 педункуларни, 11 сесилни) биле детектирани на конвенционална цистоскопија кај 23 пациенти ( мултипна полипоза беше дијагностицирана кај 7 случаи). Виртуелната цистоскопија идентификувала 38 лезии ( 31 педункуларни и 7 сесилни). Недетектираните лезии биле педункуларни и помали од 5 мм (6 случаи) и сесилни (1 случај).

Заклучок: Виртуелните снимки биле со добар квалитет. Некои пациенти покажале болна интолеранција на дистензијата со инсуфлација на воздух. Сензитивноста на методата била 72%, повисока за педункуларни лезии (83%) во компарација со сесилни лезии (43%). Главна предност на виртуелната техника е неинвазивноста и тенденцијата да биде асоцирана со помалку компликации од класичната. Исто така, КТцистоскопијата покажала голема сензитивност во евалуација на педункуларните лезии, како и на лезии лоцирани во анатомски тешко достапни сегменти, како што се предниот ѕид и базата на мочниот меур. Методата дозволува голема сигурност во мерењето на екстензијата на лезиите, како и добивање виртуелни снимки кај пациенти со тешка уретрална опструкција и активно крварење. Лимитација на методата е неможноста да се изведе биопсија и да се добие ткиво за хистопатолошка анализа или да се направи ендоскопска ресекција на педункуларните лезии. Кај сесилните лезии, или полипи помали од 5 мм, виртуелната КТцистоскопија е помалку сензитивна од класичната ендоскопија. Една од најважните предности на оваа метода е можноста да се повторува при континуирано следење на одредени лезии и состојби на ѕидот од мочниот меур.

Виртуелната КТпневмоцистографија може да ја замени конвенционалната цистоскопија во случаи на педункуларни лезии каде што нема потреба од биопсија и каде лезиите се лоцирани на тешко достапни анатомски локации, каде што цистоскопската инструментација не може да биде воведена заради уретрални стенози. Виртуелната КТпнеумоцистографија, а во асоцијација и со други дијагностички модалитети, може да користи и во следењето на третирани или нетретирани полиповидни лезии или други промени на ѕидот од мочниот меур.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесеното, Комисијата заклучува дека д-р Соња Николова  покажува континуиран напредок во наставната и научната дејност и наполно ги исполнува сите формални и суштински критериуми за избор во звањето за кое конкурира.

Според анализата на доставените трудови, биографските податоци и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија има чест и задоволство доНаставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот„Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да предложи кандидатката д-р Соња Николова да биде избрана во звањето асистент-докторанд по предметот Радиологија.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Михаел Груневски, с.р.**

**Проф. д-р Надица Митреска, с.р.**

**Доц. д-р Елизабета Стојовска- Јовановска, с.р**.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КОМПАРАТИВНА СТУДИЈА НА КОНТИНУИРАНА НАСПРОТИ ПАЦИЕНТ-КОНТРОЛИРАНА ЕПИДУРАЛНА АНАЛГЕЗИЈА ЗА ПОРОДУВАЊЕ“ ОД Д-Р МАРГАРИТА ЛОВАЧ-ЧЕПУЈНОСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, врз основа на член 63 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 14/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 и 154/15), член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје (Универзитетски гласник бр. 121/09 и 188/11, 234/12 И 276/14) и член 61 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 245/13, на својата XV редовна седница одржана на 22. 2.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката д-р Маргарита Ловач-Чепујноска со наслов „Компаративна студија на континуирана наспроти пациент-контролирана епидурална аналгезија за породување“, во состав: проф. д-р Мирјана Шошолчева, доц. д-р Билјана Кузмановска, проф. д-р Марјан Стојовски, проф. д-р Јордан Нојков и проф. д-р Милка Здравковска.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на докторската дисертација

Докторската дисертација на кандидатката д-р Маргарита Ловач-Чепујноска, со наслов „Компаративна студија на континуирана наспроти пациент-контролирана епидурална аналгезија за породување“, содржи 192 страници, компјутерски обработен текст во фонт “Georgia” со 1,5 проред и големина на букви 12 и 315 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси. Структурирана е во 7 глави, вовед, мотив, цели на студијата, материјал и метод, резултати, дискусија и заклучоци. Текстот е збогатен со 38 табели и 48 слики. На почетокот се приложени апстракт и список на кратенки, а на крајот 2 прилога, документ за информирана согласност за испитаниците и индивидуален формулар. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е предмет на истражувањето.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена **„Вовед“**. Започнува со историјатот на акушерската анестезија во кој се вклучени записи за третманот на породилната болка уште од првиот век на нашата ера, преглед на обиди за намалување на породилните болки со користење на најразлични растителни екстракти во средниот век, откривањето и примената на анестетичките гасови, диазотниот оксид, етерот и хлороформот во акушерската анестезија, употребата на опиумот и воведувањето на техниките за регионална анестезија и аналгезија при породување кон крајот на

деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век. Се наведува и појавата на првата публикација за спинална анестезија која датира од 1885 година и која е објавена во The New York Medical Journal, по што се наведуваат повеќе објавени студии за примената на регионалната анестезија и невроаксијалните блокови во акушерството. Опишан е развојот на техниките на епидурална анестезија и употребата на различни епидурални катетери, видови локални анестетици и опиоиди. Се продолжува со историскиот развој на континуираната и пациент-контролираната епидурална аналгезија како техники за безболно породување, кои биле истражувани во многубројни студии каде што се согледани нивните предности и негативности, како за мајката така и за новороденото. Уште овде, кандидатката потенцира дека компаративните анализи на двете техники покажале дека и двете се безбедни интервенции и за мајката и за новороденото. Изнаоѓањето на идеална епидурална техника, било да се работи за континуирана или пациент-контролирана техника, било предизвик за многу истражувачи. Опишани се многу варијации на овие техники, како во начинот на одржувањето на аналгезијата, така и во концентрацијата и волуменот на локалниот анестетик, интервалот на апликација помеѓу два болуса, додавањето на адјуванси и иницијацијата на аналгезијата. Овој исторсики дел завршува со историјатот на епидуралната аналгезија која се користи во јавните и приватните породилишта во Р. Македонија. Во болницата каде што е изведено ова истражување, ваквиот модел на аналгезија се користи од 2005 година. Следува дел со опис на анатомските промени во тек на бременоста значајни за изведување на епидурална аналгезија, со посебен осврт на анатомијата на вертебралните и паравертебралните структури, анатомија, содржина и притисок во епидуралниот простор чие детално познавање е од есенцијално значење за правилно изведување на техниката. Кандидатката потенцира дека од не помала важност се методите на идентификација на епидуралниот простор, при што една од најсигурните методи за негова идентификација е методата на “загуба на резистенција”, а според некои, методата на “висечка капка”. За успешно изведување на техниката, напоменува кандидатката, есенцијално е познавањето на патиштата на родилната болка во првото родилно време, со напомена дека висцералната болка не престанува да постои со почеток на второто родилно време. Освен анатомските, за изведување на епидуралната аналгезија потенцирани се и физиолошки промени во тек на бременоста, и тоа утерината и умбиликалната циркулација, важни за кислородниот транспорт. Влијанието на епидуралната аналгезија врз утериниот, интервилозниот и феталниот крвен проток е докажано позитивно во повеќе студии. Потенцирано е дека хемодинамската стабилност на мајката е од особена важност, па оттаму хипотензијата и аортокавалната компресија кај бремената жена се особен проблем. Следува опис на ендокрините промени во тек на бременоста, како што се физиолошкиот одговор на стрес во првото родилно време и стрес-одговорот во текот на породувањето, при што поврзаноста на опијатните алкалоиди со стресот сè уште останува енигма. Овој дел завршува со неопходноста од доброто познавање на техниките кои се изведуваат, а сè со цел безбедност на мајката како апсолутен приоритет за време или по бременоста и неопходноста од познавање на сите извештаи во кои се опфатени причините за морбидитет и морталитет.

**Втората глава** го анализира **мотивот за изработка** на докторската дисертација, каде што кандидатката образложува дека иако во последниве десетина години во Македонија, епидуралната аналгезија се потврдила како ефикасен метод кој се користи речиси во секоја добро екипирана и опремена болница, сепак најчесто се користи континуираниот начин на обезболување. Пациент-контролираната епидурална аналгезија сè уште не е прифатена како актуелна акушерска аналгезија и во Македонија нема објавени резулатати за употребата на оваа техника или компарација на овој модел со некои од останатите модели на аналгезија во тек на породувањето. Интересот за изработка на ова истражување произлегол од потребата да се види дали трудниците

вклучени во испитувањето ќе ги почувствуваат предностите од пациент-контролираната епидурална аналгезија како подобра контрола на породилната болка, со помал моторен блок и поголема сатисфакција.

Во **третата глава** се дефинирани **целите на истражувањето**: да се утврди дали постои разлика во индивидуалната перцепција на породилната болка изразена преку визуелната аналогна скала помеѓу пациент-контролираната и континуираната епидурална аналгезија, да се утврди како овие два модела на епидурална аналгезија влијаат на распределување на локалниот анестетик во епидуралниот простор, изразено преку одредување на сензорниот блок, степенот на моторен блок и мобилност на мајката во тек на аналгезијата, да се утврди дали пациент-контролираната епидурална аналгезија во тек на породувањето ќе доведе до намалена потрошувачка на локалниот анестетик, бупивикаин, споредено со континуираната епидурална аналгезија, да се евалуира задоволството на мајката од типот на обезболување и да се утврди како различните модели на епидурална аналгезија влијаат на серумското ниво на кортизол кај мајката и новороденото, 15 минути по породувањето.

Во **четвртата глава** се презентирани **материјалите и методите** кои се примениле во истражувањето. Испитувањето е спроведено во приватната општа болница „Ремедика" – Скопје, во периодот од јуни 2013 до јуни 2014 година, и претставува проспективна контролирана пресечна студија. Според инклузионите и ексклузионите критериуми во студијата биле вклучени 120 трудници во термин за породување на возраст од 20 до 40 години, со започнато прво родилно време. Студијата има одобрување од Етичкиот одбор на приватната општа болница „Ремедика" и одобрување од Етичкиот одбор на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Сите трудници вклучени во испитувањето имаат потпишана писмена информирана согласност за вклучување во студијата. Испитаниците се поделени во две групи, и тоа: во првата група се 62 трудници кои добиле континуирана епидурална аналгезија, а во втората група 58 трудници кои самостојано го одбрале моделот на аналгезија со самоконтрола, пациент-контролирана епидурална аналгезија. Пред започнување со анестезиолошките тестови и процедури, кај секоја трудница во приемната амбуланта бил правен акушерски преглед и анамнеза како и кардиотокографски запис. Изведени се физикален преглед, антропометриски и лабораториски мерења, како и мерење на интензитет на болка во периодот на врв на контракцијата, при што е користена визуелна аналогна скала на болка - 100-милиметарска скала обележана од 0 до 10. Поставувањето на епидурален катетер и започнувањето со аналгезијата било на барање на трудницата, во моментот кога таа одлучувала дека болката е со интензитет кој ја нарушува нејзината удобност. Пред пласирањето на епидуралниот катетер биле забележани параметрите за интензитетот на болката, крвниот притисок, пулсот, кислородната сатурација, цервикалната дилатација и окситоцинската стимулација. Сите трудници биле прехидрирани со 500ml раствор на Ringer lactat. Кај сите испитаници епидуралниот катетер е пласиран во седечка положба во ниво на L2-3 или L3-4 интервертебрален простор со техниката на загуба на резистенција со физиолошки раствор, со игла B. Braun Perican, Touhy bevel 18-g x 31/2 . Постапката се изведувала само во период помеѓу две контракции. Во студијата е користена модифицираната скала на Bromage по Breen во која моторниот блок е квантифициран од 1 до 6. Користен е епидурален раствор, мешавина на локален анестетик bupivacaine во концентрација од 0,08% (0,8mg/ml) и опијатен аналгетик fentanyl во концентрација од 0,0002% (2μg/ml). Кај сите испитаници е користен истиот раствор и тоа за иницијална болус доза за исполнување на епидуралниор простор и постигнување на почетна аналгезија, доза за одржување на аналгезијата со инфузиона

пумпа и додавање на мануелни болус дози на барање на трудницата кога аналгезијата не е задоволителна. Концентрацијата на локалниот анестетик во растворот е менуван доколку трудницата побарувала два мануелни болуса во тек на еден час како резултат на незадоволителна аналгезија. Во таков случај концентрацијата на bupivacaine-от се зголемувала од 0,08% на 0,1%, додека концентрацијата на fentanyl-от останувала иста. Волуменот на иницијалниот болус од епидуралниот раствор е одредуван според телесната висина на трудницата и варирал од 9 до 12 ml. Петнаесет минути по давање на болусот тестирано е нивото на сензорниот блок, проверка на моторниот блок и степенот на болка според виуелно аналогната скала. Како предуслов за учество во студијата е постоење на симетричен блок од двете страни, по што секоја трудница го одбирала моделот на обезболување по сопствен избор. Ииспитаниците во студијата се поделени во две групи претставени како група со континуирана епидуралан аналгезија и група со пациент-контролирана епидурална аналгезија. Во двете групи се користени исти инфузиони пумпи кои имаат можност за континуирана аналгезија со зададен волумен на испорака на лекот во тек на еден час, а воедно имаат опција за користење на пумпата за пациент-контролирана аналгезија. Во првата група, инфузионата пумпа е програмирана со фиксна континуирана рата за испорака на епидуралниот раствор, односно волумен од 10ml во тек на секој час, сè до завршување на аналгезијата, односно спонтано породување или одлука за конверзија во царски рез. Во втората група, инфузионата пумпа е со зададени параметри за пациент-контролирана аналгезија. Трудниците во оваа група го користеле дополнителното копче на пумпата кое со притискање се активира и го испорачува лекот нејзино барање. Програмирањето на перфузионите пумпи за пациент-контролирана аналгезија била обврска на анестезиологот и сите параметри кај сите трудници биле исти: волумен на болусот од лекот (5ml) кој се испорачувал со мануелно активирање на копчето од пумпата, временски лимитиран интервал од 15 мин. помеѓу два болуса во кој пумпата е блокирана за испорака на лек и максимална доза од 80 ml на испорачан лек за временски период од 4 часа. Трудниците од оваа втора група биле обучени за користење на пумпата, односно да го притискаат копчето за испорака на болус, во услови кога болката се интензивира. Сите болуси во оваа група биле испорачувани со иста брзина на пумпата од 200 ml/h. Во двете групи, доколку аналгезијата не ги задоволувала потребите за обезболување на трудницата, се додавани мануелни болуси од страна на член од истражувачкиот тим сè до постигнување на добра аналгезија. Волуменот на мануелниот болус бил секогаш ист и изнесувал 5ml кој е забележуван во индивидуалните тест-листи. Параметри кои се следени во тек на аналгезијата се: степенот на болка според визуелноаналогната скала, модифицираниот скор на Bromage по Breen, нивото на највисокиот сензорен блок, неинвазивниот артериски притисок, срцевата фреквенција, сатурацијата на крвта со кислород, скорот на седација и појава на несакани ефекти кои биле документирани и адекватно третирани. Во зависност од начинот на завршувањето на породувањето (спонтано или со Sectio Caesarea), се следел соодветниот протокол за завршување на епидуралната аналгезиј. Кај спонтано породување, по пресекување на папочната врвка, пумпата за епидурална аналгезија се исклучувала, со забележување на вкупниот волумен на потрошен раствор и времетраење на аналгезијата. Примероци од 1 ml венска крв од мајката и 1 ml крв од папочната врвка се земале во првите 15 минути по раѓањето на новороденото за одредување на серумското ниво на кортизол. По што следело забележување на неонаталните параметри, Apgar-скорот, pH на крвта од папочна врвка, родилната тежина и должина на новороденото. Кај царски рез, пумпата за епидурална аналгезија се исклучувала во моментот на одлука за конверзија на спонтаното породување во царски рез. Во индивидуалните тест-листи се забележувало времетраењето на

епидуралната анлгезија од почеток до одуката за царски рез и вкупниот волумен на раствор потрошен до моментот на исклучување на пумпата. Епидуралната анестезија се постигнувала со раствор кој содржел 5mg/ml (0,5%) bupivacaine и 5μg/ml (0,0005%) fentanyl. Овој волумен на раствор не влегувал во крајното пресметување на потрошениот локален анестетик. Останатите постапки во однос на новороденото и неговите параметри, како и примероците за крвна анализа на кортизол, биле исти како и при спонтано породување. Скалата на сатисфакција од аналгезијата породените мајки ја пополнувале пред напуштање на родилната сала или одделот за постанестетичка грижа за трудниците породени со царски рез. Критериуми за прекин на учество во студијата биле: раѓање кое завршувало во време од 90 минути од пласирање на епидуралниот катетер, породување кое траело подолго од 24 часа, пункција на дура во тек на пласирање на епидуралната игла, изразени несакани ефекти од локалниот анестетик и опијатот кои, и покрај третманот, ја нарушувале удобноста на трудницата. Со цел да се обезбеди систематско следење на добиените параметри во тек на испитувањето, користени се документот за информирана согласност, анестезиолошка листа за трудници со епидурална аналгезија, индивидуална тест-листа за секоја трудница и распоред на посети и прегледи во тек на аналгезијата и породувањето.

Во **петтата глава** се прикажани **резултатите од истражувањето**, при што е прикажано дека испитаниците биле на возраст од 21 до 40 години доминантно од македонска националност и со високо образование, со просечен индекс на телесна маса лесно над нормалата. Во однос на акушерските карактеристики, средната гестациска старост била 39 недели, а кај испитаниците бројот на породувања бил во просек од 1,33±0,55, односно кај 86 испитаници (71,7%) ова било прво породување, кај 29 (24,2%), второ породување, а кај 5 (4,2%) испитаници било трето породување. Дилатацијата на цервикс најчесто била 3 и 4 cm. Bishop-скорот се движел од 7 до 9. Нивото на лумбална пункција, L2/L3 е применето кај 73 (60,8%) од испитаниците, а L3/L4 кај 47 (39,2%) од испитаниците. Хемодинамски и лабораториски вредности кај вкупниот број испитаници покажуваат дека има уредни вредности на систолниот и дијастолниот крвен притисок, уредна кислородна сатурација и лесно забрзана срцева акција. Лабораториските анализи исто така покажуваат уредни вредности на испитуваните параметри во крвта, а сите ипитаниците биле HIV и хепатит C-негативни, а само една испитаничка била позитивна за хепатит B. Проценката на степенот на болка според визуелната аналогна скала пред апликацијата на анестетик, со средна вредност од 6,99±0,83 до 14-тото време на раѓање покажува дека по апликацијата на анестетикот доаѓа до манифестно опаѓање на степенот на болка кај повеќето испитаници и се движи од 0 до 3. Во однос на предизвиканиот степен на моторен блок, најдено е дека средната вредност со тек на време опаѓа, но со најголем процент во кое било време на раѓање била проценета со 5 по скалата на Bromage. Претставена е промената на просечното ниво на сензорен блок степенуван од 1 до 5 според времето на раѓање и вкупната потрошувачка на локален анестетик во тек на породувањето. Дадена е анализа на акушерските исходи кај двете групи испитаници при што е 57 од вкупно 120 анализирани трудници биле во состојба самостојно да чекорат, односно биле мобилни, времетраењето на породувањата пресметувано од моментот на поставување на епидурален катетер до завршување на раѓањето било 5,24 ± 2,29 часа. Инструментално завршување на раѓањето имало кај 12 испитаници, а несакани збиднувања се појавиле кај 23 испитаници, а се манифестирале како хипотензија кај 15 и пруритус кај 8 испитаници. Најдено е дека скорот на сатисфакција кај сите испитаници е околу 9. Неонаталните параметри покажуваат дека новороденчињата немале ацидоза,

APGAR-скоровите биле во рамките на вообичаените, а исто така и телесната должина и тежина. Серумското ниво на кортизол кај мајката и новороденото покажува вредности 52,98±16,73 mcg/dL кај мајките, додека кај новородените деца вредност 9,39±4,27 mcg/dL. Споредбата на испитуваните параметри во двете групи испитаници поделени според моделот на аналгезија покажува дека нема статистички значајни разлики меѓу двете групи испитаници на демографските карактеристики во однос возраста, образованието и телесниот масен индекс, но и кај акушерските карактеристики во однос на гестациската старост и бројот на породувања и дилатацијата на цервиксот. Кај испитаниците кои се одлучиле за пациент-контролирана епидурална аналгезија незначајно почесто било применето меѓупрешленското ниво на пункција L2-L3. Проценката на кардиоваскуларниот статус во нултото време пред почетокот на анестезија покажува отсуство на статистички значајни разлики меѓу двете групи на испитаници. Споредбата на хемодинамските параметри (систолен и дијастолен крвен притисок, пулс и кислородна сатурација) во групите на испитаници со различен модел на аналгезија покажува дека систолниот крвен притисок следен секој час во 14-те времиња на породување бил статистички незначајно и/или гранично значајно понизок во првото до третото и десетто време на раѓање кај испитаниците кај кои била применета пациент-контролирана епидурална анестезија во однос на оние со континуирана . Незначајно повисок систолен притисок во групата на континуирана во однос на оние со пациент контролирана анлгезија е најдено во шестото и единаесеттото време. И дијастолниот крвен притисок следен во 14 времиња на раѓање бил понизок кај испитаниците кај кои била применета пациент контролирана во однос на оние со континуирана епидурална аналгезија, а разликите се покаживаат статистички значајни во четвртото и петтото време, односно гранично значајни во шестото време. Незначајно повисок дијастолен притисок во групата на континуирана наспроти пациент-контролирана епидурална аналгезија е најден во второто, шестото и единаесеттото време, речиси идентично како и за систолниот притисок. Споредбата на вредностите на пулсот во тек на време (0-14 време на раѓање) меѓу испитаниците поделени според типот на епидурална анестезија покажува дека пациентите со пациент-контролирана во однос на оние со континуирана епидурална анлгезија имаат понизок пулс за целокупното време на раѓање, а со статистичка значајност пулсот е понизок во второто, третото, четвртото, петтото, шестото и седмото време на раѓање. Споредбата на кислородната сатурација меѓу двете групи на испитаници поделени според типот на анестезија покажала речиси идентични вредности во обете групи. Во однос на вредностите на визуелно аналогната скала, средниот степен на болка од нултото време (пред апликацијата на анестетикот) до 14-тото време на раѓање (најдолго породување) кај двете групи на испитаници покажува пониски средни вредности кај испитаниците кои се одлучиле за пациент-контролирана аналгезија. Дадена е детална статистичка анализа на степенот на блокот во сите времиња во двете групи, при што е потврдено дека во нултото време немало значајни разлики меѓу двете групи, но се најдени статистички значајно помали вредности на визуелно аналогната скала во третото, четвртото, петтото и шестото време на раѓање кај испитаниците кои се одлучиле за пациент-контролирана аналгезија. Статистички гранично помали вредности на визуелно аналогната скала се забележуваат во осмото, деветтото и десеттото време на раѓање кај испитаниците кои се одлучиле за пациент-контролирана аналгезија. Во другите времиња не енајдена статистички значајна разлика меѓу двете групите испитаници. Во однос на предизвиканиот степен на моторен блок проценуван според скалата на Bromage (од 1 до 6), споредбата на средните вредности на неговата изразеност во двете групи на испитаници покажува статистички значајно помал моторен блок кај трудниците од

групата со пациент-контролирана анестезија, додека, пак, сензорниот блок изразен со градација 1-5 низ времињата на раѓање покажал значајно повисоки вредности само во четвртото и петтото време на раѓање кај истата група испитаници. Кај испитаниците од оваа група бројот на мануелни болуси бил значително помал, како и количество на локален анестетик. Во однос на акушерските исходи, најдено е дека во оваа група времетраењето на породувањето е значајно подолго отколку кај трудниците со континуирана епидурална анлгезија, мобилноста е поголема, а скорот на сатисфакција е незначајно понизок. Меѓугрупна анализа на неонаталните исходи не покажува статистички значајни разлики. Во однос на нивото на кортизол во крвта на мајката, најдено е значајно пониско во групата на испитаници со пациент контролирана аналгезија. Кај новороденчињата од двете групи не е најдена сигнификантна разлика во однос на нивото на кортизолот. Во однос на несакани збиднувања, тие биле почести во групата со континуирана епидурална анлгезија, но без статистичка значајност.

Во **шестата глава** во обемната **дискусија** кандидатката ги коментира резултатите од сопственото истражување кои се концизно и јасно објаснети. Добиените резултати истовремено ги споредува со веќе објавени резултати во литературата од таа област.

Во **седмата глава**, кандидатката претставува 6 **заклучоци** кои се коректно формулирани и ги потврдуваат појдовните цели на истражувањето. Наведено е дека аналгетскиот ефект од обата модела на епидурално обезболување е речиси идентичен, но сепак пациент-контролираната епидурална аналгезија обезбедува подобра контрола на породилната болка, особено кај породувањата кои траат подолго од три часа. Степенот на моторниот блок е значително понизок кога се користи пониска концентрација на локален анестетик. Мобилноста на трудницата во првото родилно време која има позитивно влијание на крајниот исход е поголема во групата со пациент-контролирана аналгезија. Кај пациент-контролирана епидурална анлгезија помала е потрошувачката на локален анестетик, а помал е и бројот на дополнителни мануелни болуси. Вредностите на серумското ниво на кортизол кај мајката, како индикатор за стрес-одговорот на породилната болка, се пониски во групата со пациент-контролирана епидурална аналгезија, но не се разликуваат кај новороденчињата породени или со континуирана или со пациент-контролирана епидурална аналгезија. Двата модела на аналгезија, континуирана и пациент-контролирана аналгезија, обезбедуваат еднаква сатисфакција од обезболувањето кај мајката.

**Осмата глава** од дисертацијата ја содржи приложената литература, која е обемна, прегледна и коректно цитирана по прифатените стандарди.

### ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидаткатаот д-р Маргарита Ловач-Чепујноска, со наслов „Компаративна студија на континуирана наспроти пациент-контролирана епидурална аналгезија за породување“, претставува истражување во областа на анестезиологијата во акушерството. Изработката на оваа докторска дисертација ќе придонесе за унапредување на научната мисла во областа на анестезиологијата во акушерството и претставува реална база за нејзина клиничка апликативност. Докторската дисертација отвора можности за развивање и на други пациент-контролирани техники не само во акушерската анестезија, туку и во другите области за третман на акутната постоперативна болка преку епидурална или интравенска аналгезија.

Темата за докторската дисертација на кандидатката д-р Маргарита Ловач-Чепујноска, со наслов „Компаративна студија на континуирана наспроти пациент-

контролирана епидурална аналгезија за породување“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. **Lovach-Chepujnoska M**, Nojkov J, Joshevska-Jovanovska S, Domazetov R. Continuous versus Patient-controlled epidural analgesia for labour analgesia and their effects on maternal motor function and ambulation. Prilozi 2014;35(2):75-83.

2. **Lovach-Chepujnoska M**, Nojkov J, Petrovski B, Stefenovski I. Evaluation of the total dose of local anesthetic administered during labour in continuous and patient-controled epidural analgesia. Physioacta 2014;8(2):63-73.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка за темата за докторска дисертација на кандидатката **д-р Маргарита Ловач-Чепујноска**, со наслов **Компаративна студија на континуирана наспроти пациент-контролирана епидурална аналгезија за породување** и да закаже одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА

**1. Проф. д-р Мирјана Шошолчева, претседател с.р.**

**2. Доц. д-р Биљана Кузмановска, член с.р.**

**3. Проф. д-р Марјан Стојовски, член с.р.**

**4. Проф. д-р Јордан Нојков, ментор с.р.**

**5. Проф. д-р Милка Здравковска, член с.р.**

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ

### 1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Бујар Османи | "Клинички и молекуларно-генетски истражувања на колоректалниот карцином" | Clinical and molecular genetic investigations of colorectal cancer | Проф. д-р Славчо Стојменски | 06.04.2016<br>0905 - 1337/20 |
| 2. | Ирена Костовска | "Улога на подоцитните протеини-нефрин и подокаликсин во рана дијагноза на секундарните нефропатии" | The role of podocyte proteins – nephrin and podocalyxin in early detection of secondary nephropathy | Проф. д-р Даница Лабудовиќ | 06.04.2016<br>0905 - 1337/21 |
| 3. | Борислав Кондов | *Влијанието на големина на тумор, присуство на естрогени рецептори, прогестеронски рецептори на туморската клетка, вредности на Ки67 и Хер2 позитивност врз позитивитет на "sentinel"* лимфна жлезда ("жлезда стражар"), кај пациенти со ран малигном на дојка" | The influence of tumor size, presence of estrogen receptors, progesterone receptors on tumor cell, values of Ki67 and HER2 positive on positivity of the "sentinel" lymph node ("sentinel gland") in patients with early breast malignancy | Проф. д-р Звонко Миленковиќ | 06.04.2016<br>0905 - 1337/22 |
| 4. | Билјана Митревска | "Споредба на магнетотерапија наспроти терапија со интерферентни струи кај пациенти со оперативно решена пертрохантерна фрактура на фемурот тип Kyle I, II" | Comparison of magnetic therapy and interferential current therapy in patients with surgically treated pertrochanteric Kyle fracture type I, II | Проф. д-р Анастасика Попоска | 06.04.2016<br>0905 - 1337/23 |
| 5. | Иво Ќаев | "Срцево оштетување кај трудници со прееклампсија/гестациска хипертензија" | Heart damage in pregnancies complicated with praeclampsia/ gestational hypertension | Проф. д-р Силвана Јованова | 06.04.2016<br>0905 - 1337/24 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Драге Дабески | "Асоцијација помеѓу вирусните онкопротеини E6/E7, бактериската вагиноза и сквамозните интраепителни лезии и сквамозниот инвазивен карцином на грлото на матката" | Association between viral oncoproteins E6/E7, bacterial vaginosis and squamous intraepithelial lesions and squamous invasive carcinoma of the uterine cervix | Проф. д-р Драган Даниловски | 06.04.2016 0905 - 1337/25 |
| 7. | Биљана Ивановска-Аџиевска | "Интравитреален анти-ангиоген третман кај макуларен едем заради ретинални венски оклузии" | Intravitreal anti-angiogenic treatment of macular edema in retinal vein occlusions | Проф. д-р Весна Димовска-Јорданова | 06.04.2016 0905 - 1337/26 |
| 8. | Саша Јовановска-Мишевска | "Апликабилност на антимилериановиот хормон како маркер во дијагнозата на полицистичниот оваријален синдром и неговата асоцијација со индексите на инсулинска резистенција" | Applicability of anti-mullerian hormone as a marker in the diagnosis of polycystic ovarian syndrome and its association with the indexes of insulin resistance | Проф. д-р Гордана Пемовска | 06.04.2016 0905 - 1337/27 |
| 9. | Иванка Караѓозова | "Електрокардиографски запис како индикатор на степенот на тренираност кај спортисти во Р. Македонија: Значајноста на електрокардиографскиот скрининг во превенцијата и детекцијата на патолошки промени на срцето кај спортисти" | Electrocardiographic record as an indicator of the level of athletes in R. Macedonia: Significacnce of electrocardiographic screening in the prevention and detection of heart pathological changes in athletes | Проф. д-р Сунчица Петровска | 06.04.2016 0905 - 1337/28 |
| 10. | Зоран Несторовски | "Евалуација на клинички резултати при реконструкција на преден вкрстен лигамент со графт од m. semitendinosus - m. gracilis и графт од m. semitendinosus" | Evaluation of clinical results in ACL reconstruction with m. semitendinosus – m. Gracilis graft and graft from m. semitendinosus | Проф. д-р Бети Зафирова-Ивановска | 06.04.2016 0905 - 1337/29 |
| 11. | Ирина Богданова | "Проценка на поврзаноста помеѓу миопијата и глаукомот" | Assessment of the link between myopia and glaucoma | Проф. д-р Никола Пановски | 06.04.2016 0905 - 1337/30 |
| 12. | Илија Милев | "Предоперативни предиктивни фактори за безбедна лапароскопска апендектомија" | Preoperative predictive factors for safe laparoscopic appendectomy | Проф. д-р Александар Караѓозов | 06.04.2016 0905 - 1337/31 |
| 13. | Ирена Алексиоска-Папестиев | *Одредување на ризик од ендометријален малигнитет кај пациентки со* | Endometrial malignancy risk detection at patients with endometrial lesions: REM-D scoring system based on | Проф. д-р Владо Јаневски | 06.04.2016 0905 - 1337/32 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | *ендометријална лезија: РЕМ-Д скоринг систем базиран на анамнестички,* клинички, ултрасонографски и лабораториски параметри" | clinical, sonographicand laboratoric paramethars | | |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“, објавен во весниците „Дневник“ и „Коха“ од 23.2.2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област меѓународно приватно право, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-300/198, донесена на 25.3.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Поликсена Гавроска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Сашо Георгиевски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и д-р Тони Дескоски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) меѓународно приватно право, во предвидениот рок се пријави д-р Вангел Доковски.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Вангел Доковски е роден на 9.3.1986 година, во Скопје. Средно образование завршил во ДСЕПУ „Васил Антевски Дрен“ во 2004 година. Со високо образование се стекнал на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирал на 6.3.2009 година, со просечен успех 9,38.

Во учебната 2008/2009 се запишал на постдипломските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршил во 2011 година, со просечен успех 9,86. На 5.10.2011 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Избрана меѓународна судска надлежност (*prorogation iurisdictionis*).

Докторска дисертација пријавил во 2011 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дисертацијата на тема: „Автономијата на волја како точка на врзувањето кај вондоговорната одговорност за штета во правото на Република Македонија и во правото на Европската унија“ ја одбранил на 21.12.2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Поликсена Гавроска, проф. д-р Горан Коевски, проф. д-р Тони Дескоски (ментор), проф. д-р Аслан Билали и проф д-р Татјана Зороска Камиловска. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на правни науки.

**Во учебните 2008/09, 2009/10, 2011/12, кандидатот е ангажиран како демонстратор на Катедрата за меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје. Во учебните 2012/13 и 2013/14, кандидатот е ангажиран како соработник на Катедрата за меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје. Во учебната 2014/15, кандидатот бил волонтер на Катедрата за меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје.**

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик. Исто така има познавања од компјутерските техники и интернет-пребарувањата.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатот д-р Вангел Доковски изведувал вежби на првиот и вториот циклус студии по предметите: меѓународно приватно право, меѓународно право, меѓународно арбитражно право, меѓународно приватно право – применета програма, меѓународно приватно право на ЕУ и IP Litigation.

Кандидатот е коавтор со проф д-р Тони Дескоски на рецензирано учебно помагало под наслов: Практикум по меѓународно приватно право, Скопје, 2014 година.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Д-р Вангел Доковски има објавено вкупно 16 научни трудови од областа меѓународно приватно правна, од кои 5 труда во меѓународни научни списанија, 5 труда во меѓународни научни публикации и 6 труда во зборници од научни собири.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Кандидатот д-р Вангел Доковски од 2009 година е асистент-тренер на тимот на Правниот факултет за меѓународно арбитражно право кој учествува на меѓународниот натпревар Willem C. Vis International Commercial Arbitration Moot (под менторство на проф. д-р Тони Дескоски).

Д-р Вангел Доковски остварил стручно усовршување во странство со вкупно 8 студиски престои и тоа:

1. јули 2015, Виена, Австрија - “CEE Vienna International Tax Law Summer School“, Vienna University of Economics and Business;

2. 22.9-5. XI 2014, Торино, Италија - “Europe, migration and inclusive growth: a focus on human capital”,Istituto Universitario di Studi Europei;

3. 29. X -30. XI 2012, Торино, Италија (full scholarship) – “Management whit EU Law and Sustainable Energy“, Collegio Carlo Alberto, Law & Business in Europe, Turin International Post-graduate Program;

4. 5-9. X 2012 – Студиска посета организирана од страна на ГИЗ на пленарна сесија на UNCITRAL Working Group III – Online Dispute Resolution, Vienna, UN Headquarters;

5. 23-30. IX 2012, Дубровник, Хрватска, “Law and Democracy”, Inter University Center of Dubrovnik, An independent international center for advanced studies;

6. 2-20. VII 2012, Париз, Франција, Диплома за успешно положени испити од областа на компаративното граѓанско право, Fondation pour le droit continental, Paris;

7. 25. VII – 12 . VIII 2011, Хаг, Холандија, The Hague Academy of International Law;

8. 4-22. VII 2011, Париз, Франција, Paris International Academy for Arbitration Law.

Д-р Вангел Доковски, исто така, учествувал и на обуката “How to design a simple arbitration course for students and law practitioners?” организирана од страна на Deutsche Gesellschaft fur Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH, во јули 2015 година, во Тирана, Албанија.

Д-р Вангел Доковски учествувал на поголем број домашни и меѓународни научни конференции, од кои за овој избор селектирани се следниве:

1. 23-24. X 2015 - 12th Regional International Scientific Conference on PIL, Zenica, Bosnia and Herzegovina;

2. 8. V 2015 – XI Међународни научни скуп – Услуге и заштита корисника, реферат на тема Заштита потрошача и пророгациони споразум (коавтор со проф. д-р Тони Дескоски), Крагујевац, Србија;

3. 14. XI 2014 – известител за Македонија на регионалната тркалезна маса – "Promoting female law practitioners in Alternative Dispute Resolution", Tirana, Albania;

4. 9. V 2014 – X Међународни научни скуп – Услужни послови, Примене Бечке конвенције о уговорима о међународној продаји робе из 1980 (CISG) на мешовите уговоре (коавтор со проф. д-р Тони Дескоски), Крагујевац, Србија;

5. 11-12. VI 2014 – 11th Regional International Scientific Conference on PIL, Osijek, Croatia;

6. 12-13 IX 2013 5th JPIL Conference – реферат на тема: Choice of court agreements in Macedonian Private International Law and in the Brussels I Regulation (and the influence of the Brussels I Regulation on the legal systems of the third countries) (коавтор со проф. д-р Тони Дескоски), Madrid, Spain;

7. 11-12 III 2013 – пленарно предавање на 3rd Regional Conference of the Civil Law Forum for South East Europe (презентација) Tirana, Albania;

8. 10 VII 2012 – ICC&YAF Conference – Omnipresence of damages in international arbitration, Paris, France

9. 4-6 III 2012 – пленарно предавање на тема: Regional Implementation of the Alternative Dispute Resolution instruments in selected countries of the Balkans, meeting in UNCITRAL, Vienna, Austria;

10. 07 X 2011–ICC Arbitration Conference, Modern Trends in international arbitration, Athens, Greece;

11. 23 IX 2011 - IX Private International Law Conference, Resent Trends in European Private International Law – Challenges for the national legislators of the South East European counties, Skopje, Macedonia.

Д-р Вангел Доковски во 2014, 2015 и 2016 година е секретар на Летната школа од областа на меѓународното приватно право, организирана во соработка помеѓу Franco-German University, Université Paris Ouest-Nanterre-La Défense (France), Universität Münster (Germany) и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Д-р Вангел Доковски во рамките на летните школи во 2014 и 2015 година одржал и пленарни предавања.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Вангел Доковски, во учебните 2012/13, 2013/14, 2014/15 и 2015/16, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Правниот факултет.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-

образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Вангел Доковски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Вангел Доковски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето насловен доцент во научната област меѓународно приватно право.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Вангел Доковски да биде избран во звањето **насловен доцент** во научната област меѓународно приватно право.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**1. Проф. д-р Поликсена Гавроска**

**___________________________ с.р.**

**2. Проф. д-р Сашо Георгиевски**

**___________________________ с.р.**

**3. Проф. д-р Тони Дескоски**

**___________________________ с.р.**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: ВАНГЕЛ СЛАВКО ДОКОВСКИ**

(име, татково име и презиме)

**Институција: ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ - СКОПЈЕ**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста (наставно-образовна):** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава | |
| | ***Од прв циклус студии:***[1]<br><br>***Меѓународно приватно право***<br>Академска 2011/12 година 2*15*0,04=1,20<br>Академска 2012/13 година 2*15*0,04=1,20<br>Академска 2013/14 година 2*15*0,04=1,20<br>Академска 2014/15 година 2*15*0,04=1,20<br><br>Вкупно: 4,80<br><br>***Меѓународно право***<br>Академска 2011/12 година 1,25*15*0,04=0,75;<br>Академска 2012/13 година 1,25*15*0,04=0,75; | 22,98 |

[1]Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за одржување настава од прв циклус студии) поени.

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | Академска 2013/14 година 1,25*0,04=0,75;<br><br>Академска 2014/15 година 1,25*15*0,04=0,75;<br><br>Вкупно: 3,00<br><br>***Од втор циклус студии:***<br><br>***Меѓународно арбитражно право***<br>*Академска 2011/2012 година 2,5*15*0,05=1,875*<br>*Академска 2012/2013 година 2,5*15*0,05=1,875*<br>*Академска 2013/2014 година 2,5*15*0,05=1,875*<br>*Академска 2014/2015 година 2,5*15*0,05=1,875*<br>Вкупно: 7,50<br><br>**Меѓународно приватно право - применета програма:**<br>*Академска 2011/2012 година 1,25*15*0,05=0,9375*<br>*Академска 2012/2013 година 1,25*15*0,05=0,9375*<br>*Академска 2013/2014 година 2,5*15*0,05=1,875*<br>*Академска 2014/2015 година 2,5*15*0,05=1,875*<br>Вкупно: 3,757<br><br>***Меѓународно приватно право на ЕУ:***<br><br>*Академска 2011/2012 година 0,875*15*0,05=0,656*<br>*Академска 2012/2013 година 0,875*15*0,05=0,656*<br>*Академска 2013/2014 година 0,875*15*0,05=0,656*<br>*Академска 2014/2015 година 0,875*15*0,05=0,656*<br>Вкупно: 2,62<br><br>***IP Litigation***<br><br>*Академска 2011/2012 година 0,875*15*0,05=0,656*<br>*Академска 2012/2013 година 1,75*15*0,05=0,656*<br><br>Вкупно: 1,31 | |
| 2. | **Подготовка на нов предмет: [0*1]**<br>/ | / |
| 3. | ***Настава во летни школи и работилници* [2*1]**<br><br>- Предавач на летна школа: Првиот „Itinerant Summer University in the Balkans“, организиран од Правниот факултет „Јустинијан | 2 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | Први„ во Скопје, Université Paris Ouest-Nanterre-La Défense (Франција), и Universität Münster (Германија), под наслов *“The Balkans on the way to Europe”* Скопје, 3-7. IX 2014 година<br>- Предавач на летна школа: Втор „Itinerant Summer University in the Balkans“, организиран од Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Université Paris Ouest-Nanterre-La Défense (Франција), и Universität Münster (Германија), под наслов *“Accession to the European Union and Identity of Balkans”* Скопје, 9-12. IX 2015 година | |
| 4. | **Консултации со студенти:**<br>Академска 2011/2012 година 150*0,002=0,3<br>Академска 2012/2013 година 150*0,002=0,3<br>Академска 2013/2014 година 200*0,002=0,4<br>Академска 2014/2015 година 200*0,002=0,4 | 1,4 |
| 5. | Позитивно рецензиран практикум:<br>- Меѓународно приватно право, Скопје, 2014 година, коавтор со проф. д-р Тони Дескоски | 3,0 |
| 6. | Член на комисии за оцена или одбрана на докторат [*0,5] | / |
| 7. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура [*0,3] | / |
| | **Вкупно** | 29,38 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Менторство на докторски дисертации<br>[*3,0] | / |
| 2. | Ментор на магистерска работа [*1,0] | / |
| 3. | *Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание*<br>1. Dokovski V., „Arbitration, Country report for Macedonia”, Collection of studies and analyses, Third Regional Conference, Tirana, 2013, SEELS, стр. 233-247; [1*4= 4,0]<br>2. Дескоски Т., Доковски В., „Доктрините Forum Shopping и Forum non Conviniens во меѓународното приватно процесно право“, Европско право, бр. 1/2013, стр. 38-36; [0,9*4= 3,6]<br>3. Deskoski T., Dokovski V., „ADR – perspektivat drejt ndermjetesmit ne Maqedoni„, Magjistrati VII, Tirana, 2014, стр. 262-269; [0,9*4= 3,6]<br>4. Deskoski T., Dokovski V., „Prećutna prorogacija međunarodne sudske nadležnosti (*prorogatio tacita*)“, | |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
| --- | --- | --- |
| | Pravni život, бр. 12/2012, стр. 291-302, (SCIndeks, и.ф.: 0,83); [0.9*4 = 3,6]<br>5. Deskoski T., Dokovski V., „Teorijsko-pravni elementi sporazuma o izboru međunarodno nadležnog suda“, Pravni život, бр. 11/2013, стр. 313-326 (SCIndeks, и.ф.: 0,83); [0.9*4 = 3,6]<br>6. Deskoski T., Dokovski V., „Arbitrabilnost sporova u vezi sa klevetom i uvredom u arbitražnom pravu Republike Makedonije“, Pravni život, бр. 11/2014, том III, стр. 349-364, (SCIndeks, и.ф.: 0,83); [0.9*4 = 3,6] | 22,00 |
| 4. | *Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор*<br><br>1. Дескоски Т., Доковски В., „Принципот lis alibi pendens во меѓународното приватно процесно право“, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, во чест на проф. д-р Љиљана Спировиќ Трпеновска, Том 49, 2013 година, стр. 591-605; [0.9*6 = 5,4]<br>2. Гавроска П., Доковски В., „ Колизиони норми за бракот и семејството во правото на Република Македонија“, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, во чест на проф. д-р Љиљана Спировиќ Трпеновска, Том 49, 2013 година, стр. 247-264; [0.9*6 = 5,4]<br>3. Дескоски Т., Доковски В., „Условот за независност и непристрасност на арбитрите во меѓународното арбитражно право“, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, во чест на проф. д-р Кики Мангова Поњавиќ, Том 50, 2014 година, стр. 473-495; [0.9*6 = 5,4]<br>4. Дескоски Т., Доковски В., „Арбитражата како процедурален механизам за правна заштита на странските инвестиции во Република Македонија“, Годишник на Правниот факултет “Јустинијан Први” во Скопје, во чест на проф. д-р Симеон Гелевски, Том 51, 2014 година, стр. 241-271; [0.9*6 = 5,4]<br>5. Дескоски Т., Доковски В., „Признавање и извршување на судски одлуки според Хашката конвенција за договорите за избор на надлежен суд од 2005 година“, Годишник на Правниот факултет “Јустинијан Први” во Скопје, во чест на проф. д-р Лазар Китановски, Том 52, 2015 година, стр. 229-247; [0.9*6 = 5,4] | 27 |
| 5. | *Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор*<br><br>- Deskoski T., Dokovski V., „Latest developments of Macedonian Private International Law”, Зборник на трудови: „Recent trends in European Private International Law – | |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | challenges for the national legislations of the South East European Countries“, Скопје, 2012 стр. 1-23;[0.9*3 = 2,7]<br>- Deskoski T., Dokovski V. „The (Non) Applicability of the 1980 Vienna Convention on contracts for the International Sale of Goods (CISG) to Mixed Contracts“, Зборник на трудови од X-тото Мајско советување „Услужни послови“, одржано на 9.V.2014 година во Крагујевац, Србија, стр. 81-95; [0.9*3 = 2,7]<br>- Дескоски Т., Руменов И., Доковски В., „Признавање и извршување на странски судски одлуки – компаративен преглед на решенијата во Законот за меѓународно приватно право на Република Македонија и во Хашката конвенција за договорите за избор на надлежен суд од 2005“, објавен во Зборникот на трудови „Охридска правна школа“ „ Новите предизвици во уредувањето на правните односи во духхот на Европските вредности“, Juridica, бр. 1/2015, стр. 129-151 [0.9*3 = 2,7]<br>- Deskoski T., Dokovski V. „Protection of consumers in civil litigation“, Зборник на трудови од X-тото Мајско советување „Услужни послови“, одржано на 9.V.2015 година во Крагујевац, Србија, стр. 969-985; [0.9*3 = 2,7]<br>- Deskoski T., Rumenov I., Dokovski V. „The 1996 Hague Convention on the Protection of Chilrden and Republic of Macedonia: Too Little, or too Late”, Зборник на трудови од 5. Загрепско-Скопски колоквиум, 2015 година, Загреб, Хрватска, стр. 63-89. [0.9*3 = 2,7] | 13.5 |
| 6. | *Учество на научен/стручен собир со реферат:*<br><br>- „Latest developments of Macedonian Private International Law”, реферат поднесен на меѓународната конференција „Recent trends in European Private International Law – challenges for the national legislations of the South East European Countries“, Скопје, 22-24. IX 2011, заеднички реферат со м-р Вангел Доковски (усна презентација) [1*1 = 1]<br>- Дваесет и петтата средба на Копаоничката школа за природно право:„Pravo i moral“, Копаоник, Србија, 13-17. XII 2012 година, каде што поднел реферат на тема: „Prećutna prorogacija međunarodne sudske nadležnosti (*prorogatio tacita*)“, заеднички реферат со м-р Вангел Доковски (усна презентација) [1*1 = 1]<br>- „Choice of court agreements in Macedonian Private International Law and in the Brussels I Regulation and the influence of the Brussels I Regulation on the legal systems of the third countries“, реферат поднесен на Петтата конференција на Journal of Private International Law, Мадрид, 12-13. IX 2013 година, заеднички реферат со м-р Вангел Доковски (усна презентација) [1*1 = 1]<br>- „Connecting Factors, Party Autonomy and Renvoi in Family Matters in the Macedonian and in the EU Private International | 6 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | Law“, реферат поднесен на Единаесеттата регионална конференција за меѓународно приватно право под наслов: “Private International Law in the Jurisprudence of European Courts – Family at Focus”, Осијек, 11-12. VI 2014 година, заеднички реферат со м-р Вангел Доковски (усна презентација) [1*1 = 1]<br><br>- „ADR in Republic of Macedonia, реферат поднесен на тркалезна маса под наслов “Promoting female law practitioners in Alternative Dispute Resolution“, Тирана, Албанија, 14.XI 2015 година (усна презентација) [1*1 = 1]<br><br>- „Regional Implementation of the Alternative Dispute Resolution instruments in Macedonia”, реферат поднесен на “Regional Implementation of the Alternative Dispute Resolution instruments in selected countries of the Balkans“, Виена, Австрија, 4-6. III 2012 (усна презентација) [1*1 = 1] | |
| 7. | *Одржано предавање по покана на универзитет:* [0*1] | / |
| 8. | Учесник во меѓународен научен проект: „*Gender oriented implementation of ADR instruments* Western Balkans“ (2013/2014) - во рамките на Програмата за техничка помош на Германската влада (ГИЗ)<br><br>Учесник во меѓународен научен проект: „South East Europe Judicial Cooperation in Civil and Commercial Matters” (2012/2013) – во рамките на Програмата за техничка помош на Германската влада (ГИЗ)<br><br>[2*5 = 10] | 10 |
| | | |
| | **Вкупно** | 78,50 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | |
|---|---|---|
| 1. | **Студиски престои во странство**<br><br>1. Јули 2015, Виена, Австрија - "CEE Vienna International Tax Law Summer School", Vienna University of Economics and Business; [1*0.5 = 0,5]<br><br>2. 22.IX-5.XI.2014, Торино, Италија - "Europe, migration and inclusive growth: a focus on human capital", Istituto Universitario di Studi Europei; [1*0.5 = 0,5]<br><br>3. 29.X.-30.XI.2012, Торино, Италија – "Management whit EU Law and Sustainable Energy", Collegio Carlo Alberto, Law & Business in Europe, Turin International Post-graduate Program; [1*0.5 = 0,5]<br><br>4. 5-9.X.2012 – Студиска посета организирана од страна на ГИЗ на пленарна сесија на UNCITRAL Working Group III – Online Dispute Resolution, Vienna, UN Headquarters; [1*0.5 = 0,5]<br><br>5. 23-30.IX.2012, Дубровник, Хрватска, "Law and Democracy", Inter University Center of Dubrovnik, An independent international center for advanced studies; [1*0.5 = 0,5]<br><br>6. 2-20.VII.2012, Париз, Франција, Диплома за успешно положени испити од областа на компаративното граѓанско право, Fondation pour le droit continental, Paris; [1*0.5 = 0,5]<br><br>7. 25.VII – 12. XIII 2011, Хаг, Холандија, The Hague Academy of International Law; [1*0.5 = 0,5]<br><br>8. 4-22 VII 2011, Париз, Франција, Paris International Academy for Arbitration Law. [1*0.5 = 0,5] | 4 |
| 2. | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир:** IX Private International Law Conference: „Recent trends in European Private International Law – Challenges for the national legislations of the South East European countries", Скопје, 22-24. IX 2011 | 1 |
| 3. | **Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)**<br><br>- Извештај за степенот на усогласеност на националното законодавство на Република Македонија со | 2 |

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | |
|---|---|---|
| | законодавството на Европската унија за правосудната соработка во граѓанскоправната материја во 2013 година. [1*2,0] | |
| | **Вкупно** | 7 |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ОД ПОЧЕТОКОТ НА КАРИЕРАТА** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 29,38 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 78,50 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 7 |
| **Вкупно** | 114,88 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Поликсена Гавроска, претседател с.р.

2. Проф. д-р Сашо Георгиевски, член с.р.

3. Проф. д-р Тони Дескоски, член с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРАВОТО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ И ЈУРИСПРУДЕНЦИЈАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА“ ОД М-Р ЈЕЛЕНА РИСТИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 25.3.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Јелена Ристиќ со наслов „Правото на интелектуална сопственост и јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права“, во состав: проф. д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски (претседател), проф. д-р Татјана Петрушевска (ментор), проф. д-р Владо Бучковски (член), проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска (член) и проф. д-р Валентин Пепељугоски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ му го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Јелена Ристиќ, со наслов „Правото на интелектуална сопственост и јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права“, содржи 323 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 lines проред и големина на букви 12, 165 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси, како и 145 судски одлуки. Притоа, во поглед на користената литература се користи харвардскиот стил на цитирање.

Трудот е структуриран во VIII поглавја, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето.

Кандидатката укажува дека системот на заштита на интелектуалната сопственост во Европа доживеа значаен развој во последните неколку декади, при што правото за човекови права сѐ поинтензивно влијае на правецот на таквиот развој и обликувањето на овој регионален режим на интелектуална сопственост. Сепак, тој се развивал релативно изолиран од влијанието на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), како меѓународен суд од којшто денес во

најголема мера произлегува силата на заштитата на човековите права и слободи во Европа.

На прв поглед не изгледа дека може да постои поврзаност меѓу интелектуалната сопственост и ЕСЧП, како меѓународен суд чија главна задача е да ги штити индивидуите од злоупотреби на човековите права и слободи, загарантирани со Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП). Уште повеќе, ЕКЧП не содржи одредба која директно упатува на заштита на правото на интелектуална сопственост. Сепак, поврзаноста меѓу интелектуалната сопственост и ЕСЧП се должи, пред сè, на правото на сопственост, предвидено во член 1 на Протокол 1 кон ЕКЧП.

Имено, ЕСЧП овозможил заштита на правото на интелектуална сопственост токму преку толкување на правото на сопственост во своите пресуди и одлуки, во врска со барања за заштита на интелектуалната сопственост. Во оваа смисла, иако ЕКЧП не содржи одредба која директно упатува на заштита на правото на интелектуална сопственост, таа содржи неколку одредби кои би можеле да се искористат за обезбедување на ваква заштита, како и за проширување на опсегот на заштита на правото на интелектуална сопственост.

Сè до почетокот на 90-тите години до ЕСЧП воопшто не биле поднесувани тужби за заштита на правото на интелектуална сопственост. Ова се должело, меѓу другото, на тоа што правото на сопственост, загарантирано со член 1 на Протокол 1, долго било сметано за едно од најконтроверзните и најслабите права во системот на ЕКЧП, дозволувајќи им на националните власти да имаат широка дискреција при усвојување на регулатива во насока на ограничување на приватната сопственост во јавен интерес. Кога конечно се започнало со поднесување на тужби од ваков тип, ЕСЧП и Европската комисија за човекови права применувале тесно толкување на член 1 на Протокол 1 и по кратка постапка ги отфрлале барањата за заштита на интелектуалната сопственост.

Оваа воздржаност на ЕСЧП денес повеќе не е случај. Имено, Европската комисија за човекови права во 90-тите години донела неколку значајни одлуки, во кои се констатира дека патентите и авторските права се заштитени со правото на сопственост, загарантирано со член 1 на Протокол 1 (*Lenzing AG v. United Kingdom; Aral v. Turkey*; *Smith Kline & French Lab. Ltd. v. Netherlands*). Сепак, Судот директно го решил прашањето за заштита на интелектуалната сопственост пред ЕСЧП дури во 2005 година, кога донел неколку значајни пресуди, каде што јасно се констатирало дека интелектуалната сопственост, како таква, неспорно ја ужива заштитата на член 1 на Протокол 1 кон ЕКЧП (*Dima v. Romania; Melnychuk v. Ukraine; Anheuser-Busch Inc. v. Portugal*).

Покрај правото на сопственост, постојат уште две други одредби во рамки на ЕКЧП, коишто се помалку директно поврзани со правата на сопственост, но чиешто толкување може да има значајно влијание врз заштитата на правата од интелектуална сопственост и примената на член 1 на Протоколот 1 на случаите во коишто се одлучува за овие права. Тие две одредби се правото на почитување на приватниот и семејниот живот, содржано во член 8 од ЕКЧП, и слободата на изразување, загарантирана со член 10 од ЕКЧП.

Иако на прв поглед не изгледа дека овие одредби на ЕКЧП имаат директна врска со интелектуалната сопственост, начинот на кој правото на почитување на приватниот и семејниот живот и слободата на изразување се толкуваат од страна на ЕСЧП, укажува дека овие одредби можат да влијаат на проширување на правата од интелектуална сопственост и да претставуваат и извор на права од интелектуална сопственост. Впрочем, тоа го потврдува и практиката на ЕСЧП (*Von Hannover v. Germany*, *Ashby Donald and Others v. France*, *Fredrik Neij and Peter Sunde Kolmisoppi (The Pirate Bay) v. Sweden*).

Во овој контекст, анализата на јуриспруденцијата на ЕСЧП укажува дека, во принцип, можни се две сценарија во однос на случаите пред ЕСЧП, кои се поврзани со заштита на правата од интелектуална сопственост. Првото сценарио се однесува на случаите во кои Судот го применува правото на сопственост од член 1 на Протокол 1, со цел да ги заштити правата од интелектуална сопственост од разни национални мерки коишто ги оспоруваат или ограничуваат овие права. Второто сценарио ги опфаќа случаите во кои Судот ги испитува наводите дека националната заштита на интелектуалната сопственост или мерките за спроведување во таа смисла, поткрепени од правото на сопственост, ги прекршуваат другите човекови права, како што се правото на почитување на приватниот и семејниот живот и слободата на изразување.

Сè поинтензивниот развој на системот на заштита на интелектуалната сопственост, како и експанзијата на тужби за заштита на правото на интелектуална сопственост како човеково право, или заштита на други човекови права чијашто повреда произлегува токму од заштитатата на интелектуалната сопственост, и тоа не само во Европа, туку и во САД, како и во рамки на бројни меѓународни институции, отвора многу сложени прашања во врска со меѓусебниот однос на двата правни режима.

Така, од една страна, се поставува прашањето дали човековите права треба да служат како коректив кога правото на интелектуална сопственост се користи прекумерно или спротивно на неговите функции, особено имајќи предвид дека експанзијата на стандардите за заштита на интелектуалната сопственост поттикнува бројни конфликти со одредени човекови права, како на пример, правото на живот, здравје, приватност, слобода на изразување и уживање на придобивките од научниот развој. Од друга страна, основните човекови права, вклучувајќи го и правото на сопственост, сè повеќе се користат како оправдување за заштита на интелектуалната сопственост.

Имајќи ги предвид сите овие прашања и дилеми во врска со оправданоста на ограничувањето или проширувањето на правото на интелектуална сопственост во однос на основните човекови права, особено е важно да се даде одговор на прашањето каква треба да биде улогата на ЕСЧП при одлучување во случаи кои вклучуваат заштита на права од интелектуалната сопственост и при формирање на политиката на иновации и креативност во Европа.

**Првото поглавје** од овој труд носи наслов „Право на интелектуална сопственост". Во него се лоцираат поимот на право на

интелектуална сопственост и видовите на права од интелектуална сопственост, по што се дава осврт на историскиот развој на правото на интелектуална сопственост, како релативно нова правна дисциплина, како и осврт на правната природа на правата од интелектуална сопственост и разграничувањето на правото на интелектуална сопственост од правото на сопственост.

**Второто поглавје** е насловено „Човекови права и интелектуална сопственост". Во рамки на ова поглавје се врши анализа на односот меѓу човековите права и интелектуалната сопственост. Притоа, се објаснува процесот на поставување на интелектуалната сопственост на агендата на човековите права и се образложуваат аргументите во однос на прашањето дали интелектуалната сопственост може да се класифицира во групата на човекови права.

**Третото поглавје** е со наслов „Правото на интелектуална сопственост во меѓународните инструменти за човекови права". Ова поглавје содржи преглед на заштитата на правото на интелектуална сопственост во рамки на меѓународните инструменти за човекови права, при што се врши анализа на третманот и обемот на заштита на ова право во Универзалната декларација за човекови права и Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права.

**Четвртото поглавје** носи наслов „Правото на интелектуална сопственост во европските инструменти за човекови права". Во ова поглавје се врши преглед на заштитата на правото на интелектуална сопственост во рамки на европските инструменти за човекови права. Во оваа смисла се анализираат Европската конвенција за човекови права и Повелбата за темелни права на Европската унија.

**Петтото поглавје** е насловено „Европската конвенција за човекови права и релевантни одредби за правото на интелектуална сопственост". Во ова поглавје се обработува Европската конвенција за човекови права, со посебен осврт на толкувањето и примената на Конвенцијата. Во ова поглавје се анализираат и релевантните одредби за правото на интелектуална сопственост коишто таа ги содржи.

**Шестото поглавје** носи наслов „Функционирање на Европскиот суд за човекови права". Во него се дава објаснување за начинот на функционирање на Европскиот суд за човекови права. Во оваа смисла, се објаснува составот, надлежноста и постапката пред Судот.

Централниот дел на предметот на истражување е концентриран во **седмото поглавје**, кое носи наслов „Правото на интелектуална сопственост во јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права". Во ова поглавје се врши детална анализа на јуриспруденцијата на ЕСЧП, која го третира правото на интелектуална сопственост. Следејќи го развојот на јуриспруденцијата која се однесува на заштита на интелектуалната сопственост, најпрво се анализираат случаите во кои ЕСЧП го применува правото на сопственост од член 1 на Протокол 1, со цел да ги заштити правата од интелектуална сопственост од разни национални мерки кои наводно ги оспоруваат или ограничуваат нив. Потоа, се анализираат случаите во кои Судот ги испитува наводите според кои националната заштита на интелектуалната сопственост или мерките

за спроведување во таа смисла, поткрепени со правото на сопственост, повредуваат други човекови права, како што се, правото на почитување на приватниот и семејниот живот од член 8 и слободата на изразување од 10 од ЕКЧП. Преку оваа анализа се лоцираат и можните развојни тенденции во однос на заштитата на интелектуалната сопственост која ја обезбедува Судот.

**Осмото поглавје** е насловено „Пристап на Европскиот суд за човекови права кон заштитата на правото на интелектуална сопственост“. Во ова поглавје, врз основа на извршената анализа на јуриспруденцијата на ЕСЧП во однос на заштитата на правото на интелектуална сопственост која ја овозможува Судот, се дефинираат и се образложуваат три основни модели на пристап на ЕСЧП кон заштитата на правото на интелектуална сопственост.

Во **заклучните согледувања** на овој труд се сумираат резултатите од извршената анализа на јуриспруденцијата на ЕСЧП во однос на правото на интелектуална сопственост, при што се дава одговор на прашањето каква треба да биде улогата на Судот при одлучување во случаи кои се поврзани со заштита на права од интелектуална сопственост. Исто така, се обрнува внимание и на последиците од можните развојни тенденции на јуриспруденцијата на ЕСЧП во однос на правото на интелектуална сопственост.

### Предмет на истражување

Предмет на истражување на оваа докторска дисертација е анализа на развојот и третманот на интелектуалната сопственост во јуриспруденцијата на ЕСЧП, како од аспект на нејзина заштита како основно право, така и во соодност со други основни права, со цел да се утврди улогата на ЕСЧП при одлучувањето во случаи во врска со права од интелектуална сопственост. Притоа, се лоцираат и развојните тенденции на заштитата на интелектуалната сопственост која ја овозможува Судот, како и нивните потенцијални последици.

### Податоци за состојбата на подрајчето во кое е работена дисертацијата

Развојот и третманот на правото на интелектуалната сопственост во рамки на јуриспруденцијата на ЕСЧП не биле предмет на опсежно и детално проучување и анализирање. Имено, постои недостаток на сеопфатни, сублимирани и систематизирани сознанија во однос на темата која се обработува, кои се клучни за да се добијат понатамошни сознанија за пристапот и улогата на ЕСЧП при одлучување во случаи за заштита на правото на интелектуална сопственост, како и за евентуалните развојни тенденции и можните последици.

### Краток опис на применетите методи

Доминантните методи на истражување кои се користат при елаборирање на предметот на истражување и изработка на овој труд се

*методите на анализа и синтеза*. Овој пристап е наложен, пред сè, имајќи го предвид главниот фокус на предметот на истражување, кој се однесува на проучување на третманот и обемот на заштита на правото на интелектуална сопственост во рамките на јуриспруденцијата на ЕСЧП. Така, со цел да се добијат сознанија за лоцираниот предмет на истражување, фокусот ќе биде концентриран на анализа на пресуди и одлуки на ЕСЧП, каде што Судот одлучил во спор во врска со правата од интелектуална сопственост. Овие методи ќе придонесат да се добие јасна слика за третманот на правото на интелектуална сопственост, како и идните можни тенденции во развојот на јуриспруденцијата на ЕСЧП, којашто го третира правото на интелектуална сопственост, а со тоа и за пристапот и улогата на ЕСЧП при одлучување во случаи кои го засегаат правото на интелектуална сопственост. Во контекст на овие методи, се користат и *методите на генерализација и специјализација*.

Покрај доминантната употреба на аналитичко-синтетичкиот метод, при истражувањето што се врши во рамки на овој труд се користат и други методи. Оттука, со цел да се осознае настанокот и развојот на правната заштита на интелектуалната сопственост и нејзините специфики и општи обележја, како и процесот на поставување на интелектуалната сопственост на агендата на човековите права и развојот на заштитата на правото на интелектуална сопственост во рамки на јуриспруденцијата на ЕСЧП, се користи *историскиот метод*. Понатаму, *методот на дескрипција* се користи, пред сè, за едноставно опишување на анализите коишто се предмет на истражувањето на овој труд, со цел да се добие јасна слика за истите, додека *методот на класификација* се користи за систематска поделба на определени поими, појави и заклучоци, со цел истите да бидат поразбирливи и попрегледни. *Методите на индукција и дедукција* се применуваат при донесување на заклучоци и констатации за научните можности кои би ги понудил овој труд, а коишто би инспирирале понатамошна дебата.

## Краток опис на резултатите од истражувањето

Од анализата на јуриспруденцијата на ЕСЧП, во однос на заштитата на интелектуалната сопственост, произлегува дека случаите кои вклучуваат заштита на права од интелектуална сопственост може да се поделат во три групи, во зависност од пристапот на Судот при одлучувањето во овие случаи. Уште повеќе, врз основа на извршената анализа на овие три групи на случаи, може да се заклучи дека Судот развил три основни модели на пристап при одлучувањето во случаи кои се поврзани со заштита на права од интелектуална сопственост. Овие основни модели на пристап на ЕСЧП се следните: модел на заштита на принцип на владеење на право, модел на имплементација на позитивни обврски и модел на воспоставување на принцип на правичен баланс.

Секој од овие модели на пристап има свои позитивни и негативни карактеристики. Имајќи ги предвид овие карактеристики, може да се тврди дека првиот модел на пристап, кој го таргетира арбитрарното однесување на националните власти, со цел, пред сè, да се заштити принципот на владеење на правото, претставува најсоодветен модел на

пристап и најсилно оправдување за ЕСЧП да одлучува во случаи во врска со заштита на права од интелектуална сопственост.

Имено, овој минималистички пристап е во согласност со основните вредности на Европската конвенција за човекови права, кои промовираат предвидливост, сигурност и почитување на владеењето на правото, при што не се ограничува прекумерно дискрецијата на националните власти да ги прилагодат домашните правила за интелектуална сопственост на локалните околности.

Сепак, треба да се има предвид дека дел од јуриспруденцијата на ЕСЧП покажува тенденција кон значителна заштита на правата од интелектуална сопственост која произлегува од ЕКЧП, во насока на создавање и проширување на правата од интелектуална сопственост, кое би можело да има сериозни последици во однос на реализацијата на човековите права. Во оваа смисла би било разумно да се изврши детална анализа на нејзиниот вистински ефект врз реализацијата на човековите права, пред да се дозволи да земе замав.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Јелена Ристиќ, со наслов „Правото на интелектуална сопственост и јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права", претставува истражување во областа на правото, и тоа меѓународното право.

Целта која се очекува да се постигне со изработката на овој труд произлегува, пред сè, од предметот на истражување и од поставениот истражувачки проблем. Имено, систематизацијата на сознанијата во однос на заштитата на правото на интелектуална сопственост од страна на ЕСЧП, до кои се доаѓа со анализа на јуриспруденцијата на ЕСЧП што ги засега правата од интелектуална сопственост, како и со преглед на соодветна литература, ќе овозможи да се добие детална слика за предметот на истражување.

Имајќи ја предвид целта на истражувањето, посебно внимание се посветува на сумирање на резултатите од извршената анализа на јуриспруденцијата на ЕСЧП којашто го третира правото на интелектуална сопстврност, со цел да се одредат и анализираат можните тенденции на развојот на истата и да се дефинира улогата и пристапот на ЕСЧП при одлучувањето во случаи за заштита на интелектуалната сопственост, односно при формирање на политиката на иновации и креативност во Европа.

Во оваа смисла, очекувањата во врска со придонесот кој ќе го има овој труд се неколкукратни. Прво, добивање на сеопфатни, сублимирани и систематизирани сознанија за третманот и развојот на заштитата на правото на интелектуална сопственост во рамки на јуриспруденцијата на ЕСЧП; второ, добивање на сознанија за пристапот и улогата на ЕСЧП при одлучување во случаи за заштита на правото на интелектуална сопственост, како и при формирање на политиката на иновации и креативност во Европа и трето, лоцирање на тенденциите во развојот на јуриспруденцијата на ЕСЧП којашто го третира правото на интелектуална

сопственост, преку определување на детерминантите кои влијааат врз правецот на развиток, како и можните последици од нив.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Јелена Ристиќ, со наслов „Правото на интелектуална сопственост и јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор), следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Ristik, Jelena, ***The Future of the Nation-State in the Era of Globalization****, in* Proceedings from the International Scientific Conference IDENTITY IN THE ERA OF GLOBALIZATION AND EUROPENIZATION 3-4 November 2011, Skopje, Republic of Macedonia, Ss. Cyril and Methodius University-Skopje, Institute for sociological, political and juridical research and Institute of sociology, Faculty of Philosophy, 2012

[2.] Ристиќ, Јелена, ***Заштита на правото на интелектуална сопственост пред Европскиот суд за човекови права****, во* Зборник на трудови од Прва меѓународна научна конференција ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ, 11-13 септември 2014, Штип, Република Македонија, Универзитет "Гоце Делчев" - Штип, Правен факултет, Центар за правно-политички истражувања, Вол. 1, Право, 2014

[3.] Ристиќ, Јелена, ***Третман на интелектуалната сопственост во меѓународните и европските инструменти за човекови права,*** *во* Зборник на трудови од Втора меѓународна научна конференција ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ, 4-5 септември 2015, Штип, Република Македонија, Универзитет "Гоце Делчев" - Штип, Правен факултет, Центар за правно-политички истражувања, Штип, Република Македонија; Државен универзитет во Воронеж, Правен факултет, Воронеж, Русија; Универзитет во Лиеж, Факултет за право, политички науки и криминологија, Лиеж, Белгија, Вол.1, Право, 2015

[4.] Ristik, Jelena, ***Right to Property: from Magna Carta to the European Convention on Human Rights****, in* International Journal SEEU Review, Special Edition, Magna Carta 800$^{th}$, Volume 11, Issue 1, 2015 (presented at the International Scientific Conference "To no one will we sell, to no one deny or delay right or justice" - the legacy of Magna Carta 2015 for the Western Balkans 17 June 2015, Tetovo, Republic of Macedonia, South East European University, Faculty of Law; Max Van Der Stoel Research Institute; British Embassy in RM, French Embassy in RM, USA Embassy in RM and Ministry of Justice of RM)

[5.] Ristik, Jelena, ***Models of Approach of the European Court of Human Rights to the Intellectual Property Protection Disputes****, forthcoming in* Proceedings from the International Scientific Conference CHALLENGES OF CONTEMPORARY SOCIETY, 12 November 2015, Skopje, Republic of Macedonia, Ss.

Cyril and Methodius University-Skopje, Institute for sociological, political and juridical research, 2016

### Заклучок и предлог

Докторскиот труд „Правото на интелектуална сопственост и јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови" од кандидатката м-р Јелена Ристиќ обработува доста интересна и значајна тема, како во насока на прикажување на третманот и развојот на правото на интелектуална сопственост во јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права, при што се лоцираат потенцијалните развојни тенденции на заштитата на интелектуалната сопственост која ја овозможува ЕСЧП, како и нивните потенцијални последици, така и во насока на давање одговор на прашањето каква треба да биде улогата на ЕСЧП при одлучување во случаи кои вклучуваат заштита на права од интелектуалната сопственост и при формирање на политиката на иновации и креативност во Европа.

При обработка на темата, кандидатката користи богата литература, покажувајќи способност за систематско и аналитичко користење на стручна литература, додека поставената теоретска рамка ги следи современите европски тенденции. Притоа, се применува богат методолошки инструментариум, кој обезбедува релевантност и издржаност на сознанијата презентирани во трудот.

Во рамките на материјата која се обработува е опфатена богата содржина, при што таа е изложена на јасен, темелен и сеопфатен начин, додека целиот труд претставува логично систематизирана целина. Кандидатката пристапува продлабочено и критички кон анализата на комплексното и сеопфатно прашање кое е предмет на истражувањето, покажувајќи способност да ги селектира и објективно да им пристапи на значајните проблеми од практиката, користејќи мноштво на емпириски податоци. За отворените прашања од практиката кандидатката изразува сопствен и јасен критички став конзистентно со поставената теоретска рамка.

Трудот претставува самостоен стручен труд, во кој кандидатката дава сопствен придонес за натамошното развивање на материјата која е предмет на обработка на трудот. Истовремено, трудот претставува основа за натамошни истражувања во рамки на оваа област, што ја демонстрира неговата научна валидност и вредност.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Јелена Ристиќ**, со наслов **„Правото на интелектуална сопственост и јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права"**.

К О М И С И Ј А

1. Проф. д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски (претседател) с.р.

2. Проф. д-р Татјана Петрушевска (ментор) с.р.

3. Проф. д-р Владо Бучковски (член) с.р.

4. Проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска (член) с.р.

5. Проф. д-р Валентин Пепељугоски (член) с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

25.3.2016

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** | **Одлука број** | **Датум** |
|---|---|---|---|---|
| Оливера Арсовска | „Корпоративните обврзници како инструмент за финансирање на корпорациите (Corporate Bonds as Corporate Financing Instruments)“ | **проф.д-р Горан Коевски** | **02-300/209** | **25-03-2016** |
| Емилија Крстевска | „Статусни белези на авиопревозниците во услугите на јавен воздушен превоз (The Legal status of airlines engaged in commercial air transport)“ | **проф.д-р Горан Коевски** | **02-300/207** | **25-03-2016** |
| Катерина Јакимовска | „Специфики на процедурите на преземање на акционерските друштва во англоамериканското и континенталното право (The Specifics of Take-Over Procedures of Joint-Stock Companies in Anglo-American and Continental Law)“ | **проф.д-р Александар Климовски** | **02-300/206** | **25-03-2016** |
| Андреј Димовски | „Спецификите на претседателските избори во Соединетите американски држави (The Specifics of the Presidential Elections in USA)“ | **проф.д-р Тања Каракамишева-Јовановска** | **02-300/208** | **25-03-2016** |
| Тони Апостоловски | „Реформа на законодавството за заштита на правата од интелектуална сопственост пред царинските органи (Reform of the legislation on protection of intellectual | **доц. д-р Ненад Гавриловиќ** | **02-300/204** | **25-03-2016** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | property rights before the customs authorities)“ | | | |
| Билјана Момировска | „Значењето на трговските марки во банкарскиот систем на Република Македонија (The importance of trademarks in the banking system of the Republic of Macedonia)“ | **проф. д-р Гоце Наумовски** | **02-300/205** | **25-03-2016** |
| Симона Вангеловска | „Споредба на случаите на симулирани трговски марки во ЕУ и Кина (Comparison of „Ghost trademarks“ Cases in the EU and China)“ | **проф. д-р Гоце Наумовски** | **02-300/225** | **25-03-2016** |
| Бљерта Камбери – Таипи | **„Уставно - правниот статус на малцинските заедници во Република Македонија (**Constitutional Status of Minority Groups in Republic of Macedonia**)“** | **проф.д-р Тања Каракамишева-Јовановска/** **(промена на ментор)** | **02-300/224** | |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје Н.Н.С од**

**25-03-2016**

| Кандидат | Тема | Ментор | Датум | Одлука број |
|---|---|---|---|---|
| Рената Станчева | Поим, видови и заштита на осигурениците со животно осигурување“ (Legal Notion, Types and Insured Protection in Life Insurance) | доц. д-р Биљана Петревска | 25.03.2016 година | 02-300/66 |
| Фросина Гогоска | Ризици во банкарското работење со посебен осврт на кредитниот ризик“ (Banking Risks with Emphasisis on the Credit Risk) | доц. д-р Јован Зафироски | 25.03.2016 година | 02-300/65 |
| Златко Делев | Фази во создавањето на Европската економска и монетарна унија“ (Stages in the Establishment of the European Economic and Monetary Union) | доц. д-р Јован Зафироски | 25.03.2016 година | 02-300/64 |
| Сања Ристовска | Перењето пари и ризиците во банкарското работење“ ( Money Laundering and Banking Risks) | проф. д-р Александар Стојков | 25.03.2016 година | 02-300/63 |
| Марија Каранфилова | Финансиски и казнено-правни аспекти на перењето пари“ (Financial and Criminal Aspects of Money Laundering) | проф. д-р Александар Стојков | 25.03.2016 година | 02-300/62 |
| Цветанка Дамјанова | Финансиски и кривично-правни аспекти на даночното затаување“ (Financial and Criminal Aspects of Tax Evasion) | проф. д-р Александар Стојков | 25.03.2016 година | 02-300/61 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Маја Малеска | Компаративна анализа на правната рамка за управување со авниот долг во угоисточна Европа"(Legal Framework for the Public Debt Manegement. A Comparative Analyses) | проф. д-р Александар Стојков | 25.03.2016 година | 02-300/60 |
| Кристиан Јовановски | Управување со човечки ресурси во банкарскиот сектор"(Human Rescourses Menagement in the Banking Sector) | проф. д-р Александар Стојков | 25.03.2016 година | 02-300/59 |
| Душица Костоска | Правна рамка на упрвувањето со ликвидносниот и кредитниот ризик во банкарскиот сектор" (Legal framework of the Liquidity and Credit Risk Management in the Banking Sector) | проф. д-р Александар Стојков | 25.03.2016 година | 02-300/58 |
| Валентина Трајкова | Системот на Данокот на додадена вредност во Република Македониа vs. системот на Данокот на додадена вредност во Европската унија" (The System of the Value Added Tax in the Republic of Macedonia vs. The System of the Value Added Tax in the European Union) | проф. д-р Александра Максимовска | 25.03.2016 година | 02-300/57 |
| Борис Герасовски | Правна рамка за финансиската контрола во Република Македонија и компаративното право (Legal Framework of the Financial Control in Republic of Macedonia and Comparative Legislation)" | проф. д-р Александра Максимовска | 25.03.2016 година | 02-300/56 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Елена Стојановска | Присилна наплата на локални даноци во домашното и компаративното законодавство" (Enforced Payment of the Local Taxes in Domestic and Comparative Legislation) | проф. д-р Александра Максимовска | 25.03.2016 година | 02-300/55 |
| Александра Зафировска | Економско-финансиски импликации од неовластеното користење на електрична енергија" (Economic and Financial Implications of Illegal Use of Electricity) | проф. д-р Димитар Гелев | 25.03.2016 година | 02-300/54 |
| Емир Ќамили | Правно уредување на животното осигурување" (Legal Regulation of Life Insurance) | проф. д-р Ванчо Узунов | 25.03.2016 година | 02-300/53 |
| Мила Матевска | Мерки на даночната политика во насока на заштита на животната средина со посебен осврт на еколошките даноци и енергетското оданочување" (Tax Policy Measures for Envrironmental Protection) | проф. д-р Весна Пендовска | 25.03.2016 година | 02-300/52 |
| Ана Атанасовска | Принцип на забрана за дискриминација во даночното право на Европската унија и меѓународното даночно право" (The Non Discrimination Principle in the EU law and International Tax Law) | проф. д-р Весна Пендовска | 25.03.2016 година | 02-300/51 |
| Теодора Павловска | Појава и развој на данокот на капитални добивки во Република Македонија" (The Notion and Development of the Tax on Capital Gains in the Republic of Macedonia) | проф. д-р Весна Пендовска | 25.03.2016 година | 02-300/50 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Накова Христина** | **Фискален третман на приходите од плати и надоместоци во даночното право на Република Македонија“ (Fiscal Treatment of Income From Wages in the Tax Law of the Republic of Macedonia)** | **проф. д-р Весна Пендовска** | **25.03.2016 година** | **02-300/49** |
| **Никола Тасески** | **Договорот за доживотна издршка и договорот за дар vis-à-vis нужното наследување (The Care Agreement and the Gift Agreement vis-à-vis Compulsory Heirship)** | **доц. д-р Елена Игновска** | **25.03.2016 година** | **02-300/34** |
| **Александар Милошевски** | **Издршката како право и должност на членовите на семејството и на другите роднини (Maintenance as a Right and Duty of Family Members and Other Relatives)** | **проф. д-р Дејан Мицковиќ** | **25.03.2016 година** | **02-300/33** |
| **Владимир Чавдаровски** | **Обврска на одговорната страна за надоместување штета настаната како последица од неисполнување на преддоговоор во домашното и споредбеното право (Obligation of the Liable Party for Compensation of Damage Emerged as a Consequence of Non-performance of a Preliminary Agreement in Domestic and Comparative law)** | **проф. д-р Јадранка Дабовиќ - Анастасовска** | **25.03.2016 година** | **02-300/32** |
| **Билјана Стојаноска** | **Примена на членот 7 од Конвенцијата за правата на детето во делот на регистрирање на новороденчињата во Република Мкаедонија (The** | **доц. д-р Елена Игновска** | **25.03.2016 година** | **02-300/31** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Application of Article 7 of the Convention on the Rights of the Child regarding the Birth Registration in the Republic of Macedonia) | | | |
| Даријан Сотировски | Наталната политика и демографскиот развој во Република Македонија (Population Policy and Demographic Development in the Republic of Macedonia.) | доц. д-р Елена Игновска | 25.03.2016 година | 02-300/30 |
| Маријана Несторова | Алтернативниот имотен режим во сферата на брачниот живот (Alternative Matrimonial Property Regime) | доц. д-р Елена Игновска | 25.03.2016 година | 02-300/29 |
| Андреј Парталоски | Меѓународните посвојувања во Република Македонија и во споредбеното право (International Adoptions in the Republic of Macedonia and Comparatively) | доц. д-р Елена Игновска | 25.03.2016 година | 02-300/28 |
| Атанас Чавдаров | Ограничениот пристап до судски постапки и оспорување на татковството (Restricted Access to Paternity Disputes) | доц. д-р Елена Игновска | 25.03.2016 година | 02-300/27 |
| Александар Петковски | Преиспитување на концептот на нужно наследување преку договори склучени за време на живот (Reviewing the Concept of Compulsory (Forced) Heirship through Contracts concluded Inter Vivos) | доц. д-р Елена Игновска | 25.03.2016 година | 02-300/26 |
| Лира Смиљаноска | Улогата на нотарот во наследноправните договори | доц. д-р Ангел Ристов | 25.03.2016 година | 02-300/25 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | (The Role of the Notary Public in the Inheritance Law Relations) | | | |
| Катина Ѓошевска | Вонбрачна заедница - алтернатива на бракот или чекор пред негово склучување (Non Marital Union: Alternative of Marriage or Step Before Marriage) | доц. д-р Ангел Ристов | 25.03.2016 година | 02-300/24 |
| Мила Будиноска | Прекумерното оштетување во домашното и во меѓународното договорно право (Gross Disparity in Domestic and International Contract law) | доц. д-р Ненад Гавриловиќ | 25.03.2016 година | 02-300/23 |
| Роберт Стефановски | Правото на должникот на поправање во домашното, меѓународното и споредбеното договорно право (Debtor's Right of Cure in Domestic, International and Comparative contract law) | доц. д-р Ненад Гавриловиќ | 25.03.2016 година | 02-300/22 |
| Викторија Митевска | Одземање и ограничување на правото на сопственост заради остварување на јавниот интерес во Република Македонија и во споредбеното право (Seizure or Limitation of the Right of Ownership in Public Interest in the Republic of Macedonia and Comparative Law) | проф. д-р Тина Пржеска | 25.03.2016 година | 02-300/21 |
| Ивана Митровска | Стекнување право на сопственост врз основа на правно дело во Република Македонија и во споредбеното право (Acquiring Ownership on Bases of Legal Act in the Republic | проф. д-р Тина Пржеска | 25.03.2016 година | 02-300/20 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | of Macedonia and Comparative Law) | | | |
| Љупка Петревска | Приватизацијата на градежното земјиште во државна сопственост согласно Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост (Privatization of Construction Grounds Owned by the State according to the Law of Privatization and Lease of Construction Grounds Owned by the State) | проф. д-р Тина Пржеска | 25.03.2016 година | 02-300/19 |
| Цветанка Душкова | Државната сопственост во правниот систем на Република Македонија и во споредбеното право (The Ownership of the State in the Legal System of Republic of Macedonia and Comparative Law) | проф. д-р Тина Пржеска | 25.03.2016 година | 02-300/18 |
| Слаѓана Миленковиќ | Правниот режим на лековите како ствари во ограничен промет (The Legal Regime of Prescription Drugs as Things in Limited Circulation | проф. д-р Тина Пржеска | 25.03.2016 година | 02-300/17 |
| Александар Попов | Заштита на субјективните стварни права во правниот систем на Република Македонија и во споредбеното право (Protection of Real Rights in the Legal System of Republic of Macedonia and Comparative Law) | проф. д-р Тина Пржеска | 25.03.2016 година | 02-300/16 |
| Марија Серафимовска | Правото на залог на подвижни ствари во правниот систем на Република Македонија и во | проф. д-р Тина Пржеска | 25.03.2016 година | 02-300/15 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **споредбеното право (The Right of Pledge on Movable Things in the Legal System of Republic of Macedonia and Comparative Law)** | | | |
| **Марија Ристовска** | **Застапување од адвокати во граѓанските судски постапки и постапките пред нотар (задолжително или факултативно) во Република Македонија и во споредбеното право (Representation by Lawyers in Civil Court Proceeding and Proceedings Before a Notary Public (Mandatory or Optional))** | **проф. д-р Татјана Зороска Камиловска** | **25.03.2016 година** | **02-300/14** |
| **Цветанка Радиновска** | **Доктрината competence – competence во арбитражното право во Република Македонија и во споредбеното право и практика (Competence - competence in Macedonian Arbitration Law and in Comparative Law and Practice)** | **проф. д-р Татјана Зороска Камиловска** | **25.03.2016 година** | **02-300/13** |
| **Александра Грумбарова** | **Содржина на оставината во македонското и споредбеното право (The Contents of the Inheritance in the Macedonian law and Comparative Law)** | **проф. д-р Дејан Мицковиќ** | **25.03.2016 година** | **02-300/12** |
| **Ѓорѓи Камчев** | **Постхумната репродукција во европските законодавства (Posthumys Reproduction in European Legislation** | **проф. д-р Дејан Мицковиќ** | **25.03.2016 година** | **02-300/11** |
| **Лихнида Иванова** | **Правниот статус на ембрионот во европските законодавства (Legal Status of Embryo in European Legislation)** | **проф. д-р Дејан Мицковиќ** | **25.03.2016 година** | **02-300/10** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Моника Младенова** | **Правниот статус на семејниот дом во Р. Македонија и во споредбеното право (The Legal Status of the Family Home in Macedonian and Comparative Law)** | **проф. д-р Дејан Мицковиќ** | **25.03.2016 година** | **02-300/9** |
| **Андријана Митевска** | **Содржина на родителската одговорност во Република Македонија и во споредбеното право (Parental Responsibilities in the Republic of Macedonia and Comparative Law)** | **проф. д-р Дејан Мицковиќ** | **25.03.2016 година** | **02-300/8** |
| **Моника Палиќ** | **Сосопственоста во Република Македонија и во Балканските земји (Co-ownership in the Republic of Macedonia and in Balkan States)** | **проф. д-р Родна Живковска** | **25.03.2016 година** | **02-300/7** |
| **Мартина Јаневска** | **Легализација на дивите градби (Legalization of Illegal Constructions)** | **проф. д-р Родна Живковска** | **25.03.2016 година** | **02-300/6** |
| **Јордан Јорданов** | **Државата како субјект во граѓанскоправните односи (The State as a Party in Civil Law Relations)** | **проф. д-р Родна Живковска** | **25.03.2016 година** | **02-300/5** |
| **Ирена Манолева** | **Нотарски исправи (Notarial Acts)** | **проф. д-р Арсен Јаневски** | **25.03.2016 година** | **02-300/4** |
| **Виолета Алексовска** | **Организација на нотарската служба и статусот на нотарите во правото на Република Македонија (Organization of Notary Public Service and the Status of Notaries in the Law of Republic of Macedonia)** | **проф. д-р Арсен Јаневски** | **25.03.2016 година** | **02-300/3** |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје Н.Н.С од**

**25-03-2016**

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** | **Датум** | **Одлука број** |
|---|---|---|---|---|
| Александар Ристески | Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија и Договорот од Лисабон (EU's Common Foreign and Security Policy and the Lisbon Treaty) | проф.д-р Татјана Петрушевска | 25.03.2016 | 02-300/111 |
| Павлинче Маркоска | Правдата и внатрешните работи на Европската унија и Договорот од Лисабон (EU Justice and Home Affairs and the Lisbon Treaty) | проф.д-р Татјана Петрушевска | 25.03.2016 | 02-300/112 |
| Ирина Јолевска | Начелото на неказнување на жртвите на трговијата со луѓе во меѓународното право (The Principle of Impunity of Victims of Human Trafficking in International Law) | проф.д-р Татјана Петрушевска | 25.03.2016 | 02-300/113 |
| Небојша Милосављевиќ | Статусот на приватните армии во меѓународното хуманитарно право (The Status of Private Armies in International Humanitarian Law) | доц. д-р Елена Михајлова | 25.03.2016 | 02-300/114 |
| Павлинка Лажовска | Правото на демократија и меѓународното право (The Right to Democracy and International Law) | доц. д-р Елена Михајлова | 25.03.2016 | 02-300/115 |
| Дарко Јанкуловски | Одговорност на содружниците, акционерите и членовите на органите на управување за обврските на трговските друштва (Member's and Shareholder's Liability and Liability of Governance Bodies for Debts of Commercial Companies) | доц. д-р Дарко Спасевски | 25.03.2016 | 02-300/116 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Горјан Панчевски | Планот за реорганизација во стечајната постапка (Reorganisation Plan in Insolvency Proceedings) | доц. д-р Дарко Спасевски | 25.03.2016 | 02-300/117 |
| Христина Ристова | Чекот како хартија од вредност: реалност или декор во македонското законодавство (A Cheque as Security: Reality or Legal Decore in Macedonian Legislation) | доц. д-р Дарко Спасевски | 25.03.2016 | 02-300/118 |
| Александра Анѓеловска | Европски правила за осигурувањето (European Rules of Insurance) | проф.д-р Ванчо Узунов | 25.03.2016 | 02-300/119 |
| Ангела Ѓеорѓиевска | Кредитен ризик во банкарското работење (Credit Risk in Banking) | доц. д-р Биљана Петревска | 25.03.2016 | 02-300/120 |
| Гордана Нечовска | Органи на стечајната постапка (Organs of Insolvency Proceedings) | доц. д-р Дарко Спасевски | 25.03.2016 | 02-300/121 |
| Иво Николов | Осигурување на штети предизвикани од трето лице (Third Party Liability Insurance) | проф.д-р Ванчо Узунов | 25.03.2016 | 02-300/122 |
| Стојче Крстевски | Имотно и неимотно осигурување (Property and Non Property Insurance) | проф.д-р Ванчо Узунов | 25.03.2016 | 02-300/123 |
| Симона Стоименовска | Правно уредување на договорот за лизинг (Lease Agreements) | проф.д-р Димитар Гелев | 25.03.2016 | 02-300/124 |
| Дарко Симоновски | Стечајна постапка и органи на стечајната постапка (Insolvency Proceedings and Organs of Insolvency Proceedings) | доц. д-р Дарко Спасевски | 25.03.2016 | 02-300/125 |
| Наталија Велковска | Анализа на класите осигурувањето (Analyses of Insurances Clases) | проф.д-р Ванчо Узунов | 25.03.2016 | 02-300/126 |
| Александар Јакимовски | Правно уредување на друштвото со ограничена одговорност (Legal Regulation of Private Companies Limited by Shares) | доц. д-р Дарко Спасевски | 25.03.2016 | 02-300/127 |
| Андреј Јосифовски | Економски аспекти на електропреносниот систем на Република Македонија (Economic Aspects of Electricity Grid System in the Republic of Macedonia) | проф.д-р Ванчо Узунов | 25.03.2016 | 02-300/128 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Марија Лалчевска | Либерализација на пазарот на осигурување (Insurance Market Liberalisation) | проф.д-р Ванчо Узунов | 25.03.2016 | 02-300/129 |
| Теодора Андонова | Маркетинг на фармацевтски производи, осврт на промоција на ОТЦ производи, (Marketing of pharmaceutical products, emphasis on the promotion of OTC products) | проф.д-р Ванчо Узунов | 25.03.2016 | 02-300/130 |
| Кристина Андревска | Видови основи за поведување стечајна постапка и правни последици од нејзиното отворање (Causes of Commencements of Insolvency Proceedings and Legal Concequences) | доц. д-р Дарко Спасевски | 25.03.2016 | 02-300/131 |
| Ана Мицевска | Влијанието на психичкото вознемирување на работното место врз здравјето на работникот (The impact of psychological harassment in the workplace on the health of the worker) | доц.д-р Лазар Јовевски | 25.03.2016 | 02-300/132 |
| Ана Паноска | Конвенцијата за правата на детето и нејзиниот одраз врз Законот за правда за децата (Influence of the Convetnion for the Rights of the Children to the Macedonian Law on Justice for Children) | проф.д-р Никола Тупанчески | 25.03.2016 | 02-300/152 |
| Теодора Арсовска | Способност за вина – казненоправни аспекти (Mental Capability for Guilt – Criminal Law Aspects) | проф.д-р Никола Тупанчески | 25.03.2016 | 02-300/153 |
| Мери Арсова | Сериските убиства во Република Македонија и компаративното право (Serial Murders in Republic of Macedonian and in Comparative Law) | проф.д-р Никола Тупанчески | 25.03.2016 | 02-300/154 |
| Ангела Лозановска | Феноменологија на малолетничката деликвенција низ практиката на Основниот суд Скопје 1 во периодот од 2011 – 2014 година (Juvenile Delinquency's Phenomenology Trough the Skopje 1 Basic Court's Practice in the Period of 2011-2014) | проф.д-р Гордана Бужаровска | 25.03.2016 | 02-300/155 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Сунчица Димитријоска | Постпаување на Центарот за социјална работа со деца во судир со законот (Social Welfare Center's Practice with the Child in Conflict with the Law) | проф.д-р Гордана Бужаровска | 25.03.2016 | 02-300/156 |
| Трајанка Бошева | Постапувањето на судот и на специјализираните органи спрема децата во судир со законот (Courts' and Special State Bodies' Activities Regarding the Child in Conflict with the Law) | проф.д-р Гордана Бужаровска | 25.03.2016 | 02-300/157 |
| Марија Ристевска | Разбојништво и разбојничка кражба во периодот од 2011-2015 година на подрачјето на Апелационен суд Битола (Robbery and Armed Robbery on the Appellate Court Bitola's Region in the Period of 2011-2015) | проф.д-р Гордана Бужаровска | 25.03.2016 | 02-300/158 |
| Томислав Андреев | Процесното законодавство за заштитен сведок во домашното и меѓународното право и пракса (Procedural Law Aspects of the Witness Protection in the National and Comparative Criminal Law and Practice) | проф.д-р Гордан Калајџиев | 25.03.2016 | 02-300/159 |
| Александра Пешевска | Воведните говори во казнената постапка (Opening Speeches in the Criminal Procedure) | проф.д-р Гордан Калајџиев | 25.03.2016 | 02-300/160 |
| Илир Мусаи | Задолжителна одбрана во казнената постапка (Mandatory Defence in the Criminal Procedure) | проф.д-р Гордан Калајџиев | 25.03.2016 | 02-300/161 |
| Генти Речи | Скратената казнена постапка во домашното и споредбеното право (AbbreviatedCriminalProcedure into the National and Comparative Law) | проф.д-р Гордан Калајџиев | 25.03.2016 | 02-300/162 |
| Александра Петроска | Влијанието на медиумите врз кривичната постапка (Media's Impact to the Criminal Procedure) | проф.д-р Гордан Калајџиев | 25.03.2016 | 02-300/163 |
| Ратка Андонова | Претресот во казнената постапка (Search in the Criminal Procedure) | проф.д-р Гордан Калајџиев | 25.03.2016 | 02-300/164 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Антигона Аљиљи | Товарот и стандардите на докажувањето според новиот ЗКП (The Burden and the Standards of Proof According to the Provisions of the New CPC) | проф.д-р Гордан Калајџиев | 25.03.2016 | 02-300/165 |
| Ана Адамовска | Воведување на пробација и алтернативни мерки во казненото право (Introduction of the Probational Service and the Alternative Measures in the Macedonian Criminal Justice System) | проф.д-р Гордан Калајџиев | 25.03.2016 | 02-300/166 |
| Ивана Костадиноска | Криминолошки аспекти на квалификуваните убиства во Република Македонија (Criminological Aspects of the Agreviated Murders in Republic of Macedonia) | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски | 25.03.2016 | 02-300/167 |
| Весна Дишлијовска | Децата како жртви на семејното насилство (Children as Victims to the Domestic Violence) | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски | 25.03.2016 | 02-300/168 |
| Велика Петкова | Извршувањето на воспитната мерка – упатување во воспитно-поправен дом во ВПД Тетово (Implementation of the Educational Measure – Placement into the Correctional Facility within the Correctional Facility in Tetovo) | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски | 25.03.2016 | 02-300/169 |
| Анета Цвијовиќ | Видови на криминал на „бели јаки (Types of “White Collar” Crimes) | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски | 25.03.2016 | 02-300/170 |
| Ана Илиевска | Општокорисната работа во теоријата и практиката на Република Македонија (Community Service within the Theory and the Practice in Republic of Macedonia) | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски | 25.03.2016 | 02-300/171 |
| Марија Мишевска | Комерцијалното сурогат мајчинство како форма на трговија со деца (Commercial Surrogate Maternity as Type of Trading in Human Beings) | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова | 25.03.2016 | 02-300/172 |
| Даниела Наумоска | Казненоправната заштита на безбедноста на јавниот сообраќај во теоријата и судската практика | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова | 25.03.2016 | 02-300/173 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | (Criminal Law Protection of the Public Transportation Safety within the Legal Theory and Court Practice) | | | |
| Самира Исламовска | Недозволената трговија со оружје како облик на организиран криминал (Illegal Trade with Weapons as Type of Organized Crime) | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова | 25.03.2016 | 02-300/174 |
| Марија Костадинова | Казненоправната проблематика на терапевтското клонирање (Criminal Law Aspects of the Therapeutically Based Cloning) | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова | 25.03.2016 | 02-300/175 |
| Андријана Димова | Инкриминирањето на лекарската грешка во македонското и споредбеното право (Criminalization of the Physicians' Maltreatment within the Macedonian and Comparative Criminal Law) | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова | 25.03.2016 | 02-300/186 |
| Милена Радошевиќ | Членот 3 од Европската конвенција за човекови слободи и права и начелото на хуманост во казненото право (ticle 3 of the ECHR and the Principle of Humanity in the Criminal Law) | доц.д-р Бобан Мисоски | 25.03.2016 | 02-300/185 |
| Горан Миленков | Предмет на управен спор – оценка на законитост на управен акт (Subject of Administrative Dispute – Legality Assessment of Administrative Decisions) | проф.д-р Борче Давитковски | 25.03.2016 | 02-300/184 |
| Софија Миленкова | Управното судство како специјализирано судство за заштита на правата на граѓаните во Република Македонија (Administrative Judiciary – Specialized Courts for Citizens Rights Protection in the Republic of Macedonia) | проф.д-р Борче Давитковски | 25.03.2016 | 02-300/183 |
| Рахилка Стојковска | Управно судска јурисдикција и јуриспруденција во областа на прекршоците (Administrative Jurisdiction and Jurisprudence in Misdemeanors) | проф.д-р Ана Павловска-Данева | 25.03.2016 | 02-300/182 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Нада Бојаџиевска | Постапка за осигурување на квалитет во ревизиите (Audit Quality Insurance Procedures) | проф.д-р Ана Павловска-Данева | 25.03.2016 | 02-300/181 |
| Тереза Пејковска | Правниот статус на вработените во јавниот сектор во областа на културата (Legal Status of Public Sector Employees in Culture) | проф.д-р Борче Давитковски | 25.03.2016 | 02-300/180 |
| Валентина Кнежевиќ | Постапка за спроведување на инспекциски надзор со посебен осврт на управната инспекција (Inspection Oversight Procedures with Particular Review on Administrative Inspection) | проф.д-р Борче Давитковски | 25.03.2016 | 02-300/179 |
| Снежана Димитровска | Правни лекови во управно-судската постапка (Remedies in administrative judicial procedure) | проф.д-р Ана Павловска-Данева | 25.03.2016 | 02-300/178 |
| Сандра Алексиева | Нечелото на слободна оценка на доказите во кривичната постапка (Principle of Free Judicial Evaluation of the Evidence in the Criminal Procedure) | проф. д-р Гордан Калајџиев | 25.03.2016 | 02-300/177 |
| Андријана Ангелова | Увид на лице место кај кривичните дела со посебен осврт врз трагите и нивното форензичко значење (Crime Sceen Ivestigation with Specific Attention to the Traces and their Forensic Influence) | доц. д-р Дивна Илиќ Димоски | 25.03.2016 | 02-300/176 |

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

Наставно-научен совет – 25.03.2016 година

| **Кандидат** | **Тема** | **Тема (англиски јазик)** | **Ментор** | **Број на одлука** | **Датум** |
|---|---|---|---|---|---|
| Игор Трајановски | Дипломатската служба на Европската унија и Лисабонскиот договор | The diplomatic service of the European Union and the Treaty of Lisbon | Д-р Татјана Петрушевска | 02-300/191 | 25.03.2016 |
| Маја Бабановска | Должноста за сведочење во казнената постапка | The Duty to Testify in the Criminal Procedure | Д-р Гордан Калајџиев | 02-300/192 | 25.03.2016 |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „ИСЛАМИЗАЦИЈАТА НА ТОРБЕШИТЕ И ФОРМИРАЊЕТО НА ТОРБЕШКАТА СУБГРУПА“ ОД АВТОРОТ Д-Р ГАЛАБА ПАЛИКРУШЕВА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, бр.02-296/2, за членови на рецензентската комисија за рецензирање на монографијата **Исламизацијата на торбешите и формирањето на торбешката субгрупа** од авторот: д-р Галаба Паликрушева, наменет за студентите на Институтот за етнологија и антропологија, за предметите: теренска етнологија II, антропологија на етничност и културен идентитет на Македонците со исламска религија, избрани се проф. д-р Љупчо С. Ристески и проф. д-р Мирјана Мирчевска.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**I. Општ дел**

**<u>Основни податоци за ракописот</u>**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | „ИСЛАМИЗАЦИЈАТА НА ТОРБЕШИТЕ И ФОРМИРАЊЕТО НА ТОРБЕШКАТА СУБГРУПА“ |
| **Назив на предметната програма:** | Теренска етнологија II, антропологија на етничност и културен идентитет на Македонците со исламска религија. |
| **Назив на студиската програма:** | Студии по етнологија и антропологија |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | Теренска етнологија II (2+2), 4 кредити, антропологија на етничност (2+2), 4 кредити, културен идентитет на Македонците со исламска религија (2+2), 4 кредити. |
| Предметот теренска етнологија II на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити - 4 и се слуша во четврти семестар.<br>Предметот антропологија на етничност на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет е изборен предмет со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити - 4 и се слуша во трети, петти или седми семестар.<br>Предметот културен идентитет на Македонците со исламска религија на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет е изборен предмет со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити 4 и се слуша во трети, петти или седми семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 246 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот-11. Текстот е поделен во 9 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 18 слики и 73 табели. |

РЕЦЕНЗЕНТИ

1. **Проф. д-р Љупчо С. Ристески, с.р.**
2. **Проф. д-р Мирјана Мирчевска, с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Љупчо С. Ристески

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракопис на докторска дисертација на Галаба Паликрушева, одбранета на Филозофскиот факултет во Скопје во 1965 г., посветена на процесите на исламизација на просторот на Република Македонија и теории за создавањето на торбешката субгрупа. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Содржината на оваа монографија е една од ретките што покрива еден многу значаен дел поврзан со анализата на процесите на исламизација на делови од населението во Македонија, како и создавањето на локални посебности кај торбешката група, поради што Г. Паликрушева говори за создавање на посебна субгрупа и ќе послужи во голем дел во наставата по неколку предмети, спомнати погоре во рецензијата, во студиите на сите три циклуси по етнологија и антропологија. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот на оваа докторска дисертација е високо оценет уште пред јавната одбрана во 1965 г. од страна на менторот проф. д-р Миленко С. Филиповиќ, еден од најеминентните југословенски етнолози и останатите членови на Комисијата за јавна одбрана. Поради низа причини кои се наведени од страна на уредникот на ова издание, проф. д-р Анета Светиева, во предговорот и во биографијата, овој ракопис до денес не е објавен во неговата интегрална форма. Високо ценејќи ја вредноста на овој труд и денес, се заложуваме овој текст на студијата да биде објавен во интегрална форма, со предговор и биографија, а напишани од проф. д-р Анета Светиева и библиографија составена од Јасемин Назим. |
| **Категоризација:** | Учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 246 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 9 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 18 слики и 73 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебничко помагало по предметите теренска етнологија II, антропологија на етничност и културен идентитет на Македонците со исламска религија, примарно наменет за студентите на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет.

РЕЦЕНЗЕНТ

**Проф. д-р Љупчо С. Ристески, с.р.**

**II. Посебен дел од рецензентот: ПРОФ. Д-Р МИРЈАНА МИРЧЕВСКА**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот претставува одбранета докторска дисертација на Галаба Паликрушева, во 1965 година на Филозофскиот факултет на УКИМ, во Скопје. Ракописот, занимавајќи се со проучување на процесите на исламизација помеѓу македонското население, конструира теории преку кои го објаснува влијанието на промената на религиската припадност во создавањето на торбешката субгрупа. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Според презентираната содржина, ракописот се занимава со дефинирање и анализа на новонастанатите состојби кои се условени од промената на конфесионалната припадност на дел од македонското население, како и динамиката на промените кои се рефлектираат со секојдневната култура. Вака конципиран, материјалот ќе биде користен за дополнување на релативно оскудната литература по неколку предмети кои се дел од студиските програми на ИЕА на ПМФ-УКИМ-Скопје. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема |
| **Оцена на ракописот:** | Понудениот ракопис е јавно одбранета докторска дисертација, под менторство на проф. д-р Миленко Филиповиќ, кој и тогаш, а и денес , е еден од најпознатите професори по етнологија на балканските простори. Иако се поминати повеќе од педесет години од јавната одбрана, оваа докторска дисертација и денес претставува еден од најважните извори кои ги објаснуваат појавата и процесите на исламизација, како и нивната рефлексија врз македонскиот етнички и религиски идентитет. Печатењето на овој ракопис во неговата изворна форма, со јазик карактеристичен за тој период, ќе претставува монографија од исклучителна важност и значење за целокупната македонска етнологија и сродните на неа дисциплини. Уредник на ова издание, автор на предговорот и на биографијата е проф. д-р Анета Светиева, а соодветната библиографија на Галаба Паликрушева е направена од страна на Јасемин Назим. |
| **Категоризација:** | Учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 246 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот - 11. Текстот е поделен во 9 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 18 слики и 73 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебничко помагало по предметите теренска етнологија II, антропологија на етничност и културен идентитет на Македонците со исламска религија, примарно наменет за студентите на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет.

РЕЦЕНЗЕНТ
**Проф. д-р Мирјана Мирчевска, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „**ПРЕТФОРМУЛАЦИСКИ ИСПИТУВАЊА НА СТАБИЛНОСТА ВО ЦВРСТА СОСТОЈБА НА ФАРМАЦЕВТСКИ ЦВРСТА ДОЗИРАНА ФОРМА НА БАЗА НА ИНДАПАМИД СО ПРОДОЛЖЕНО ОСЛОБОДУВАЊЕ**", ПОДНЕСЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ПАЦКА АНТОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

**Со Одлука бр. 02-1982/9 од 11.1.2016 г., донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје (понатаму во текстот: ПМФ) одржана на 24.12.2015, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација ПРЕТФОРМУЛАЦИСКИ ИСПИТУВАЊА НА СТАБИЛНОСТА ВО ЦВРСТА СОСТОЈБА НА ФАРМАЦЕВТСКИ ЦВРСТА ДОЗИРАНА ФОРМА НА БАЗА НА ИНДАПАМИД СО ПРОДОЛЖЕНО ОСЛОБОДУВАЊЕ, изработена од кандидатката м-р Пацка Антовска, вработена во Институтот за истражување и развој при АЛКАЛОИД АД од Скопје. По разгледувањето на поднесениот материјал, чест ни е на Наставно-научниот совет да му го поднесеме следниов**

## И З В Е Ш Т А Ј

**Докторската дисертација ПРЕТФОРМУЛАЦИСКИ ИСПИТУВАЊА НА СТАБИЛНОСТА ВО ЦВРСТА СОСТОЈБА НА ФАРМАЦЕВТСКИ ЦВРСТА ДОЗИРАНА ФОРМА НА БАЗА НА ИНДАПАМИД СО ПРОДОЛЖЕНО ОСЛОБОДУВАЊЕ, поднесена од кандидатката м-р Пацка Антовска, содржи 66 страници текст (А4-формат), во којшто се вклучени: 17 слики, 15 табели и 47 библиографски единици на користената литература. Тезата се состои од следниве 8 поглавја: 1. ВОВЕД; 2. ПРЕТФОРМУЛАЦИЈА; 3. РАЗВОЈ НА ФОРМУЛАЦИЈА; 4. ЦЕЛИ НА ТРУДОТ; 5. ЕКСПЕРИМЕНТАЛЕН ДЕЛ; 6. РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА; 7. ЗАКЛУЧОК; 8. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА. Печатените трудови кои произлегоа од истражувањата при работата на тезата се дадени во посебен прилог како интегрален дел од дисертацијата.**

Во поглавјето **ВОВЕД**, кандидатката укажува на предностите со кои се карактеризираат формулациите со модифицирано (продолжено) ослободување бидејќи нудат ефикасен пристап во оптимизација на биорасположивоста и резултираат со стабилни концентрации на активни супстанции (лекови) во плазмата во текот на времето. Понатаму, во воведниот дел е опишана и избраната формулација со погодниот полимер која е предмет на обработка на експериментален дизајн. За крајна цел на формулацијата е одбрана цврста дозирана форма со контролирано ослободување на база на матрица како најчесто дизајнирана форма со продолжено ослободување. Дозираните форми на база на матрици се

погодни за развој во фармацевтските куќи бидејќи тие се произведуваат со конвенционална опрема и во конвенционални производни процеси.

Во поглавјето **ПРЕТФОРМУЛАЦИЈА** се изнесени двата главни чекора на истражувањето вклучени во оваа фаза: прелиминарна претформулација (карактеризација на активна супстанца) и развој на прелиминарна формулација (евалуација на компатибилност помеѓу активната супстанција и ексципиентите). Во прелиминарната претформулација се опишани карактеристиките на активната супстанција: структурата на органската молекула селектирана за формулација во дозирана форма (индапамид), константите на киселост/базност, pH-зависноста на распределителниот коефициент како и растворливоста во вода. Освен тоа, комплетно се евалуирани морфолошките карактеристики на честиците на активната супстанција, нивната големина и дистрибуција (по големина), како и согласноста на пропишаните параметри со барањата во Европската фармакопеја. Понатаму, во ова поглавје се обработени аспектите на дефинирање на прелиминарна формулација врз основа на испитување на компатибилност помеѓу активната супстанција (индапамид) и предвидените ексципиенти за формулација на формата со продолжено ослободување.

Најголем акцент во ова истражување е даден на изборот на полимер-матрица, ексципиент кој го контролира ослободувањето на активната супстанција.

По изборот на полимерот (клучниот ексципиент во дозираната форма со продолжено ослободување), акцентот е префрлен врз останатите ексципиенти во формулацијата кои се конвенционални за формулација на цврсти дозирани форми со крајна цел – добивање на проточен и компресибилен гранулат за подготовка на таблети со бараните физичко-хемиски карактеристики.

Во поглавјето **РАЗВОЈ НА ФОРМУЛАЦИЈА** се обработени формулациските аспекти на дозираната форма (дефинирање на масени удели во формулација) за да се произведе гранулат кој одговара на соодветната физичко-хемиска спецификација, а потоа и на таблети кои ќе одговараат на предвидена спецификација. Дополнително, во ова поглавје е обработен и теорискиот принцип на испитување на сличност помеѓу дизајнираната формулација и референтниот производ (оригинатор) – параметар врз основа на кој се проценува соодветноста на профилот на растворливост на фармацевтската форма со продолжено ослободување.

Посебен осврт е даден на експерименталниот дизајн на формулацијата како стратегија за поставување на експерименти на начин што овозможува добивање на информации за соодветноста на

формулацијата на најефикасен и најпрецизен можен начин. Обработени се и статистичките модели употребени во рамките на експерименталниот дизајн кои се засновани на воспоставување на математички модел на зависност меѓу критичните фактори што влијаат на особините на системот и одбраните параметри на системот што претставуваат показател за неговите особини.

За оптимизација на формулација и процеси во тек на фармацевтски развој како најсоодветен е одбран централно композитен дизајн (CCD), додека за толкувањето на резултатите и нивната визуелизација како најсоодветна е презентирана методата со површина на одговор (RSM).

Понатаму, во ова поглавје е проучена и соодветноста на кинетичкиот модел на одбраната формулација со продолжено ослободување преку кинетики од 0-ти ред, 1-ви ред, по кинетика на ослободување според моделот на Хигучи и според кинетика преку моделот на Хиксон-Кровел.

Како последен сегмент од поглавјето за дефинирање на формулација е обработен и принципот на воспоставување на *in vitro - in vivo* корелација (IVIVC). Оваа корелација се воспоставува со употреба на нелинеарни регресиони равенки помеѓу фракцијата на индапамид која е растворена и фракцијата на индапамид која е апсорбирана.

Во поглавјето **ЦЕЛИ НА ТРУДОТ,** детално се изнесени целите на докторската дисертација.

**ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИОТ ДЕЛ** на дисертацијава ги опишува користените материјали, како и начинот на кој се подготвени бинарните смеси и формулациите со продолжено ослободување (суво мешање и влажна гранулација). Во ова поглавје детално се опишани методите на користење на употребените инструментални техники: диференцијално скенирачка калориметрија (DSC) и Фуриева трансформна инфрацрвена спектроскопија (FTIR). Опишани се и специфични експериментални процедури за одредување на: големина и дистрибуција по големина на честици, аналитички тестови за одредување на профили на растворливост на тест vs. рефрентни дозирани форми, одредување на вистинска (скелетна) густина, одредување на процент на ефективна порозност и одредување на цврстина на таблети. Освен тоа, опишани се методите за поставување на експериментален дизајн и оптимизација на формулација и методологијата за воспоставување на *in vitro - in vivo* (IVIV) корелација.

Поглавјето **РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА** претставува централен и најсеопфатен дел на дисертацијава. Во три поголеми целини кандидатката детално ги презентира добиените резултати од спроведените истражувања.

Во **првиот дел** се прикажани резултатите поврзани со квалитетот на активната супстанца-индапамид од физичко-хемиски и морфолошки аспект. Имено, согласно со резултатите од морфолошката карактеризација, презентирани се резултати кои укажуваат дека се работи за силно микронизирана супстанција со едномодална дистрибуција, додека оптичката фотографија на микрокристалите на индапамид покажа дека се работи за кристален прашок, кој се состои од призматични микрокристали. Резултатите од растворливоста одат во прилог на пресметките дека иако индапамидот е нерастворлив во вода, тој (согласно со неговата растворливост), во симулирани медиуми на гастроинтестинален тракт, припаѓа на BCS класа I. Проценката на квалитетот на хемиските параметри на индапамидот е направена согласно-монографија во Европска фармакопеја (Ph. Eur. 8.4).

Во **вториот дел** се прикажани резултатите од компатибилноста во цврста состојба на потенцијалните полимерни матрици со индапамид кои се евалуирани на ниво на бинарни смеси со двете техники: DSC и FTIR спектроскопија. Согласно со споредбата на три клучни параметри: почетна температура ($T_{\text{onset}}$), максимална температура на пикот ($T_{\text{peak}}$) и соодветна енталпија на процесот ($\Delta H$) за ендотермот на топење на индапамидот од DSC-кривите, проценета е компатибилноста на смесите. Од евалуираните пет полимери (со голема вискозност) наменети за креирање на систем со модифицирано ослободување кој контролирано ќе го ослободува лекот во текот на 24 часа, четири се покажаа како соодветни матрици, а една (PVP/PVAc) како некопатибилна. Со оваа техника, дополнително, е утврдена некомпатибилноста помеѓу индапамид и сорбитол.

FTIR-спектроскопијата е употребена како комплементарна техника на DSC за анализа на индапамидот и бинарните смеси во цврста состојба. Кај спектрите добиени со оваа техника беа споредени положбата, изгледот и бројот на ленти помеѓу почетниот индапамид и соодветниот спектар добиен по изложување на стрес-услови во времетраење од 1 месец (40 °C и 75 % RH). Овој податок потврди дека индапамидот има задоволителна стабилност во цврста состојба при покачена температура и влажност и дека, понатаму, може да се следи и поведението на бинарните смеси. Оваа техника, исто така, ја потврди интеракцијата индапамид-сорбитол во бинарната смеса, независно од технолошкиот третман на пробите.

Во **третиот дел,** согласно со резултатите добиени од предформулацијата, понатамошниот развој на формулацијата е насочен кон избор на полимерна матрица од хидроксиетил целулоза (HEC). Имено, HEC покажа дека е најпогодна за развој на перорална дозирана форма со модифицирано ослободување, благодарение на големата

вискозност која обезбедува ефикасна контрола на ослободување на активната супстанца (индапамид) која е слабо растворлива во вода.

Концептот за експериментален дизајн на таблета со контролирано ослободување базирана на HEC-матрица е заснован на варијација на 3 фактори: концентрација на хидроксиетил целулоза со висок вискозитет (HEC-HV) во улога на матрица, концентрација на хидроксиетил целулоза со низок вискозитет (HEC-LV) во улога на врзувач и варијација во дистрибуцијата на големина на честици.

Понатаму, прикажани се резултатите од дизајн-просторот генериран за време на експерименталниот дизајн на HEC формулацијата со микронизиран индапамид кои потврдуваат дека пошироките граници за концентрација на матрицата (со HEC-HV): 15–36 %*w/w* обезбедува резултати на растворливост во рамките на поставените параметри на растворање. Од друга страна, формулациите со немикронизиран индапамид укажуваат на резултати во интервал од 19,5 до 31,5 %*w/w*. Пошироките граници добиени за микронизиран индапамид се објаснуваат со помалата димензија на честичките која обезбедува побрзо растворање, а истовремено повисоките концентрации на матрицата доведуваат до подобра контрола на честици со помала димензија.

Применетите кинетички модели покажаа дека профилот на растворливост на индапамид во одбраната формулација најдобро ја следи кинетиката од нулти ред кој претставува најдобро дефиниран и најпредвидлив модел на ослободување на активна супстанца од дозирана форма со модифицирано ослободување.

Воедно, механизмот на бабрење/ерозија контролиран со кинетика од нулти ред е комплетно поддржан од највисокиот коефициент на корелација ($r$) добиен со моделот на Хиксон-Кровел. Кога се употребува овој модел се претпоставува дека степенот на ослободување е примарно ограничен од степенот на растворање на честичките, а не од дифузијата која може да се одвива низ полимерната матрица.

На крајот на докторската дисертација е прикажано и воспоставување на *in vitro - in vivo* корелација (IVIVC) без која развојот на една ваква формулација со продолжено ослободување не би бил комплетен. Имено, воспоставувањето на IVIVC ниво A за избраната (оптимизирана) формулација и формулацијата трансферирана во производство е предуслов за воспоставување на *in vivo* релевантност на развиената *in vitro* метода за растворливост. Исто така, IVIVC ниво A овозможува валидираниот *in vitro* тест да се употреби како поддршка за клиничка студија, како и за пострегистрациски промени на новоразвиената и регистрирана формулација.

Литературниот преглед што кандидатката го дава на крајот од оваа дисертација (47 библиографски единици) во поглавјето КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА говори за големиот интерес кон овој тип на формулации со модифицирано ослободување. Овој факт укажува и на бројните барања, но и разноликост од аспект на дизајн на овие дозирани форми, согласно со досега објавените публикации во литературата.

Во ПРИЛОГ на дисертацијава, како нејзин интегрален дел, кандидатката ги приложува сепаратите од двата објавени труда кои произлегоа од работата на докторската теза. Трудовите се објавени во реномирано интернационално списание со меѓународна рецензија кое има фактор на влијание.

## ЗАКЛУЧОК

Резултатите од изучувањата опфатени во дисертацијата изработена од м-р Пацка Антовска се оригинални и во голема мера придонесуваат во продлабочувањето на сознанијата за дизајн на цврсти дозирани форми со модифицирано ослободување врз база на алтернативни матрици. За квалитететот на дисертацијата, меѓу другото, зборуваат и двете објавени публикации во интернационално списание со фактор на влијание (*Pharmaceutical Development and Technology*).

Судејќи според предметот и содржината на обработената проблематика, како и според реализираните цели и избраните методи за испитување на спомenатата фармацевтска дозирана форма, може да се заклучи дека изработената докторска тема од м-р Пацка Антовска под наслов **ПРЕТФОРМУЛАЦИСКИ ИСПИТУВАЊА НА СТАБИЛНОСТА ВО ЦВРСТА СОСТОЈБА НА ФАРМАЦЕВТСКИ ЦВРСТА ДОЗИРАНА ФОРМА НА БАЗА НА ИНДАПАМИД СО ПРОДОЛЖЕНО ОСЛОБОДУВАЊЕ** заслужува да биде прифатена како докторска дисертација. Поради тоа, со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да ја прифати изработената докторска дисертација од м-р Пацка Антовска под горниот наслов и да и овозможи на кандидатката пристап кон јавна одбрана.

Рецензентска комисија

Акад. Глигор Јовановски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, УКИМ (во пензија), с.р.

Проф. д-р Руменка Петковска, вонреден професор на Фармацевтскиот факултет во Скопје, УКИМ, с.р.

Проф. д-р Љупчо Пејов, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, УКИМ, с.р.

Проф. д-р Анета Димитровска, редовен професор на Фармацевтскиот факултет во Скопје, УКИМ, с.р.

Проф. д-р Петре Макрески, вонреден професор на Природно- математичкиот факултет во Скопје, УКИМ, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ТИТУЛАТА ПОЧЕСЕН ДОКТОР (DOCTOR HONORIS CAUSA)
НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ,
НА ПРОФ. Д-Р ИРЕНЕ МАРТА ЛАНГ, РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА МЕДИЦИНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ВО ВИЕНА, АВСТРИЈА

Согласно со чл. 297 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, проф. д-р Велимир Стојковски, на заедничката седница на Комисијата за настава, Комисијата за наука и Комисијата за соработка со универзитетите во странство, ја поднесе иницијативата со образложениот предлог за доделување на титулата почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на проф. д-р Ирене Марта Ланг, редовен професор на Медицинскиот универзитет во Виена, Австрија, во знак на признание за развојот на медицинските науки и соработката меѓу Медицинскиот универзитет во Виена, Австрија и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Врз основа на предлогот на ректорот, а согласно со чл. 144 од Законот за високото образование и чл. 297 од Статутот на Универзитетот, на заедничката седница на Комисијата за настава, Комисијата за наука и Комисијата за соработка со универзитетите во странство одржана на 8.4.2016 година, беше донесена Одлука за формирање на Рецензентска комисија во состав: академик проф. д-р Сашко Кедев, проф. д-р Елизабета Србиновска-Костовска и насл. доц. д-р Христо Пејков, која, согласно со Законот за високото образование и Статутот и актите на Универзитетот, треба да изготви Извештај и да го достави до Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” за доделување на титулата почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на проф. д-р Ирене Марта Ланг.

По разгледувањето на доставениот материјал, чест ни е да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

Проф. д-р Ирене Марта Ланг е родена на 23.1.1959 година во Линц, Австрија.

Дипломирала на Медицинскиот универзитет во Виена, Австрија, во 1984 година, со почесна оценка *sub auspiciis praesidentis rei publicae*.

Во 1994 година хабилитирала на медицински науки по васкуларна биологија.

Доминантна научна област на проф. Ирене Ланг е васкуларната биологија и истражувањата во областа на тромбозата. Во нејзината работна кариера

посебно се посветува на решавање на проблемите на пулмоналната артеријална хипертензија, хемодинамиката, васкуларната резистентност, акутниот инфаркт на миокардот, миокардната регенерација, тромбозата, хемостазата и васкуларната оклузија.

**Постигнувања и резултати**

Во научните и стручните кругови во светот, проф. д-р Ирене Ланг е ценета како исклучителна личност, научник и клиничар кој со своите истражувања дава особен придонес во развојот на интервентната кардиологија и пристапите во лекувањето на пумоналната артериска хипертензија.

Нејзината меѓународна активност се реализира во повеќе земји на сите континенти.

Проф. Ланг својата кариера на наставно-научно поле ја започнала во 1989 година, при што од 1989 до 1994 престојувала на University of California San Diego Medical како истражувач во областа на васкуларната биологија.

Од 1994 година е вработена на Универзитетската клиника за кардиологија, АКХ, во Виена.

Во 1994 година се здобила со титулата специјалист по интерна медицина, а во 1996 со титулата специјалист по кардиологија. Во 1996 година, на Медицинскиот универзитет во Виена, проф. д-р Ирена Ланг е избрана во звањето доцент во областа на интерната медицина при Медицинскиот универзитет во Виена.

Во периодот од 1995 до 2000 година, таа ја вршела функцијата шеф на Институтот за васкуларна биологија и истражувања на полето на тромбозата при Медицинскиот универзитет во Виена.

Проф. д-р Ирене Ланг во 2004 година е избрана за редовен професор по васкуларна биологија на Медицинскиот универзитет во Виена. Од 2008 година, таа е заменик-директор на Клиниката за кардиологија, АКХ, во Виена, а од 2014 година е директор на Одделот за интервентна кардиологија при Клиниката за кардиологија, АКХ, во Виена.

Проф. д-р Ирене Ланг е претседавач или член на советот во бројни национални и меѓународни комитети за васкуларна биологија, интервентна кардиологија и пулмонална хипертензија.

За посебно одбележување е и тоа што проф. Ланг извршувала и извршува бројни и значајни функции поврзани со науката, академскиот живот, но и пошироко, како: член на Етичкиот комитет при Медицинскиот универзитет во Виена (2001), претседател на Работната група за кардиопулмонална медицина при Австриското здружение на кардиолози (2002-2006), кодиректор за PhD curriculum на Медицинскиот универзитет во Виена (од 2003), уредник на списанието „Thrombosis and Haeostasis” (од 2004); Светската медицинска асоцијација ја номинира за „Caring Physician of the World” (во 2006), координатор на Работната група на Австриското здружение на кардиолози (од 2006), визитинг-професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија (од

2007), претседател на Австриското здружение на кардиолози (2010-2011), уредник на „European Heart Journal” (од 2011); номинирана е за професор на годината при Медицинскиот универзитет во Виена (2013), уредник на ”LANCET Respiratory Medicine” (2013), награда за големи заслуги во Република Австрија за научни достигнувања (2016), претседател на Работната група за пулмонална циркулација и десновентрикуларна функција при Европското здружение на кардиолози (2016) итн.

Проф. д-р Ирене Ланг е активна како претседавач, презентер на различни сесии, специјален предавач, воведен предавач, водител на дискусии и панелист на бројни меѓународни конференции посветени на васкуларната биологија, интервентната кардиологија и пулмоналната хипертензија. Досега, таа остварила над 500 различни поканети предавања во светот како експерт и визитинг-професор, покривајќи ја целата професионална област.

## Трудови и академски публикации

Во својата богата досегашна научна активност, проф. Ланге е автор на над 300 научни публикации, објавени во еминентни светски списанија. Во нив се содржани теми од лабораториските и клиничките истражувања од областа на проблемите на пулмоналната артеријална хипертензија, хемодинамиката, васкуларната резистентност, акутниот инфаркт на миокардот, миокардната регенерација, тромбозата, хемостазата и васкуларната оклузија.

Покрај научните ангажмани, проф. Ланг е особено активна и во полето на едукација на докторанди, како ментор, чии студенти изработуваат голем број на студии кои се публицирани во релевантни високо индексирани списанија. За овие проекти, групата студенти на докторски студии под менторство на проф. д-р Ланг имаат добиено голем број светски награди и признанија и се едуцирани во широк професионален спектар.

Проф. Ланг, во последните пет години, е носител на повеќе од 20 проекти во областа на пулмоналната артеријална хипертензија, хемодинамиката, васкуларната резистентност, акутниот инфаркт на миокардот, миокардната регенерација, тромбозата, хемостазата и васкуларната оклузија.

Од активноста на проф. Ланг, особено од синергијата меѓу науката и практиката на која таа ѝ посветува особено внимание, произлегле многубројни истражувања и иновации.

## Придонес во развојот и меѓународната промоција на Универзитетот

Проф. д-р Ланг е докажан пријател на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и на Република Македонија. Посебно треба да се одбележи фактот дека таа е иницијатор на воведување на нови методи од областа на интервентната кардиологија, како и иницијатор за изведување на студии на Универзитетската клиника за кардиологија на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје: воведување на интервентна метода за интракоронарна апликација на матични клетки при акутен инфаркт на

миокардот (MYSTAR study, 2007), воведување на метода на аспирациона тромбектомија при акутен инфаркт на миокардот (2009), ментор на докторска дисертација на Универзитетската клиника за кардиологија и др.

Од особено значење за Универзитетот и пошироко е тоа што проф. Ланг на Клиниката за кардиологија, АКХ, при Медицинскиот универзитет во Виена, прифатила и овозможила студиски престои на наши докторанди и магистри.

Од 2007 година, проф. Ланг е визитинг-професор на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде што во повеќе наврати одржува серија исклучителни предавања.

Со нејзино залагање, Медицинскиот факултет, меѓу факултетите, универзитетите и стручните кругови во Европа, е силно промовиран како значајна високообразовна и научна институција не само за Република Македонија, туку и пошироко.

**Заклучок и предлог**

За Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, голема чест е да се има проф. д-р Ирене Марта Ланг во своите редови. Со доделувањето на титулата почесен доктор (doctor honoris causa), Универзитетот ќе добие врвен стручњак од областа на медицинските науки, афирмиран научник, искусен едукатор и докажан пријател на нашиот Универзитет и Република Македонија.

Врз основа на гореизнесеното, имаме голема чест и задоволство да му предложиме на Сенатот на Универзитетот да ѝ ја додели титулата почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на проф. д-р Ирене Марта Ланг, редовен професор на Медицинскиот универзитет во Виена, Австрија.

Рецензентска комисија

Академик Сашко Кедев,
редовен професор, Медицински факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, с.р.

Д-р Елизабета Србиновска-Костовска,
редовен професор, Медицински факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, с.р.

Д-р Христо Пејков,
насловен доцент, Медицински факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, с.р.

Научни публикации:


1. Winter MP, Wiesbauer F, Alimohammadi A, et al. Soluble Galectin-3 is Associated with Premature Myocardial Infarction. Eur J Clin Invest 2016.
2. Skride A, Sablinskis K, Klepetko W, Lang I. Choriocarcinoma mimicking chronic thromboembolic pulmonary hypertension. Eur Heart J 2016.
3. Siller-Matula JM, Hintermeier A, Kastner J, et al. Distribution of clinical events across platelet aggregation values in all-comers treated with prasugrel and ticagrelor. Vascular pharmacology 2016;79:6-10.
4. Schrutka L, Goliasch G, Meyer B, et al. Impaired High-Density Lipoprotein Anti-Oxidant Function Predicts Poor Outcome in Critically Ill Patients. PLoS One 2016;11:e0151706.
5. Roth C, Schrutka L, Binder C, et al. Liver function predicts survival in patients undergoing extracorporeal membrane oxygenation following cardiovascular surgery. Crit Care 2016;20:57.
6. Kammerlander AA, Marzluf BA, Zotter-Tufaro C, et al. T1 Mapping by CMR Imaging: From Histological Validation to Clinical Implication. JACC Cardiovasc Imaging 2016;9:14-23.
7. Hasenfuss G, Hayward C, Burkhoff D, et al. A transcatheter intracardiac shunt device for heart failure with preserved ejection fraction (REDUCE LAP-HF): a multicentre, open-label, single-arm, phase 1 trial. Lancet (London, England) 2016;387:1298-304.
8. Delcroix M, Lang I, Pepke-Zaba J, et al. Long-Term Outcome of Patients With Chronic Thromboembolic Pulmonary Hypertension: Results From an International Prospective Registry. Circulation 2016;133:859-71.
9. Dalos D, Vertesich M, Jakowitsch J, Lang IM. Restenosis after coronary spasm in a bioresorbable vascular scaffold. Coron Artery Dis 2016;27:159-61.
10. Altmann J, Sharma S, Lang IM. Advances in our understanding of mechanisms of venous thrombus resolution. Expert Rev Hematol 2016;9:69-78.
11. Zotter-Tufaro C, Mascherbauer J, Duca F, et al. Prognostic Significance and Determinants of the 6-Min Walk Test in Patients With Heart Failure and Preserved Ejection Fraction. JACC Heart Fail 2015;3:459-66.
12. Urban P, Meredith IT, Abizaid A, et al. Polymer-free Drug-Coated Coronary Stents in Patients at High Bleeding Risk. N Engl J Med 2015;373:2038-47.
13. Tsiantoulas D, Perkmann T, Afonyushkin T, et al. Circulating microparticles carry oxidation-specific epitopes and are recognized by natural IgM antibodies. Journal of lipid research 2015;56:440-8.
14. Sitbon O, Channick R, Chin KM, et al. Selexipag for the Treatment of Pulmonary Arterial Hypertension. N Engl J Med 2015;373:2522-33.
15. Siller-Matula JM, Akca B, Neunteufl T, et al. Inter-patient variability of platelet reactivity in patients treated with prasugrel and ticagrelor. Platelets 2015:1-5.
16. Mangold A, Alias S, Scherz T, et al. Coronary Neutrophil Extracellular Trap Burden and Deoxyribonuclease Activity in ST-Elevation Acute Coronary Syndrome Are Predictors of ST-Segment Resolution and Infarct Size. Circulation research 2015;116:1182-92.

17. Lang IM, Gaine SP. Recent advances in targeting the prostacyclin pathway in pulmonary arterial hypertension. Eur Respir Rev 2015;24:630-41.

18. Lang I. Chronic thromboembolic pulmonary hypertension: a distinct disease entity. Eur Respir Rev 2015;24:246-52.

19. Konstantinides SV, Torbicki A, Agnelli G, et al. Corrigendum to: 2014 ESC Guidelines on the diagnosis and management of acute pulmonary embolism. Eur Heart J 2015.

20. Kammerlander AA, Marzluf BA, Zotter-Tufaro C, et al. T1 Mapping by CMR Imaging: From Histological Validation to Clinical Implication. JACC Cardiovasc Imaging 2015.

21. Jolly SS, Cairns JA, Yusuf S, et al. Randomized trial of primary PCI with or without routine manual thrombectomy. N Engl J Med 2015;372:1389-98.

22. Hobl EL, Reiter B, Schoergenhofer C, et al. Morphine interaction with prasugrel: a double-blind, cross-over trial in healthy volunteers. Clin Res Cardiol 2015.

23. Goliasch G, Zotter-Tufaro C, Aschauer S, et al. Outcome in Heart Failure with Preserved Ejection Fraction: The Role of Myocardial Structure and Right Ventricular Performance. PLoS One 2015;10:e0134479.

24. Gerges M, Gerges C, Pistritto AM, et al. Pulmonary Hypertension in Heart Failure. Epidemiology, Right Ventricular Function, and Survival. Am J Respir Crit Care Med 2015;192:1234-46.

25. Gerges M, Gerges C, Lang IM. Advanced imaging tools rather than hemodynamics should be the primary approach for diagnosing, following, and managing pulmonary arterial hypertension. Can J Cardiol 2015;31:521-8.

26. Gerges C, Gerges M, Skoro-Sajer N, et al. Hemodynamic thresholds for pre-capillary pulmonary hypertension. Chest 2015.

27. Gerges C, Gerges M, Lang IM. Characterization of pulmonary hypertension in heart failure using the diastolic pressure gradient: the conundrum of high and low diastolic pulmonary gradient. JACC Heart Fail 2015;3:424-5.

28. Galie N, Humbert M, Vachiery JL, et al. 2015 ESC/ERS Guidelines for the diagnosis and treatment of pulmonary hypertension: The Joint Task Force for the Diagnosis and Treatment of Pulmonary Hypertension of the European Society of Cardiology (ESC) and the European Respiratory Society (ERS)Endorsed by: Association for European Paediatric and Congenital Cardiology (AEPC), International Society for Heart and Lung Transplantation (ISHLT). Eur Heart J 2015.

29. Erlinge D, Gotberg M, Noc M, et al. Therapeutic hypothermia for the treatment of acute myocardial infarction-combined analysis of the RAPID MI-ICE and the CHILL-MI trials. Ther Hypothermia Temp Manag 2015;5:77-84.

30. Distelmaier K, Schrutka L, Seidl V, et al. Pro-oxidant HDL predicts poor outcome in patients with ST-elevation acute coronary syndrome. Thromb Haemost 2015;114:133-8.

31. Distelmaier K, Roth C, Binder C, et al. Urinary Output Predicts Survival in Patients Undergoing Extracorporeal Membrane Oxygenation Following Cardiovascular Surgery. Crit Care Med 2015.

32. Choi JO, Daly RC, Lin G, et al. Impact of surgical ventricular reconstruction on sphericity index in patients with ischaemic cardiomyopathy: follow-up from the STICH trial. Eur J Heart Fail 2015;17:453-63.

33. Altmann J, Sharma S, Lang IM. Advances in our understanding of mechanisms of venous thrombus resolution. Expert Rev Hematol 2015:1-10.

34. Zabini D, Heinemann A, Foris V, et al. Comprehensive analysis of inflammatory markers in chronic thromboembolic pulmonary hypertension patients. Eur Respir J 2014;44:951-62.
35. Wilkens H, Lang I, Blankenburg T, et al. [Chronic thromboembolic pulmonary hypertension--a position paper]. Dtsch Med Wochenschr 2014;139 Suppl 4:S155-65.
36. Skoro-Sajer N, Marta G, Gerges C, et al. Surgical specimens, haemodynamics and long-term outcomes after pulmonary endarterectomy. Thorax 2014;69:116-22.
37. Skoro-Sajer N, Lang IM. Selexipag for the treatment of pulmonary arterial hypertension. Expert Opin Pharmacother 2014;15:429-36.
38. Skoro-Sajer N, Lang I. Extended-release oral treprostinil for the treatment of pulmonary arterial hypertension. Expert review of cardiovascular therapy 2014;12:1391-9.
39. Siller-Matula JM, Lang IM, Neunteufl T, et al. Interplay between genetic and clinical variables affecting platelet reactivity and cardiac adverse events in patients undergoing percutaneous coronary intervention. PLoS One 2014;9:e102701.
40. Siller-Matula JM, Arbesu I, Jilma B, Maurer G, Lang IM, Mannhalter C. Association between the rs342293 polymorphism and adverse cardiac events in patients undergoing percutaneous coronary intervention. Thromb Haemost 2014;111:1060-6.
41. Moser B, Megerle A, Bekos C, et al. Local and systemic RAGE axis changes in pulmonary hypertension: CTEPH and iPAH. PLoS One 2014;9:e106440.
42. Meyer G, Vicaut E, Danays T, et al. Fibrinolysis for patients with intermediate-risk pulmonary embolism. N Engl J Med 2014;370:1402-11.
43. Lang IM, Madani M. Update on chronic thromboembolic pulmonary hypertension. Circulation 2014;130:508-18.
44. Krenn L, Kopp C, Glogar D, et al. Cost-effectiveness of percutaneous coronary intervention with drug-eluting stents in patients with multivessel coronary artery disease compared to coronary artery bypass surgery five-years after intervention. Catheter Cardiovasc Interv 2014;84:1029-39.
45. Konstantinides SV, Torbicki A, Agnelli G, et al. 2014 ESC guidelines on the diagnosis and management of acute pulmonary embolism. Eur Heart J 2014;35:3033-69, 69a-69k.
46. Konstantinides S, Torbicki A, Agnelli G, et al. [2014 ESC Guidelines on the diagnosis and management of acute pulmonary embolism]. Kardiologia polska 2014;72:997-1053.
47. Klose H, Opitz C, Bremer H, et al. [Targeted therapy of pulmonary arterial hypertension (PAH)]. Dtsch Med Wochenschr 2014;139 Suppl 4:S142-50.
48. Kim NH, Delcroix M, Jenkins DP, et al. [Chronic thromboembolic pulmonary hypertension]. Turk Kardiyol Dern Ars 2014;42 Suppl 1:119-29.
49. Grunig E, Ehlken N, Hohenforst-Schmidt W, et al. [Supportive therapy in pulmonary arterial hypertension]. Dtsch Med Wochenschr 2014;139 Suppl 4:S136-41.
50. Gerges C, Skoro-Sajer N, Lang IM. Right ventricle in acute and chronic pulmonary embolism (2013 Grover Conference series). Pulmonary circulation 2014;4:378-86.
51. Gerges C, Lang IM. Changing perceptions in pulmonary hypertension. Lancet Respir Med 2014;2:21-3.
52. Frey MK, Alias S, Winter MP, et al. Splenectomy is modifying the vascular remodeling of thrombosis. Journal of the American Heart Association 2014;3:e000772.

53. Erlinge D, Gotberg M, Lang I, et al. Rapid endovascular catheter core cooling combined with cold saline as an adjunct to percutaneous coronary intervention for the treatment of acute myocardial infarction. The CHILL-MI trial: a randomized controlled study of the use of central venous catheter core cooling combined with cold saline as an adjunct to percutaneous coronary intervention for the treatment of acute myocardial infarction. J Am Coll Cardiol 2014;63:1857-65.
54. Distelmaier K, Winter MP, Rutzler K, et al. Serum butyrylcholinesterase predicts survival after extracorporeal membrane oxygenation after cardiovascular surgery. Crit Care 2014;18:R24.
55. Distelmaier K, Winter MP, Dragschitz F, et al. Prognostic value of culprit site neutrophils in acute coronary syndrome. Eur J Clin Invest 2014;44:257-65.
56. Bonderman D, Pretsch I, Steringer-Mascherbauer R, et al. Acute hemodynamic effects of riociguat in patients with pulmonary hypertension associated with diastolic heart failure (DILATE-1): a randomized, double-blind, placebo-controlled, single-dose study. Chest 2014;146:1274-85.
57. Badr Eslam R, Posch F, Lang IM, et al. Association of Thrombin Generation Potential with Platelet PAR-1 Regulation and P-Selectin Expression in Patients on Dual Antiplatelet Therapy. J Cardiovasc Transl Res 2014.
58. Avouac J, Huscher D, Furst DE, et al. Expert consensus for performing right heart catheterisation for suspected pulmonary arterial hypertension in systemic sclerosis: a Delphi consensus study with cluster analysis. Ann Rheum Dis 2014;73:191-7.
59. Authors/Task Force M, Konstantinides SV, Torbicki A, et al. 2014 ESC Guidelines on the diagnosis and management of acute pulmonary embolism: The Task Force for the Diagnosis and Management of Acute Pulmonary Embolism of the European Society of Cardiology (ESC) Endorsed by the European Respiratory Society (ERS). Eur Heart J 2014.
60. Alias S, Redwan B, Panzenbock A, et al. Defective angiogenesis delays thrombus resolution: a potential pathogenetic mechanism underlying chronic thromboembolic pulmonary hypertension. Arterioscler Thromb Vasc Biol 2014;34:810-9.
61. Adlbrecht C, Wurm R, Pezawas T, et al. Effects of endothelin A receptor blockade in patients with ST-elevation acute coronary syndrome - A rhythmologic substudy. Life sciences 2014;118:430-4.
62. Adlbrecht C, Wurm R, Humenberger M, et al. Peri-interventional endothelin--a receptor blockade improves long-term outcome in patients with ST-elevation acute myocardial infarction. Thromb Haemost 2014;112:176-82.
63. Testori C, Sterz F, Delle-Karth G, et al. Strategic target temperature management in myocardial infarction--a feasibility trial. Heart 2013;99:1663-7.
64. Strobl M, Schreiber C, Panzenbock A, et al. Exhaled nitric oxide measurement to monitor pulmonary hypertension in a pneumonectomy-monocrotaline rat model. Am J Physiol Lung Cell Mol Physiol 2013;305:L485-90.
65. Pulido T, Adzerikho I, Channick RN, et al. Macitentan and morbidity and mortality in pulmonary arterial hypertension. N Engl J Med 2013;369:809-18.
66. Pejkov H, Kedev S, Panov S, Srbinovska-Kostovska E, Lang I. Atherosclerosis of coronary blood vessels - local or systemic inflamation? Prilozi / Makedonska akademija na naukite i umetnostite, Oddelenie za bioloski i medicinski nauki =

Contributions / Macedonian Academy of Sciences and Arts, Section of Biological and Medical Sciences 2013;34:5-11.
67. Mehra MR, Park MH, Landzberg MJ, Lala A, Waxman AB. Right heart failure: toward a common language. Pulmonary circulation 2013;3:963-7.
68. Mascherbauer J, Marzluf BA, Tufaro C, et al. Cardiac magnetic resonance postcontrast T1 time is associated with outcome in patients with heart failure and preserved ejection fraction. Circ Cardiovasc Imaging 2013;6:1056-65.
69. Lang IM, Simonneau G, Pepke-Zaba JW, et al. Factors associated with diagnosis and operability of chronic thromboembolic pulmonary hypertension. A case-control study. Thromb Haemost 2013;110:83-91.
70. Lang IM, Pesavento R, Bonderman D, Yuan JX. Risk factors and basic mechanisms of chronic thromboembolic pulmonary hypertension: a current understanding. Eur Respir J 2013;41:462-8.
71. Kim NH, Delcroix M, Jenkins DP, et al. Chronic thromboembolic pulmonary hypertension. J Am Coll Cardiol 2013;62:D92-9.
72. Kellermair J, Redwan B, Alias S, et al. Platelet endothelial cell adhesion molecule 1 deficiency misguides venous thrombus resolution. Blood 2013;122:3376-84.
73. Gremmel T, Eslam RB, Koppensteiner R, Lang IM, Panzer S. Prasugrel reduces agonists' inducible platelet activation and leukocyte-platelet interaction more efficiently than clopidogrel. Cardiovasc Ther 2013.
74. Ghofrani HA, Galie N, Grimminger F, et al. Riociguat for the treatment of pulmonary arterial hypertension. N Engl J Med 2013;369:330-40.
75. Ghofrani HA, D'Armini AM, Grimminger F, et al. Riociguat for the treatment of chronic thromboembolic pulmonary hypertension. N Engl J Med 2013;369:319-29.
76. Gerges C, Gerges M, Lang MB, et al. Diastolic pulmonary vascular pressure gradient: a predictor of prognosis in "out-of-proportion" pulmonary hypertension. Chest 2013;143:758-66.
77. Feldman AM, Mann DL, She L, et al. Prognostic significance of biomarkers in predicting outcome in patients with coronary artery disease and left ventricular dysfunction: results of the biomarker substudy of the Surgical Treatment for Ischemic Heart Failure trials. Circ Heart Fail 2013;6:461-72.
78. Distelmaier K, Niessner A, Haider D, et al. Long-term mortality in patients with chronic obstructive pulmonary disease following extracorporeal membrane oxygenation for cardiac assist after cardiovascular surgery. Intensive Care Med 2013.
79. Delcroix M, Vonk Noordegraaf A, Fadel E, Lang I, Simonneau G, Naeije R. Vascular and right ventricular remodelling in chronic thromboembolic pulmonary hypertension. Eur Respir J 2013;41:224-32.
80. Bonderman D, Graf A, Kammerlander AA, et al. Factors determining patient-prosthesis mismatch after aortic valve replacement--a prospective cohort study. PLoS One 2013;8:e81940.
81. Badr Eslam R, Lang IM, Koppensteiner R, Calatzis A, Panzer S, Gremmel T. Residual platelet activation through protease-activated receptors (PAR)-1 and -4 in patients on P2Y12 inhibitors. Int J Cardiol 2013;168:403-6.
82. Badr Eslam R, Lang IM, Kaider A, Panzer S. Human platelet protease-activated receptor-1 responsiveness to thrombin related to P2Y12 inhibition. Transl Res 2013;161:414-20.

83. Alias S, Lang IM. Coagulation and the vessel wall in pulmonary embolism. Pulmonary circulation 2013;3:728-38.

84. Zabini D, Nagaraj C, Stacher E, et al. Angiostatic factors in the pulmonary endarterectomy material from chronic thromboembolic pulmonary hypertension patients cause endothelial dysfunction. PLoS One 2012;7:e43793.

85. Simonneau G, Torbicki A, Hoeper MM, et al. Selexipag: an oral, selective prostacyclin receptor agonist for the treatment of pulmonary arterial hypertension. Eur Respir J 2012;40:874-80.

86. Siller-Matula JM, Delle-Karth G, Lang IM, et al. Phenotyping vs. genotyping for prediction of clopidogrel efficacy and safety: the PEGASUS-PCI study. J Thromb Haemost 2012;10:529-42.

87. Sadushi-Kolici R, Skoro-Sajer N, Zimmer D, et al. Long-term treatment, tolerability, and survival with sub-cutaneous treprostinil for severe pulmonary hypertension. J Heart Lung Transplant 2012;31:735-43.

88. Roe MT, Armstrong PW, Fox KA, et al. Prasugrel versus clopidogrel for acute coronary syndromes without revascularization. N Engl J Med 2012;367:1297-309.

89. Mangold A, Puthenkalam S, Distelmaier K, Adlbrecht C, Preissner KT, Lang IM. Phenotypic characterization of leukocytes at the culprit lesion site in acute coronary syndrome. European Society of Cardiology Frontiers in Cardiovascular Biology 2012; London. p. Poster 394.

90. Lang IM, Benza R. Pulmonary hypertension: chapters of innovation and tribulation. Eur Heart J 2012;33:961-8.

91. Lang I, Jais X. Chronic Thromboembolic Pulmonary Hypertension. In: AG SK, ed. Progress in Respiratory Research. Basel2012.

92. Kim NH, Lang IM. Risk factors for chronic thromboembolic pulmonary hypertension. Eur Respir Rev 2012;21:27-31.

93. Frey MK, Lang I. Tadalafil for the treatment of pulmonary arterial hypertension. Expert Opin Pharmacother 2012;13:747-55.

94. Distelmaier K, Adlbrecht C, Jakowitsch J, et al. Proteomic profiling of acute coronary thrombosis reveals a local decrease in pigment epithelium-derived factor in acute myocardial infarction. Clin Sci (Lond) 2012;123:111-9.

95. Dettke M, Leitner G, Kopp CW, Chen Y, Gyongyosi M, Lang I. Processing of autologous bone marrow cells by apheresis technology for cell-based cardiovascular regeneration. Cytotherapy 2012;14:1005-10.

96. Bonderman D, Wexberg P, Heinzl H, Lang IM. Non-invasive algorithms for the diagnosis of pulmonary hypertension. Thromb Haemost 2012;108:1037-41.

97. Badr Eslam R, Gremmel T, Schneller A, et al. High levels of platelet-monocyte aggregates after valve replacement for aortic stenosis: relation to soluble P-selectin and P-selectin glycoprotein ligand-1 genes. Thromb Res 2012;129:453-8.

98. Adlbrecht C, Andreas M, Redwan B, et al. Systemic endothelin receptor blockade in ST-segment elevation acute coronary syndrome protects the microvasculature: a randomised pilot study. EuroIntervention 2012;7:1386-95.

99. Wilkens H, Lang I, Behr J, et al. Chronic thromboembolic pulmonary hypertension (CTEPH): updated Recommendations of the Cologne Consensus Conference 2011. Int J Cardiol 2011;154 Suppl 1:S54-60.

100. Springer J, Lainscak M, Salobir B, Lang IM. Treatment of pulmonary hypertension: bench to bedside. Respir Med 2011;105 Suppl 1:S7-11.

101. Pepke-Zaba J, Delcroix M, Lang I, et al. Chronic thromboembolic pulmonary hypertension (CTEPH): results from an international prospective registry. Circulation 2011;124:1973-81.
102. Montani D, Lang IM. Mast cells: bridging the gap between pre- and post-capillary pulmonary hypertension? Eur Respir J 2011;37:1303-5.
103. Mayer E, Jenkins D, Lindner J, et al. Surgical management and outcome of patients with chronic thromboembolic pulmonary hypertension: results from an international prospective registry. J Thorac Cardiovasc Surg 2011;141:702-10.
104. Martischnig AM, Tichy A, Nikfardjam M, Heinz G, Lang IM, Bonderman D. Inhaled iloprost for patients with precapillary pulmonary hypertension and right-side heart failure. J Card Fail 2011;17:813-8.
105. Eslam RB, Reiter N, Kaider A, Lang IM, Panzer S. High-shear- and-thrombin-inducible platelet adhesion and aggregation in patients undergoing percutaneous coronary intervention. Effects of unfractionated heparin versus bivalirudin. Thromb Haemost 2011;105:496-500.
106. Bonderman D, Wexberg P, Martischnig AM, et al. A noninvasive algorithm to exclude pre-capillary pulmonary hypertension. Eur Respir J 2011;37:1096-103.
107. Bonderman D, Martischnig AM, Vonbank K, et al. Right ventricular load at exercise is a cause of persistent exercise limitation in patients with normal resting pulmonary vascular resistance after pulmonary endarterectomy. Chest 2011;139:122-7.
108. Bonderman D, Lang I. Chronic Thromboembolic Pulmonary Hypertension. In: Peacock A, Naeije R, Rubin LJ, eds. Pulmonary Circulation: Diseases and Their Treatment. London: Hodder&Stoughton Ltd; 2011:528-38.
109. Benza RL, Gomberg-Maitland M, Naeije R, Arneson CP, Lang IM. Prognostic factors associated with increased survival in patients with pulmonary arterial hypertension treated with subcutaneous treprostinil in randomized, placebo-controlled trials. J Heart Lung Transplant 2011;30:982-9.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ТИТУЛАТА ПОЧЕСЕН ДОКТОР (DOCTOR HONORIS CAUSA) НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ, НА Д-Р ЕВАМАРИ ХЕЈ-ХОКИНС, РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ЛАЈПЦИГ, ГЕРМАНИЈА

Врз основа на Одлуката бр. 09-373/5 донесена на седницата на Комисијата за наука, Комисијата за настава и Комисијата за соработка со универзитетите во земјата и во странство на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, одржана на 8. 4. 2016 година, по предлог на ректорот проф. д-р Велимир Стојковски, формирана е Рецензентска комисија за доделување на титулата почесен доктор (doctor honoris causa), на д-р Евамари Хеј-Хокинс, професор на Факултетот за хемија и минерологија, при Универзитетот во Лајпциг, Германија, во состав: д-р Валентин Мирчески, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, д-р Гордана Богоева-Гацева, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет и д-р Слоботка Алексовска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по подробното запознавање со доставениот материјал за кандидатот, чест ни е да го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Д-р Евамари Хеј-Хокинс е редовен професор по неорганска хемија на Универзитетот во Лајпциг, Германија. Високото образование, докторатот на науки и докторската хабилитација од областа на хемијата ги стекнала на Универзитетот во Марбург, Германија, заклучно со 1988 година. Своето стручно усовршување во полето на неорганската хемија го продолжила на повеќе реномирани универзитети во светот, како што се Универзитетот во Сасекс, Велика Британија, и на два универзитета во Австралија (Универзитетот во Западна Австралија и Националниот Универзитет на Австралија во Камбера). Во периодот 1988/1990 година работела како истражувач на Институтот за хемија на цврста состојба „Макс Планк“, во Штутгард, а од 1990 до 1993 година била гостин-истражувач на Универзитетот во Карлсруе, Германија. Академската кариера како универзитетски наставник ја започнала на универзитетите во Хохенхајм (Штутгард) и Хајделберг, како предавач во периодот од 1990 до 1992 година, а од април 1993 година е редовен професор на Факултетот за хемија и минерологија при Универзитетот во Лајпциг. Во периодот 2001/2005 година извршувала раководни функции во деканатот на истиот Факултет. Заради високото меѓународно реноме, таа во повеќе наврати е избирана за визитинг-професор во различни универзитети во светот, како што се: Универзитетот Дензил во Памукале, Турција (2007), Универзитетот 1 во Рен, Франција (2007), Универзитетот Катенбери во Нов Зеланд (2007), и во два наврата (2008, 2009) на Универзитетот „Монаш“ во Мелбурн, Австралија.

Од широката лепеза на академски и професионални активности може да се издвои дека од 1988 година наваму членува и активно работи во повеќе германски академски друштва и асоцијации, во кои спаѓаат Германското хемиско друштво, Друштвото на германски професори по хемија, Здружението „Велер“ при Германското хемиско друштво, Националната германска фондација итн. Како врвен светски експерт во полето на хемијата, таа е член на повеќе уредувачки одбори на реномирани меѓународни научни списнија како што се: *Z. Anorg. Allg. Chem.* (од 2002), *Chemistry Central Journal* (од

2007), *Inorganics* (од 2012), *Biochemical and Biophysical Journal of Neutron Therapy & Cancer Treatments* (од 2012) и *ChemPlusChem* (од 2011) итн. Покрај тоа, се јавува како рецензент во голем број научни списанија (*Angewandte Chemie, Chemistry, European Journal of Inorganic Chemistry, Organometallics, Inorganic Chemistry, Heteroatom Chemistry, Polyhedron, Journal of Organometallic Chemistry, Zeitschrift für Anorganische und Allgemeine Chemie* итн.) и како евалуатор на академските резултати во различни фондации и национални организации за поддршка на научноистражувачката работа (German National Merit Foundation, Deutscher Akademische Austauschdienst (DAAD), Deutsche Forschungsgemeinschaft, Australian Research Council итн.).

Професорката Хеј-Хокинс е водечки експерт во повеќе научни области од доменот на синтетичката, органската и биоорганската хемија, најчесто поврзани со соединенијата на фосфор, јаглерод и комплексните соединенија на преодните елементи. Особено е импресивен придонесот во областа на соединенијата наречени карборани како нови фармаколошки активни агенси. Нејзините публикации за соединенијата асборин, аналог на аспиринот, и индоборан, аналог на лекот индометацин, привлекоа внимание на научната јавност и фармацевтската индустрија на глобално ниво. Високото научно ниво е видливо од нејзиниот импресивен издавачки опус кој вклучува повеќе од 410 научни публикации во интернационални списанија со фактор на влијание, 4 патенти, прилози во 14 книги и монографии, како и повеќе од 245 пленарни и предавања по покана, одржани на различни национални и меѓународни научни манифестации. Оттука, нејзината истражувачка група е со високо меѓународно реноме, што се гледа и од широката поддршка на меѓународните фондации, како и координирањето на различни интернационални мрежи на истражувачи, како што се мрежата "European Phosphorus Sciences Network" (PhoSciNet, CM0802) и COST-мрежата "Smart Inorganic Polymers" (SIPs, CM1302) со учество на 26 земји од Европа. Како водач на истражувачка група, во овој период под нејзино менторство се изработуваат околу 30 докторски дисертации и повеќе магистерски тези, а е гостин и на неколку постдокторанди. Досега била ментор на повеќе од 65 доктори на науки, од кои значителен дел се веќе видни членови на меѓународната акдемска заедница со сопствена научна кариера.

Проф. Евамари Хеј-Хокинс е носител на поголем број награди и признанија. Со оглед на нејзиниот исклучителен придонес кон развојот на хемијата на глобално ниво, Интернационалната унија за чиста и применета хемија (IUPAC) и ја доделила наградата *Distinguished Woman in Chemistry or Chemical Engineering Award* во 2013 год. Од другите бројни признанија вредно е да се спомне наградата *Elhúyar-Goldschmidt Lecture Award* како заедничка награда на Германското хемиско друштво (German Chemical Society) и Кралското хемиско друштво на Шпанија (Royal Spanish Chemical Society). Вредно е да се спомне дека Универзитетот Бабеш-Болај од Клуж-Напока (Романија) во 2014 година и доделил титула – почесен доктор на науките.

Идејата за поведување иницијатива за доделување на титулата почесен доктор (doctor honoris causa) на проф. д-р Евамари Хеј-Хокинс произлезе, пред сè, од нејзиниот исклучителен придонес во развојот на хемијата на глобално ниво, но и од нејзиниот значаен придонес во развојот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", преку децениската соработката со Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет, во рамките на проектот *International Master and Postgraduate Study Programme in Material Science and Catalysis* (MatCatNet), поддржан од специјалната програма на Германската фондација за академска размена (*Deutscher Akademische Austauschdienst* (DAAD)), а во рамките на Пактот за стабилизација и асоцијација на земјите од Југоисточна Европа, кој започна во 2005 година. Покрај перманентното координирање на спомнатиот проект во изминативе *десет години*, проф. Хеј-Хокинс беше и главен координатор на TEMPUS-проектот: *Реформи и унапредување на додипломските студии по хемија во Македонија* (2006-

2009), како и научностражувачкиот проект: *Characterization and properties of chemisorbed ferrocene derivatives on different solid adsorbents for their application in heterogeneous catalysis by employing vibrational spectroscopy methods and techniques* (2011-2015), поддржан од реномираната фондација „Александер фон Хумболт".

Во проектот MatCatNet, кој започна во 2005 година под раководство на проф. Хеј-Хокинс, а кој сѐ уште трае, учествуваат факултети од седум универзитети од регионот, меѓу кои уште од самиот почеток учествува и Природно-математичкиот факултет преку Институтот за хемија. Целта на овој проект е развој на постдипломските студии, размена на искуства, пренос на знаење, научна соработка, размена на студенти и академски кадар, реализирани преку одржување интензивни курсеви од обласата на науката за материјали и катализа, финансиска поддршка на студиски престои, донации на книги и лабораториска опрема, како и директна финансиска поддршка на студентите во текот на нивните постдипломски студии (т.н. *sur-place* стипендии). Придобивките од овој проект за студентите и академскиот кадар на Природно-математичкиот факултет, како и за македонската хемија се значителни, за што е особено заслужна проф. Хеј-Хокинс со нејзиниот перманентен ангажман и високото реноме кое го ужива во DAAD-фондацијата. Имено, на интензивните курсеви во рамките на проектот досега учествувале над 130 студенти од Република Македонија, а 65 добиле стипендии за истражувачки престои во времетраење од 2 до 3 месеци, пред сѐ на Универзитетот во Лајпциг, Германија и на Универзитетот во Клуж-Напока, Романија, каде тие имале можност да научат нови, современи методи, да се сретнат со инструменти и техники што не се достапни во нашата средина, што несомнено довело до нивно стручно профилирање. Покрај тоа, доделени се 14 стипендии за семестрален престој или за целосна изработка на магистерската работа, како и стипендии за специјализирани школи за учење германски јазик. Особено е важно да се спомне директната финансиска помош на 45 студенти од постдипломските студии на Природно-математичкиот факултет во облик на *sur-place* стипендии, што е од особена важност за развојот и одржувањето на овој вид студии на Факултетот. Покрај ова, неколку студенти од Природно-математичкиот факултет добиле целосни докторски позиции во истражувачкиот тим во Лајпциг, финасиски поддржани од други проекти на проф. Хеј-Хокинс.

Оттука, придобивките од соработката со професорката Евамари Хеј-Хокинс на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет се многукратни и очигледни. Нејзиниот децениски ангажман придонел за подигање на целокупното академско и научно ниво на Факултетот, ги подобрил материјалните услови за неговата работа, придонел кон кариерниот развој на голем број студенти и го подигнал угледот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" пред меѓународната академска јавност.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

За која било институција во светот што се занимава со истражувања во обласата на природно-математичките науки би било голема чест да ја има проф. Евамари Хеј-Хокинс во своите редови. Честа е, секако, голема и за Природно-математичкиот факултет и за Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Со доделувањето на титулата почесен доктор на проф. Евамари Хеј-Хокинс, Факултетот и Универзитетот ќе добијат врвен научник и едукатор, човек кој повеќе децении работи во дејноста и ја шири научната мисла, а во својата работа строго се држи до принципите на научната етика.

Врз основа на податоците за севкупната дејност на кандидатката Евамари Хеј-Хокинс, посебно имајќи ги предвид нејзиниот ангажман и придонес во развојот на Природно-математичкиот факултет и Институтот за хемија и во афирмацијата на

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и на Република Македонија во меѓународното опкружување, Комисијата има чест и големо задоволство да му предложи на Универзитетскиот сенат да донесе одлука за доделување на титулата почесен доктор (doctor honoris causa) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на д-р Евамари Хеј-Хокинс од Универзитетот во Лајпциг, Германија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Валентин Мирчески,

редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје с.р.

Проф. д-р Гордана Богоева-Гацева,

редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје с.р.

Проф. д-р Слоботка Алексовска,

редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје с.р.

**ПРЕГЛЕД**
**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

**1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Бранко Анѓеловски | Застапеност и значење на синдромот на постпородилната дисгалакција кај фармски одгледуваните маторици во Република Македонија | Prevalence and significance of the postpartum dysgalactia syndrome in farmed sows in the Republic of Macedonia | Проф. д-р Тони Довенски | Бр. 0202-418/6 од 4.03.2016 година |

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Универзитет„Св. Кирил и Методиј” - Скопје**
Факултетот за електротехника и информациски технологии

**Преглед**

на прифатени теми за изработка на магистерски труд

од наставно-научниот совет

**1. Електроенергетски системи**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Мерита Дема | Анализа на можностите за примена на интелигентни броила како предуслов за реализација на интелигентните електроенергетски мрежи | Analysis of possibilities for Smart Metering implementation as a precondition for application of Smart Grids | Проф. д-р Весна Борозан | 02-350/21 17.2.2016 |

**2. Регулатива во енергетика, електронски комуникации и сообраќај**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Маја Зенковиќ | Регулатива за животната средина во енергетскиот сектор во Република Македонија, со осврт кон енергетската ефикасност и намалувањето на емисиите на стакленички гасови | Environmental regulation in the energy sector in the Republic of Macedonia with special emphasis on the energy efficiency and reduction of greenhouse gas emissions | проф. д-р Марија Кацарска | 02-350/22 17.2.2016 |
| 2 | Марија Костадиновска | Имплементација на европското законодавство за следење на функционирањето на пазарот на електрична енергија во Република Македонија | Implementation on the European Law on electricity market monitoring in the Republic of Macedonia | проф. д-р Весна Борозан | 02-350/23 17.2.2016 |
| 3 | Горан Попоски | Анализа на потребата од консолидација на пазарот на кабелски оператори и нивна технолошка надградба | Need of consolidation and technology upgrade for the Cable operators | проф. д-р Александар Ристески | 02-350/24 17.2.2016 |

**3. Автоматика, роботика и системско инженерство**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Бобан Темелковски | Систем за проценка на состојба на пациенти базиран на фази логика | Fuzzy Logic Based System for Evaluation of Patients' Condition | Доц. д-р Горан Стојановски | 02-350/25 17.2.2016 |
| 2 | Љубен Нечевски | Проектирање на алгоритам за управување на беспилотно летало за следење траекторија | Design of a control algorithm for unmanned aerial vehicle maneuvring | Доц. д-р Горан Стојановски | 02-350/26 17.2.2016 |
| 3 | Кристијан Косевски | Систем за следење на асинхрони мотори | Monitoring System for Induction Motors | Проф. д-р Гога Цветковски | 02-350/27 17.2.2016 |

**4. Обновливи извори на енергија,**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Драги Ристески | Ризици при експлоатација на ветрогенератори и развој на методологија за нивно намалување | Exploitation risks of wind generators and development of methodology for their suppression | Проф. д-р Влтко Стоилков | 02-350/28 17.2.2016 |

**5. Енергетската ефикасност, животната средина и одржлив развој**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Трајан Ефремов | Современи системи за контрола и управување на енергетска потрошувачка во станбени и деловни објекти | Modern systems for control and management of energy consumption in residential and commercial buildings | Проф. д-р Антон Чаушевски | 02-350/29 17.2.2016 |
| 2 | Игор Пауновски | Развој на Национален интегриран информационен систем за животна средина | Development of National Integrated Environmental Information System | Проф. д-р Христина Спасевска | 02-350/30 17.2.2016 |

**6. Комуникациски и информациски технологии**

| ред бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Горан Поповски | Дизајн на телекомуникациски сервиси за паметен дом | Design of telecommunication services for smart home | Проф. д-р Тони Јаневски | 02-350/31 17.2.2016 |
| 2 | Маја Лазаревска | Дизајн и моделирање на cloud computing системи | Design and modeling of cloud computing systems | Проф. д-р Тони Јаневски | 02-350/32 17.2.2016 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Бојан Младеновски | Анализа и дизајн на VDSL пристапни мрежи | Analysis and design of VDSL access networks | Проф. д-р Тони Јаневски | 02-350/33 17.2.2016 |
| 4 | Илија Мицкоски | Анализа на мрежен со-обраќај на cloud системи | Analysis of network traffic of cloud sys-tems | Проф. д-р Тони Јаневски | 02-350/34 17.2.2016 |
| 5 | Љупка Ѓорѓиева | Дизајн на апликативно решение за управување со паметни домови | Design of applica-tive solution for management of smart homes | Проф. д-р Тони Јаневски | 02-350/35 17.2.2016 |
| 6 | Петар Дамјановски | Организација и бизнис модели во телекому-никации -Системи за мотивација на продажни канали | Organization and business models in telecommu-nications – Motiva-tion system for sales | Проф. д-р Александар Ристески | 02-350/36 17.2.2016 |
| 7 | Дејан Крстевски | Автентикација со двоен фактор на проверка, анализа на автентика-цијата и нејзина примена | Two-Factor authen-tication, analyzes and application | Проф. д-р Александар Ристески | 02-350/37 17.2.2016 |
| 8 | Александра Стефановиќ | Емпириска анализа на доцнењето на сензорски податочен поток кај IEEE 802.11 безжичните мрежи | Empirical analysis of sensor data stre-am delay in IEEE 802.11 wireless networks | Проф. д-р Перо Латкоски | 02-350/38 17.2.2016 |
| 9 | Зоран Асенов | Нагодување и оптими-зација на консолидирана радио мрежа на GSM/UMTS/LTE оператор | Adjustment and op-timization of con-solidated radio ne-twork ofGSM/ UMTS/ LTE operator | Проф. д-р Владимир Атанасовски | 02-350/39 17.2.2016 |
| 10 | Гоце Костадинов | Анализа на квалитет на сервис (QoS) за говор преку IP и веб сервиси во LTE мобилни мрежи | Quality of Service (QoS) analysis of Voice over IP (VoIP) and Web services in LTE mobile networks | Проф. д-р Тони Јаневски | 02-350/40 17.2.2016 |

7. **Применета математика и актуарство**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Мартина Петковска | Линеарна регресија и корелација и нивна примена | Linear regression and correlation and their application | Вон. проф. д-р Катерина Хаџи Велкова Санева | 02-350/41 17.2.2016 |

**8. Безжични и мобилни комуникации**

| ред. бр | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Александар Ичков | Анализа на перформанси на хетерогени мрежи за иден мрежен дизајн на петтата генерација на мобилни мрежи | Analysis of hetero-geneous deployments for future 5G cellular networks | Проф. д-р Лилјана Гавриловска | 02-350/42 17.2.2016 |

**9. Проектен менаџмент**

| Ред. бр. | Студент | Тема на македонски јазик | Тема на англиски јазик | Предложен ментор | одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ивана Диневска | Селекција на проекти од полето на енергетска ефикасност базирана на методата „Анализа Трошоци-Придобивки“ | Project selection in the field of the Energy efficiency based on the “Cost – Benefit Analysis” method | Проф.др. Вангел Фуштиќ | 02-350/43 17.2.2016 |
| 2 | Рената Карамичева | Анализа на влијанието врз времето на софт-верската алатка JIRA при планирањето на проекти | Agile project mana-gement methods used for project im-plementation in small (or medium) companies | Доц.д-р Невенка Китева Роглева | 02-350/44 17.2.2016 |
| 3 | Ивана Лукароска | Квалитативна и квантитативна анализа на синџирот на снабдување со деривати во Окта АД, со акцент на систематско следење на загуби | Qualitative and qu-antitative analysis of the supply chain of derivatives for OKTA with empha-sis on systematic monitoring of losses | Проф. д-р Атанас Илиев | 02-350/45 17.2.2016 |
| 4 | Катерина Жарова | Методологија за одре-дување на фактори за успешност на техничките проекти | Methodology for es-timating technical projects success fac-tors | Доц. д-р Невенка Китева Роглева | 02-350/46 17.2.2016 |
| 5 | Игор Павлоски | Развој на стратегија и избор на модел за монетизација на мобилни апликации | Developing a stra-tegy and choosing a model for mone-tizing mobile appli-cations | Проф. д-р Атанас Илиев | 02-350/47 17.2.2016 |
| 6 | Мартин Петровски | Анализа на процесот на развој и имплементација на Проектен Менаџмент | Process analysis and implementati-on of Project mana-gement as develop-ment strategy in | Доц. д-р Невенка Китева Роглева | 02-350/48 17.2.2016 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | како развојна стратегија на мал бизнис | small business | | |
| 7. | Билјана Пушева | Модели за управување со квалитетот во јавната администрација со посебен осврт на моделот CAF и стандардот ISO 9001 | Quality management models in public administration with special reference to CAF and ISO 9001 | Проф. д-р Атанас Илиев | 02-350/49 17.2.2016 |
| 8. | Сања Симонова Петровска | Стратегии, процедури и техники за ефикасно и продуктивно менаџирање на виртуелни тимови | Strategies, procedures and techniques for effective and productive management of virtual project teams | Проф. д-р Атанас Илиев | 02-350/50 17.2.2016 |
| 9 | Душица Лазарова | Предизвици, ризици и придобивки од усвојување на технологиите за самостојна опслуга на аеродромите | Challenges, risks and benefits from adopting self-service technologies (SSTs) at the airports | Доц.д-р Невенка Китева Роглева | 02-350/51 17.2.2016 |
| 10 | Младен Миловановиќ | Примена на TQM за подобрување на производните процеси на компаниите во Македонија | Application of TQM for improving production process in Macedonian companies | Проф. д-р Атанас Илиев | 02-350/52 17.2.2016 |

**10. Дигитално процесирање на сигнали**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Викториа Донева | Автоматизирана класификација на пигментирани кожни лезии базирана на дерматолошки дијагностички методи | Automated classification of pigmented skin lesions based on dermatological diagnostic methods | проф. д-р Зоран Ивановски | 02-350/53 17.2.2016 |
| 2 | Александар Ѓорески | Моделирање на прозодија на говорот базирано на декомпозиција на атоми | Atom decomposition based speech prosody modeling | проф. д-р Зоран Ивановски | 02-350/54 17.2.2016 |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Универзитет„Св. Кирил и Методиј” - Скопје**
Факултетот за електротехника и информациски технологии

**Преглед**

на прифатени теми за изработка на магистерски труд

од наставно-научниот совет

1. **Проектен менаџмент**

| Ред. бр. | Студент | Тема на македонски јазик | Тема на англиски јазик | Предложен ментор | одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Јасмина Бешлиева Ивановска | Анализа на придобив-ките од имплемента-ција на стандард за менаџмент на квалитет -ISO9001 | Benefit analysis of implementa-tion of standard for quality management-ISO9001 | Проф. д-р Крсте Најденкоск и | 02-571/28 16.3.2016 |

2. **Регулатива во енергетика, електронски комуникации и сообраќај**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Љубица Караманова | Влијание на регулативата врз телекомуникацис-киот пазар | Regulation impact on the telecommu-nication market | проф. д-р Александар Ристески | 02-571/29 16.3.2016 |

3. **Енергетската ефикасност, животната средина и одржлив развој**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Марина Најдоска | Енергетски аспекти при проектирање на згради со енергија близу нула | Design of nearly zero-energy buildings | Проф. д-р Христина Спасевска | 02-571/30 16.3.2016 |

4. **Обновливи извори на енергија**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Александар Стоичовски | Економска евалуација на енергетски ефикасни системи со примена на технологии | Economic eva-luation of energy efficient systems | Проф. д-р Антон Чаушевски | 02-571/31 16.3.2016 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на ОИЕ за енергетско снабдување на индустриски објекти | using RES technologies for energy supply of industrial facilities | | |

5. **Комуникациски и информациски технологии**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Тома Трајановски | Практична реализација на HFC мрежа за мултимедиски сервиси | Practical Realization of HFC for Multimedia Services | Проф. д-р Борислав Поповски | 02-571/32 16.3.2016 |

6. **Вградливи микрокомпјутерски системи**

| ред. бр. | Студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Марјан Дрндаревски | Автоматска класификација на содржина во кориснички видеосеквенции во класите природно-вештачко на мобилен двојадрен систем | Automated classification of user generated video content in artificial-natural class on a dual-core mobile system | Проф. д-р Зоран Ивановски | 02-571/33 16.3.2016 |

# П Р Е Г Л Е Д

## на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за ликовни уметности во Скопје

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Ана Јовановска | Буквата за себе и човекот (разработка на дискурсот на моќ-причина и производ) | The letter on itself and man (elaboration of discourse of power-cause and product) | Проф. м-р Мирко Вујисиќ | 02-71/3-3 од 3. 3. 2016 год. |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |
| 4 | | | | | |
| 5 | | | | | |
| 6 | | | | | |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): МЕТОДИКА, СОЦИЈАЛНА ПАТОЛОГИЈА, СОЦИОЛОГИЈА НА РЕЛИГИЈА, СОЦИОЛОГИЈА НА МОРАЛ И СОЦИОЛОГИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 12.3.2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): методика, социјална патологија, социологија на религија, социологија на морал и социологија на образование, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 04-510/5, донесена на 30.3.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Зоран Матевски, редовен професор на Институтот за социологија, д-р Антоанела Петковска, редовен професор на Институтот за социологија и д-р Стефан Костовски, редовен професор на Катедрата за хуманистички студии.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини):методика, социјална патологија, социологија на религија, социологија на морал и социологија на образование, во предвидениот рок се пријави доц. д-р Татјана Стојаноска Иванова.

### 3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката доц. д-р Татјана Стојаноска Иванова е родена на 12.11.1975 година во Скопје. Средно образование завршила во гимназијата „Јосип Броз Тито” во Скопје на 10.6.1994 година. Со високо образование се стекнала на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј”, Филозофски факултет во Скопје, на 15.1.1999 година. Дипломирала на Институтот за социологија, Филозофски факултет - Скопје на 15.1.1999 година, со просечен успех 9,88.

Кандидатката активно се служи со македонскиот, англискиот, германскиот и српскиот јазик.

Во учебната 1999/2000 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Институтот за социологија. Завршила две насоки на постдипломски студии. Студиите ги завршила на 20.6.2007 година, со просечен успех 9,57. На 20.6.2007 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Моралните аспекти на јудаизмот, христијанството и исламот како религиски системи.*

Докторска дисертација пријавила на 19.9.2008 година на Фолозофскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: *Верските заедници и принципот на религиска толеранција во Република Македонија* ја одбранила на 29.4.2011 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Зоран Матевски, проф. д-р Антоанела Петковска, проф. д-р Илија Ацески, проф. д-р Ѓорѓе Младеновски и проф. д-р Стефан Костовски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област социологија.

На 14.09.2011 година е избран во звањето доцент на Институтот за социологија во областите: методика, социјална патологија, социологија на религија, социологија на морал и социологија на образование.

Во моментот е доцент на Институтот за социологија. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр. 1009 од 1.6.2011 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 997 од 1 декември 2010 година, бр.936/151 од 15.2.2008 година, бр.899/131 од 15.6.2006 година, бр. 819/61 од 15.1.2003 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 4. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Филозофски факултет, кандидатката д-р Татјана Стојаноска Иванова изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиските програми по социологија, семејни студии, психологија, втор циклус студии на студиските програми по социологија, европски студии за интеграција и малолетничка деликвенција и на трет циклус студии на студиската програма по социологија.

Кандидатката била ментор на 50 дипломски трудови.

Кандидатката учествувала како член во Комисија за оцена/или одбрана на 41 дипломска, 22 магистерски трудови и на 3 докторски дисертации.

## Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.

Кандидатката д-р Татјана Стојаноска Иванова е автор на научно-популарната книга *Мое Скопје-многу вери наш соживот* и коавтор на научно-популарната книга *Борба против трговијата со луѓе*. Во изминатиот период, кандидатката била раководител на три школи и работилници во основно и средно образование, на општествено значајни теми. Таа, исто така, покажа извонредно одговорен и сериозен пристап и кон другите задачи поврзани со наставно- образовната дејност, пред сè, при подготовка на нови предмети и материјали за нив на прв циклус студии на студиските програми по социологија и семејни студии, втор циклус на студиските програми по социологија, европски студии за интеграција и малолетничка деликвенцијаи на трет циклус студии на студиската програма по социологија.

Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Д-р Татјана Стојаноска Иванова има објавено вкупно 10 научни трудови од социолошката област, од кои 4 научни труда во меѓународни научни списанија, 1 труд во меѓународна научна публикација и 5 труда во зборници од научни собири.

Д-р Татјана Стојаноска Иванова била раководител на национален научен проект под наслов: „Денес таа, утре можеби јас", чиј носител е Асоцијација за унапредување на статусот на жената во современите општествени процеси во Македонија-ЖЕНСКА АКЦИЈА, и учесник во еден национален научен проект при Филозофскиот факултет во Скопје под наслов: *Политиките за населението и социо-демографскиот развој* .

Кандидатката била ментор на 6 одбранети магистерски труда.

| 1. | КРАТОК ОПИС НА СОДРЖИНАТА | Од погенерален структурен аспект, текстот на приложениот учебник е поделен во три тематски блока.<br><br>Во **воведниот дел** се потенцира потребата од системско согледување на одделни прашања кои се однесуваат на социјалната сигурност. Претставени се социјалниот систем како дел од големиот општествен систем и сигурноста и развојот.<br><br>***Во првиот тематски блок*** се прикажани теоретските аспекти на системите на социјална сигурност. Во таа смисла се дава преглед на главните поимања и специфики на здравственото и пензиското осигурување и осигурувањето во случај на невработеност. Дадени се примери на форми на социјална сигурност во одделни држави, како и развојот на социјалната држава во историски контекст на промени. Прикажани се аргументите за разните модели на современата социјална држава кои се среќаваат и начинот на нивно обликување. Претставени се Бизмарковиот модел на здравствено осигурување - систем на социјално осигурување, моделот на национално осигурување според Бевериц, Семашковиот модел, како и приватно здравствено осигурување во САД, при што тие се компарираат од аспект на нивната примена.<br><br>***Вториот тематски блок*** се фокусира на институционалните основи и специфики на социјалната сигурност, со примери од Република Македонија. Објаснети се врските и влијанијата на економското окружување и социјалните можности, социјалните цели и |

[4] Извештајот може да изнесува најмногу 10 чукани страници со нормален проред.

| | | |
|---|---|---|
| | | институциите кои делуваат, како и институциите во Република Македонија. Дадени се институционалните права и надлежности на министерствата, фондовите, здравствените и социјални установи и организации како и облиците на заштита во рамките на системот. Претставена е мрежата на установи и организации од здравствената дејност и здравстевната политика и нејзините системски основи. Социјалните фактори и влијанието на социјалните и културните фактори врз системите на осигурување се прикажани од аспект на социјалните потреби, културните фактори, како и други аспекти за разбирање на сигурноста.<br><br>Исто така, даден е приказ на основите на системот на социјалното осигурување, развојот на социјалната заштита во одделни периоди, остварените промени и структурните и општествените реформи во социјалниот сектор, со што се создадени системски основи за социјално осигурување. Социјалната регулатива и социјалната сигурност, мерките на социјал-ната регулатива, како и мерките и установите на социјалната заштита се прикажани согласно со нивната законска поставеност. Пензискиот систем во Република Македонија е прикажан преку неговата трансформација и обликување во тростолбен систем. Дадени се и мерките на социјална регулатива, мерките и установите на социјална заштита и пензискиот систем и неговата структура и финансирање.<br><br>Во овој дел се претставени и системските основи и организацијата на здравствениот систем и здравствената дејност во Република Македонија. Здравствената регулатива и поврзаноста на здравственото осигурување и здравјето се прикажани заедно со изворите и стапките на приходите и расходите за здравствено осигурување. Одделни здравствени програми и нивната важност се дадени во овој дел, како и за здравствената заштита на семејството, а се укажува на промените кои се одвиваат во здравствениот систем, со цел за негова поефикасна поставеност и рационално работење. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Кон крајот на оваа целина, прикажани се и потребите и целите за планирање и финансирање на здравственото и социјалното осигурување, а се укажува на неопходноста од оформување на системи кои рационално ги организираат, ги планираат и ги наменуваат средствата за социјална сигурност. Претставена е здравствената политика и здравственото планирање, финансирањето на социјалното и здравственото осигурување, како и обезбедувањето на средства за социјалното и здравствено осигурување според прописите во Република Македонија.<br><br>***Во третиот тематски блок*** е дадена меѓународната димензија на системите на социјална сигурност. Одделно се претставени здравствените и социјални системи преку меѓународната регулатива и меѓународно право за социјално осигурување, а се објаснува како е обликуван моделот на социјално и здравствено осигурување во одделни држави. Дадени се и основните принципи за координација на социјалното осигурување и приказ на правните инструменти за координација на социјалното осигурување, обврските по меѓународни документи како и меѓународните договори на Република Македонија за социјално и здравствено осигурување.<br><br>Во овој дел се прикажани се и социјалната и здравствената политика на Европската унија. Даден е псоебен акцент на социјалната сигурност и на политиката на ЕУ во областа на здравството. Согледани се и инструментите на социјално и здравствено осигурување во ЕУ; потоа здравствената заштита на работа и осигурување во ЕУ. Моделите на социјално и здравствено осигурување кои постојат во одделни држави се прикажани како модели во ЕУ и на локално ниво, а особено преку правилата за вертикална поделба на надлежностите и социјалните услуги. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Овој тематски блок вклучува преглед и на влијанието на кризата врз социјалниот и здравствениот систем и врз социјалното и здравственото осигурување. Имено, оцена е дека економската криза ги погодува сите системи, а особено пензиските и здравствените поради што се воочуваат современи промени и процеси во областа на системите на социјална сигурност со цел за нивна одржливост.<br><br>Кон крајот на овој дел се поместени заклучните согледувања каде што сумарно се оценети системите на социјална сигурност и дадени се оцени врз основа на согледувањата содржани во текстот на трудот. |
| 2 | ОЦЕНА ДАЛИ ПРЕДЛОЖЕНИОТ УЧЕБНИК /ПОМАГАЛО Е ВО СОГЛАСНОСТ СО ПРЕДМЕТНАТА ПРОГРАМА | Предложениот учебник го покрива најголемиот дел од содржините од предметната програма за системите на социјална сигурност и системот на здравствена заштита на семејството за кои е и наменет. |
| 3. | ОЦЕНА НА УЧЕБНИКОТ/УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО | Учебникот во најголема мера соодветствува со содржините од предметната програма за која е наменет, па тој може да се смета за основен извор за нивно совладување од страна на студентите. Неговата содржина е компатибилна со целите на предметната програма, односно овозможува студентите да стекнат знаења за системите на социјална сигурност и системот на здравствена заштита на семејството и да ги унапредат своите компетенции за оваа материја. |
| 4. | КАТЕГОРИЗАЦИЈА – УЧЕБНИК ИЛИ УЧЕБНО ПОМАГАЛО | Учебник |
| 5 | ЗАКЛУЧОК СО ПРЕДЛОГ ЗА ОПРАВДАНОСТА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ТРУДОТ | Разработените содржини покриваат најголем дел од предметната програма за која учебникот е наменет, па може да се заклучи дека тој може да се користи како основна литература за студентите за системите на социјална сигурност. Систематски се разработени темите од областа на социјалната сигурност и системот на здравствена заштита на семејството кои се |

| | | |
|---|---|---|
| | | предвидени во наставата, со што му се овозможува на студентот да се едуцира за оваа материја. Со овој учебник ќе се збогати стручната литература на македонски јазик со која се разработуваат споменатите системи и врз основа на претходно изнесените оцени предлагам овој учебник да биде објавен. |
| 6. | ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОТРЕБНИ КОРЕКЦИИ | Се препорачува лекторирање на текстот и мали корекции кои му се укажани на авторот. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот системи на социјална сигурност, примарно наменет за студентите на Институтот за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза“ и за предметот систем на здравствена заштита на семејството на Институтот за семејни студии на Филозофскиот факултет.

Рецензент

Проф. д-р Маја Геровска Митев, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА “ИМПОРТОТ И ВЛИЈАНИЈАТА ВО ЗАНАЕТЧИСТВОТО ПО ДОЛИНАТА НА ВАРДАР ВО АНТИКАТА ОД VI ДО I ВЕК ПРЕД ХРИСТА“ ОД М-Р СИЛВАНА БЛАЖЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На XXII редовна седница на Филозофскиот факултет во Скопје, одржана на 18.12.2015 година, формирана е Комисија за изработка на ИЗВЕШТАЈ и давање на ОЦЕНА за докторската дисертација од кандидатката м-р Силвана Блажевска со наслов “ИМПОРТОТ И ВЛИЈАНИЈАТА ВО ЗАНАЕТЧИСТВОТО ПО ДОЛИНАТА НА ВАРДАР ВО АНТИКАТА ОД VI ДО I ВЕК ПРЕД ХРИСТА“ во слениот состав: проф. Вера Битракова Грозданова, проф. Елица Манева, проф. Драги Митрески, проф. Марјан Јованов и насл. доц. Дафина Герасимовска.

## И З В Е Ш Т А Ј

Овај труд произлегува од подолготрајните истражувања на м-р Силвана Блажевска, во голем дел од теренско учество во систематски археолошки ископувања, но и во опсервирање на материјалите познати од поранешни активности од овој вид на ангажмани и на други истражувачи. Долината на Вардар отсекогаш претставувала природен пат за одвивање на селидби или предвижување на културни влијанија кои доаѓале од југот или од истокот, од каде што бујните цивилизациски појави се ширеле кон средниот и северниот Балкан. Широкиот временски распон од 6 до 1 век, кога се случуваат и многу различни историски настани во посочената територија, на кандидатката ѝ овозможуваат во една широка лепеза да ги открива, да ги идентификува и да ги подложува на критичка анализа појавите од културолошки аспект.

За изборот на оваа тема, кандидатката се одлучува по едно долготрајно професионално навлегување во сегмените на одделни сфери од материјалната култура кои се наметнати со обилното присуство во археолошките зафати на територијата на Македонија. Многу дилеми и нерешени прашања кои се поставуваа во македонската археологија, како, на пример, од тоа, што е увоз од далечните краеви на егејскиот свет, од Мала

Азија, од централна и јужна Грција, или од колониите на егејскиот брег, но и од подалечните медитерански простори како Сирија и Египет. И самото присуство на различна материјална култура, која понекогаш се разликува децидно или во поголеми и помали финеси, покажува во која мера и популациите биле отворени повеќе или помалку кон прифаќање на новините. И покрај отвореноста на долината, сепак постојат одредени „тесни грла" кои се манифестираат и во откриените артефакти. Една, исто така од причините за преземањето од страна на кандидатката на задачата за толкувањето на појавите содржани во импортот е секако особеното предходно познавање на керамологијата, пак со нејзиното продлабочено истражување на хеленистичката керамичка индустрија во Долното Повардарје, докажано преку магистерската теза.

За постигнување на резултатот, кандидатката го избрала прикажувањето на релевантниот материјал во хронолошко презентирање, во рамките на секоја занаетчиска целина. Пред да премине на анализа на занаетчиските производи откриени на посочената територија, за да објасни во кои констелации се случувале манифестациите и врз која основа таа ги поставува своите тези и заклучоци, се задржува на степенот на истраженоста и на општествено- историските и политичките услови.

Трудот содржи 250 страници, 52 табли со илустрации од посочените предмети, три карти и обемна релевантна и најнова литература.

Почнувајќи со ВОВЕД, кандидатката ја објаснува концепцијата на студијата преку следниве содржини со поднасловите:"Предмет и цел на проучувањата", а потоа следат „Хронолошката и територијалната рамка" и „Степенот на истраженоста", како база за понатамошно истражување, анализа и нови согледувања и заклучоци. Околу територијата на која се следат појавите предизвикани од импортот, кандидатката ја издвојува територијата на Скопската Котлина, која се претставува со свои особености, и географски ја дефинира како Горно Повардарје. Следната територија по долината ја издвојува како Средно Повардарје, додека следното Долно Повардарје, кое голем дел излегува од рамките на Република Македонија, е вклучено како терен во кој се наоѓаат почесто аналогните појави. Во оваа

глава ја согледуваме потребата за иницирање на темата и наметнатата исцрпна обработка на откриениот материјал, негово дополнување и одново вреднување во контекст на многу нови истражувања во Егејот и пошироко. Кон воведниот текст се приклучуваат и кратките белешки околу „Општествено-историските и политичките прилики“, неодминлива база во објаснувањето на дел од појавите на слабиот или инетнзивниот импорт од големите занаетчиски центри, односно влијанијата врз домашното производство.

За импортот и случувањата во домашното производство во античкото занаетчиство по долината на Вардар, кандидатката издвојува посебни поглавја според типот на предметите:

КЕРАМИЧКАТА ПРОДУКЦИЈА како глава е најдоминантна во тезата поради својата бројност, но и како често кратко ја нарекуваме *керамика*, мислејќи на садови кои во антиката се најприсутни и покрај садовите од стакло, од метал. Следејќи ја содржината во рамките на хронолошките периоди, м-р Блажевска успешно ги издвојува импортираните примероци, локалните производи кои имитираат форми од далечните центри, особено многу познатите декорирани садови со лентесто поставени линии, ретките наоди со црнофигурален, потоа поинтензивните керамички вази со црвено фигурален стил, или црнофирнизираните, како и нивни имитации, поуспешни и помалку успешни локални производи. Ова е можеби и најзначајната заложба на кандидатката да ги определи овие финеси во откриените предмети на македонските локалитети. Може да се каже дека за прв пат тука е направена дистинкцијата во одделни финеси на керамиката од архајската епоха, а потоа и реплицирањето или задржувањето на одделни форми во една дијахронија. И покрај релативно необилниот матерјал сепак таа успеала да дојде до одредени заклучоци во оваа фаза на истражувања.

За керамиката од хеленистичкиот период, особено обемна, но и доста прецизно детерминирана, покрај релевантното определување особено на онаа од локалитетот Вардарски Рид, кандидатката одново внесува новини во нејзиното хронолошко определување, но и определување на потеклото на поширокото подрачје по долината на Вардар. Тука се претставени елементи на атичкиот импорт преку Vest Slope стилот, на калапената керамика, на импортот од источните работилници, “италскиот“ импорт и, секако, на локалната продукција под влијание на големите центри.

Керамичките светилки се исто така земени предвид, што го објаснува евентуалниот импорт и влијанието врз формите-профилите на производите од локалните мајстори.

КОРОПЛАСТИКАТА, како израз на имитирање на монументалната скулптура какошто е општо познато, во тезата е анализирана со сета своја разновидност. Таа дава можност за издвојување на центрите и на занаетчиските вештини, но и на религиозните идеи кои доаѓаат и од истокот и од југот, било директно било преку посредниците како што се хеленските колонии на северниот егејски брег. Разновидноста на формата како протоми и бисти цели фигури се детално обработени и стилски и иконографски. Кандидатката констатира доцна појава на оваа минијатурна уметност, која е првично израз на уметничкиот талент на керамичарот, а потоа израз на култни влијанија и мостри, кои се исто така идентификувани.Тие се поставени во релација со најстарите извори и центри на настанување, почнувајќи од ретките примери со  родоско влијание, потоа подвлечените влијанија од Танагра, доста почести, но и од поблиските центри кои порано ги апсорбирале културните текови. На тој начин кандидатката ги согледува паралелите со Пела, Ајга, но и со оние од Горна Македонија, Петрес и Ајани. Од локалитетите се издвојуваат теракотите од кругот на Марвинци и Вардарски Рид како најбројни, откриени почесто во хронолошки одредени контексти, кои доминираат во II век. Следува една нова серија на теракоти со поразлична култна содржина, особено од примерите од Стоби, кои донесуваат новини, помешани веќе со од порано познати теми,  присутни во малоазиските центри.

ОБРАБОТКАТА НА МЕТАЛОТ, во основа опфаќа две доста различни сфери од уметничкото занаетчиство. Прво се анализирани „Тореуските производи“, кои се доста скромно застапени во истражувањата по долната на Вардар. Но на некој начин покриена е секоја епоха. Доцноархајските примери се третирани како увоз од југот, Коринт, Халкис, додека садовите од подоцнежните епохи се почести, но и определени како локална продукција, во македонските ателјеа работени под влијание на идеите од поширокото медитеранско подрачје.

„Јувелирските производи“ на некој начин пак ја следат хронологијата на другите предмети. Во архајската епоха доминира бронзениот македонско-пајонски накит, како локален израз. Но набргу се појавува другата група на накит врзана за кнежевските погребувања во Македонија. Тоа се познатите

двојни игли, пелопонески тип игли, тип малоазиски фибули со долга хронологија од 5 до 3 век. Тука е подвлечено присуството на златните ромбоидни апликации од Милци кои имаат свои аналогии во кнежевските погребувања во Македонија, како Синдос, Архонтико и Требеиште. Сега се менува и металот со почеста појава на среброто но и присуство на златниот накит кој ќе се наметне од 4 до 2 век. Кандидатката укажува на значењето на хеленските мајстори доселени во колоните на егејскиот брег кои имаат значајна улога во изведувањето на луксузниот накит по нарачка на аристократијата во подем на македонско тло, имајќи ги предвид и рудниците на злато и сребро во Пангеј и Дисорон. Некои влијанија кои се чувствуваат во изборот на формите се многу од далеку, од персиско-сирискиот простор, стигнати по пат на преминување на повеќе територии, за на македонско тло да добијат една нова варијанта, особено накитот од злато откриен во некрополите од Марвинци, од Демир Капија е во голема мера дело на македонските златарски ателјеа, а идеите доаѓаат од сè поотворената можност за комуникација во времето на дијадосите кога целиот Медитеран е едно културно коине. Кандидатката тука ги подвлекува мотивите, животинските протоми, но и митошките теми кои се застапени во фигуралните додатоци на накитот, пак како идеја формирана на истокот на Медитеранот.

ЗАКЛУЧНИТЕ РАЗГЛЕДУВАЊА претставуваат резиме на постигнатите резултати кои се синтетизирани во една соодветна студија. Имено, анализираните артефакти кои меѓу себе се надополнуваат, се поставени и во релација со други содржини од археолошките наоди, како населбинската архитектура, погребните обичаи, монументалната мермерна скулптура, како израз на цивилизациските дострели.

Оваа навидум не многу атрактивна граѓа отвора многу можности за донесување на еден значаен резултат кој е одговор на зададената задача, која во оваа фаза на археолошки истражувања во долината на Вардар открива многу новини. Подвлекувајќи го необемниот импорт, сепак во доволна мера присутен, кандидатката покажува во кое време и во какви прилики извршил влијание врз локалните занаети, обичаи, но и внесување на нови идеи преку сите форми на човеково изразување. Следејќи ја

најновата литература која опфаќа многу широка територија, м-р Блажевска покажува особена информираност во истражувањата во соседните области.

Сметаме дека кандидатката м-р Силвана Блажевска со успех ја синтетизирала оваа сложена и дискутабилна тема, која се однесува на еден особен сегмент од античката културна историја на Македонија. Трудот содржи многу значајни новини, нови толкувања во случувањата кај популациите кои живееле на голем дел од долината на Вардар, како и нивните комуникации со останатиот свет во Медитеранот на културен план. Досегашните сознанија успеала да ги надогради со нови продлабочени теренски зафати, но и лични истражувачки залагања. Оваа теза е исто така база за понатамошни толкувања на античката културна историја. Поради тоа, Комисијата предлага на кандидатката да ѝ се дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

Комисија

Проф. Вера Битракова Грозданова, с.р.

Проф. Елица Манева, с.р.

Проф. Марјан Јованов, с.р.

Проф. Драги Митревски, с.р.

Насл. доц. Дафина Герасимовска, с.р.

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

### 3. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | М-р Милена Илиќ Пешиќ | „Постигнувањата на учениците со посебни образовни потреби: следење, оценување, вреднување “ | „Achievements of students with special educational needs: assessment, grading, evaluation“ | Проф. д-р Наташа Галевска Ангелоска | 30. III 2016<br>10-2583/15 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 2. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Елена Трајковска | „Образовната функција и организациската поставеност на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење во Република Македонија“ | „Educational Function and Organization Infrastructure of Open Community Colleges for Lifelong Learning in Republic of Macedonia“ | доц. д-р Елена Ризова | 4. IV 2016 година<br>Бр. 10-556/16 |
| 2. | Маја Костова | „Организациска и програмска поставеност на Приватното основно училиште Јахја Кемал“ | „Organizational and Programme Structure of the Private Primary School Yahya Kemal“ | проф. д-р Лена Дамовска | 4. IV 2016 година<br>Бр. 10-545/16 |
| 3. | Наумче Угриновски | „Патна структура и културни релации во Преспанско-охридскиот регион од неолит до римско време“ | „Road Structure and Cultural Relations in the Prespa-ohrid Region from Neolithic to the Roman Time“ | проф. д-р Драги Митревски | 4. IV 2016 година<br>Бр. 10-504/16 |
| 4. | Ѓорѓи Неделковски | „Светителските одежди во средновековното сликарство на Р. Македонија (XI-XIV век)“ | „Saintly Garments in the Fresco Painting in the Republic of Macedonia (11$^{th}$-14$^{th}$ Century)“ | проф. д-р Елизабета Димитров а | 4. IV 2016 година<br>Бр. 10-505/16 |
| 5. | Соња Милошевска | „Проценка на стилови на родителство и начин на справување со стрес кај родители од функционални и од дисфункционални семејства“ | „Assessment of Parenting Styles and Stress Management of Parents from Functional and Dysfunctional Families“ | доц. д-р Ана Фрицханд | 4. IV 2016 година<br>Бр. 10-552/16 |
| 6. | Блерита Мустафаи-Мазлами | „Педагошкото посредување како комуникациски концепт“ | „Pedagogical Mediation as a Communication Concept“ | доц. д-р Елизабета Томевска Илиевска | 4. IV 2016 година<br>Бр. 10-392/16 |
| 7. | Данче Ристовска Костадинова | „Примена на фондовите и програмите на Европската Унија за дигитализација на медиумските содржини во Република Македонија“ | „Implementation of EU Funds and Programs for the Digitalization of Media Content in the Republic of Macedonia“ | доц. д-р Марија Дракуловс ка | 4. IV 2016 година<br>Бр. 10-420/16 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Чукалевска | |
| 8. | Нада Јосифовска Палигора | „Современите предизвици на европската безбедност“ | „Contemporary Challenges of European Security“ | проф. д-р Трајан Гоцевски | 4. IV 2016 година<br>Бр. 10-558/16 |
| 9. | Емилија Стојанова | „Мерки и Протоколи за спречување на трговијата со луѓе во Република Македонија и земјите од ЕУ“ | „Measures and Protocols on Prevention of Human Trafficking in the Republic of Macedonia and in the EU Member Countries“ | доц. д-р Татјана Стојаноска Иванова | 4. IV 2016 година<br>Бр. 10-2449/15 |
| 10. | Ана Попоска | „Родовите аспекти на сиромаштијата и политиките за нејзино справување во Европа и Република Македонија“ | „Gender Dimension of Poverty and Immanent Policies in Europe and the Republic of Macedonia“ | проф. д-р Маја Геровска Митев | 4. IV 2016 година<br>Бр. 10-567/16 |
| 11. | Емилија Илиева | „Мобингот и организациското работење“ | „Mobbing and Organizational Performance“ | проф. д-р Милева Ѓуровска | 4. IV 2016 година<br>Бр. 10-473/16 |

**Р Е Ф Е Р А Т**

ЗА ИЗБОР НА ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата 62. редовна седница одржана на 17.2.2016 година, не избра за рецензенти во врска со пријавата на д-р Владимир Цветкоски, на конкурсот за избор на наставник (во сите звања) по предметот англиски јазик, објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" на 15.1.2016 год. Откако го прегледавме конкурсниот материјал, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот да му го доставиме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

Д-р Владимир Цветкоски е роден 1981 година во Скопје. На Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје најнапред дипломирал на Катедрата за англиски јазик и книжевност со просек 8,77, а потоа во 2009 година ги завршил постдипломските студии со просек 10 и магистрирал на тема: *Џон Драјден од аспект на теоријата на преведувањето*. Во 2014 година, на истиот Факултет ја одбранил докторската дисертација под наслов *Преведувачката поетика на Езра Паунд и теоријата и практиката на преведувањето на современ македонски*.

Работното искуство на д-р Цветкоски ги покажува неговите професионални тенденции и залагања во областа на филологијата. Од 2003 до 2006 година работел како преведувач во фирмата "Image PR Productions", а од 2007 до 2010 бил уредник на издавачката куќа „Макавеј" во Скопје. Во периодот од 2010 до 2012 година бил избран за асистент на Катедрата за англиски јазик и американски студии на Меѓународниот балкански универзитет во Скопје. Одржал клиничка настава на неколку македонски универзитети, претежно на теми од модерната англо-американска книжевност и од теоријата и практиката на преведувањето. Од октомври 2015 година бил ангажиран на Катедрата за преведување и толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во својство на истакнат стручњак од практиката. Д-р Цветкоски е сооснова и уредник на списанието „ Книжевно житие" – списание за литература и култура. Преведува од англиски, бугарски, шпански, српски и хрватски јазик. Превел дела од Чарлс Буковски, Казуо Ишигуро, Т.С. Елиот, Жак Дерида, Џон Хатчинс,

Леополдо Гарсија –Алас и Урења, Стојан Христов, Димитри Оболенски, Радјард Киплинг, Езра Паунд, Ангел Вагенштајн и други. Од 2005 година се здобил со решение за судски преведувач од и на англиски јазик, именуван од Министерството за правда на РМ.

Д-р Владимир Цветкоски е автор на две монографски публикации и на повеќе трудови од областа на теоријата и практиката на преведувањето, книжевноста и лингвистиката, објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор.

Учесник е на бројни обуки и семинари од областа на:

- наставата по англиски јазик во организација на Британскиот совет, како што се: ITC Essentials in the Modern ELT Classroom (March-April, 2012), Teaching mixed-ability classes and Motivating Students (March, 2012), Classroom Management (February, 2011), Teaching, Listening and Writing for ELTs (October, 2010) и вебинари: How are Cambridge English Writing papers marked (September, 2012) и Oxford Professional Development Webinar, September, 2012)

-вештини за лидери: Ivanov School of Leaders (August, 2012), Winter School of Leadership (2006);

-политикологијата: Македонски модел на Обединетите нации, 2000, Македонски политиколошки форум, обука по цивилно општество и демократија, 1998.

Д-р Цветкоски е член на Меѓународната организација на истражувачи од земјите во развој и земјите во транзиција, од институти во политики и истражување за унапредување на создавањето, споделувањето и примената на мултидисциплинарни сознанија (Global Development Network) и на Меѓународната европска организација Traduki.eu

Во 2008 година д-р Цветкоски ја добил наградата за најдобар есеј, „Орфеева лира”, што ја доделува Академијата за европска култура на Р. Бугарија, а во 2012 година Здружението на книжевните преведувачи на Македонија му ја доделило наградата „ Златно перо” за студијата *Џон Драјден од аспект на теоријата на преведувањето*.

**Наставно-образовна дејност**

Во периодот 2010-2012 година, д-р Владимир Цветкоски бил избран за асистент на Катедрата за англиски јазик и американски студии, на Меѓународниот балкански универзитет, за предметите: преведување – теорија и практика, американска книжевност I и II, јазикот во САД, етничките малцинства и разноликоста во американското општество со вкупно 14 часа неделен фонд. Во

академската 2015/2016 година е ангажиран како истакнат стручњак од практитката за настава на предметите: Преведување од македонски на англиски јазик со практична јазична редакција 3 и стручна терминологија за преведувачи и толкувачи 3 (економија, англиски јазик) на Катедрата за преведување и толкување при Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески". Разнородноста и бројот на предметите доделени во рок од три академски години укажуваат на потребата од извонредно големи залагања на д-р Цветкоски за успешно реализирање на наставните содржини во повеќе области на јазикот и книжевноста.

**Научноистражувачка дејност**

Научноистражувачката дејност на д-р Цветкоски е насочена главно кон преведувачката теорија и практика. Монографијата *Џон Драјден од аспект на теоријата на преведувањето* претставува значаен продонес за македонската научна мисла во однос на историјата на теоријата на преведувањето. Монографијата *Преведувачката поетика на Езра Паунд,* како и трудовите ,,Идеограмскиот метод на Езра Паунд", ,,Езра Паунд и Морепловецът", расветлуваат многу прашања во однос на преведувачката поетика на основачот на имажизмот и неговите обиди за примена на креативното преведување како преведувачка стратегија. Трудовите ,,Одисеевото слегување во подземјето во некои преводи на Езра Паунд, Михаил Д. Петрушевски и Богумил Ѓузел", ,,Поезијата како одраз на дејствителноста –Езра Паунд и Венко Марковски" и ,,Конески и преведувањето" споредбено ги проучуваат преведувачките креативни стратегии на Е.Паунд и на истакнати македонски поети-преведувачи и укажуваат на преведувачките постапки и приоди актуелни во македонската книжевна преведувачка практика во 20 век.

**Стручно-апликативна дејност**

Обемната преведувачка дејност на д-р Владимир Цветкоски опфаќа текстови од различни области: **текстови од областа на есеистиката, науката и публицистиката,** меѓу кои: „Хамлет и неговите проблеми" (2005) и „Совршениот критичар"(2006) од Т.С. Елиот, „Структурата, знакот и играта во дискурсот на хуманистичките науки" од Жак Дерида (2008), „Го собирам телото на Озирис"(2011) и „Песни од *Бласт*" (2014)од Езра Паунд, „Портрет на Климент Охридски"(2009) од Димитри Оболенски и др.; **романи**: *Дракула* од Брам Стокер, *Никогаш не оставај ме* од Казуо Ишигуро, *Петокнижие Исаково*

од Анжел Вагенштајн и *Ким* од Радјард Киплинг; **поезија:** *Оган во обрачи* од Бранко Цветкоски, *Евангелие по Јован Метафора* од Јон Димитру, *Портокал и друга кука* од Дијана Буазер, *Танц по жарје* од Јонка Христова; **наука и публицистика**: *Електрични мотори (Динамика и управување)* од Горан Рафајловски, *Шест византиски портрети* од Димитри Оболенски, *Херои и убијци* од Стојан Христов и збирката текстови *The Balkans: A Shared Heritage*.

Од 2007 година Цветкоски е организатор на манифестацијата „Македонска книжевна визита во Софија", главен и одговорен уредник на повеќе од 250 публикации во Книгоиздателството „Макавеј" и извршен уредник на списанието *Книжевно житие*.

**Заклучок**

Од досегашните согледувања за работата на кандидатот д-р Владимир Цветкоски, можеме да заклучиме дека тој во целост ги задоволува академските критериуми за наставно-научното звање доцент. Д-р Владимир Цветкоски го има потребното педагошко искуство, а покажал и извонредни залагања при успешното реализирање на наставата на седум нови предмети доделени во рок од три години на матичните катедри на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје и на Меѓународниот балкански универзитет во Скопје од областа на англискиот јазик, теоријата и практиката на преведувањето и толкувањето и културолошките студии. Освен тоа, од приложените научни трудови евидентно е дека поседува одлични аналитички способности, компетентност и способност за истражувања особено од областа на англискиот јазик. Д-р Цветкоски покажува исклучителна трудољубивост, научна љубопитност и висока академска стручност – карактеристики клучни за успешен професионален развој во секоја академска средина.

Од горенаведеното може да се заклучи дека д-р Цветкоски бележи континуиран образовен и стручен напредок, што дава за право да се очекува дека тој и понатаму ќе продолжи да го развива својот академски и креативен потенцијал. Неговите досегашни професионални достигнувања во целост ги исполнуваат критериумите за успешно изведување на наставата на Катедрата за преведување и толкување. Затоа имаме чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, да го избере д-р Владимир Цветкоски во звање доцент по предметот *англиски јазик*.

3.3.2016 год., Скопје

**Рецензентска комисија**

Проф. д-р Солзица Поповска, претседател, с.р.

Проф. д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, член. с.р.

Доц. д-р Соња Китановска-Кимовска, член, с.р.

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

Кандидат: д-р Владимир Цветкоски
Институција: Филолошки Факултет „Блаже Конески“, Скопје
Научна област: англиска филологија и преведување

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус студии на Меѓународниот балкански универзитет (International Balkan University)** | |
| **(зимски семестар 2010-2011)** | | |
| | Преведување<br>(6 часа * 15 * 0.04) | 3.6 |
| | Американска книжевност 1<br>(5 часа * 15 * 0.04) | 3 |
| | Американска книжевност 2<br>(3 часа * 15 * 0.04) | 1.8 |
| **(летен семестар 2010-2011)** | | |
| | Јазикот во САД<br>(4 часа * 15 * 0.04) | 2.4 |
| | Етничките малцинства и разноликоста во американското општество<br>(6 часа * 15 * 0.04) | 3.6 |
| **(зимски семестар 2011-2012)** | | |
| | Преведување<br>(6 часа * 15 * 0.04) | 3.6 |
| | Американска книжевност 1<br>(5 часа * 15 * 0.04) | 3 |
| | Американска книжевност 2<br>(3 часа * 15 * 0.04) | 1.8 |
| **(летен семестар 2011-2012)** | | |
| | Јазикот во САД<br>(4 часа * 15 * 0.04) | 2.4 |
| | Етничките малцинства и разноликоста во американското општество<br>(6 часа * 15 * 0.04) | 3.6 |
| 2. | **Одржување на настава од прв циклус студии на Катедрата за преведување и толкување при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“** | |
| | **(2015-2016 зимски семестар)**<br>Преведување од македонски на англиски со практична јазична редакција 3<br>(8 часа* 15 * 0.04) | 4.8 |
| | **(2015-2016 зимски семестар)**<br>Стручна терминологија 3 (економија, за англиски јазик)<br>(2 часа * 15 * 0.04) | 1.2 |
| | **Вкупно** | 34,8 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 3. | **Монографија**: Цветкоски, Владимир. Џон Драјден од аспект на теоријата на преведувањето, Скопје, Макавеј 2012. (рецензирана монографија) | 8 |
| 4. | **Монографија:** Цветкоски, Владимир. *Преведувачката поетика на Езра Паунд*, Скопје, Макавеј 2015. (рецензирана монографија) | 8 |
| 5. | **Дел од монографија објавен во странство:**<br>Цветкоски, Владимир. 2012. Езра Паунд и Мореплoвецът, списание Везни, София. (рецензиран и преведен труд). (BG) | 6 |
| 6. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**<br>Цветкоски, Владимир. 2013 *Female Sexuality and Male Dominance in Measure for Measure and The Taming of the Shrew*, Context 11 / Review for Comparative Literature and Cultural Research, Institute of Macedonian Literature, Skopje, ISSN 1857-7377 October 2013. (рецензиран труд). | 6 |
| 7. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**<br>Цветкоски, Владимир. 2014 *Конески и преведувањето*, Context 12 / Review for Comparative Literature and Cultural Research, Institute of Macedonian Literature, Skopje, ISSN 1857-7377 October 2014. (рецензиран труд). | 6 |
| 8. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**<br>Цветкоски, Владимир. 2015. *Одисеевото слегување во подземјето во некои преводи на Езра Паунд, Михаил Д. Петрушевски и Богомил Ѓузел*, *Спектар*, International Literary Science Journal, Institute of Macedonian Literature, Skopje, vol. 33, no. 65, pp. 124-145, ISSN 0352-2423, Институт за македонска литература, Скопје. (рецензиран труд). | 6 |
| 9. | **Поглавје во книга – коавтор**<br>Димовска Весна, Цветкоски Владимир. 2015. Предговор кон Антологија на светската поезија преведена на македонски јазик. Т. 1, XX век пр.н.е. - IV век од н.е. : од "Енума Елиш" до Авсониј / [препев Александар Ускоков ... [и др.] Скопје : Арс ламина - публикации, 2015 (Скопје : Бранко Гапо - графичко производство) | 2 |
| 10. | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**<br>*Борхес и преведувањето*, Меѓународна научна конференција „Јазични и културни проникнувања *низ преведувањето и толкувањето*", во организација на Катедрата по преведување и толкување, Филолошки факултет „Блаже Конески". ***(рецензиран оригинален и меѓународно награден труд***), 2012. | 3 |
| 11. | Учество на научен/стручен собир – усна презентација<br>Цветкоски, Владимир. 2012. *Борхес и преведувањето*, на Меѓународна научна конференција „Јазични и културни проникнувања *низ преведувањето и толкувањето*", во организација на Катедрата по преведување и толкување, Филолошки факултет „Блаже Конески". | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание**<br>Цветкоски, Владимир. *Низ разорениот свет на Чарлс Буковски*, Стремеж, 5.6, 2003 (ISSN 0039-2294) | 4 |
| 13. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание**<br>Цветкоски, Владимир. 2014 *Езра Паунд – живот и дело*, Современост, 2/2014, св.. 63. стр. 27-47. | 4 |
| 14. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание**<br>Цветкоски, Владимир. 2015. *Поезијата како одраз на дејствителноста – Езра Паунд и Венко Марковски*, Современост, 2/2015, vol. 64. pp. 94-103, ISSN 0038-5972, Скопје. | 4 |
| 15. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание**<br>Цветкоски, Владимир. 2015. Библиската расказна подлога во *Лавот, вештерката и орманот*, Книжевно Житие 33, Макавеј, Скопје, pp. 33-41. | 4 |
| 16. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание**<br>Цветкоски, Владимир. 2015. Идеограмскиот метод на Езра Паунд. Книжевно Житие 34, Макавеј, Скопје, pp. 18-43. | 4 |
| 17. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание**<br>Цветкоски, Владимир. 2008. *Вредностите на фрагментарноста*, Современост, 4-2008, Скопје. | 4 |
| 18. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание**<br>Цветкоски, Владимир. 2012. *老子 - 道德經 – Лао Це – Тао Те Џинг* (прев. од древнокинески, со пристапна студија и систем за транскрипција – Игор Радев. Макавеј, 2012) | 4 |
| 19. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание<br>Цветкоски, Владимир. 2010. *Интервју со Љубомир Левчев*, 2010 лауреат на Струшките вечери на поезијата, Книжевно житие, бр. 18-19, Макавеј, 2010, ISSN 1857-5730 | 4 |
| 20. | **Одржано предавање по покана на универзитет**<br>*Езра Паунд – Ерата на модернизмот*, University American College, Скопје, 16 дек. 2010. | 1 |
| 21. | **Одржано предавање по покана на универзитет**<br>*Тед Хјуз и Шејмас Хини*, University American College, Скопје, 15 декември 2011. | 1 |
| 22. | **Одржано предавање по покана на универзитет**<br>*Раната поезија на Езра Паунд*, University American College, Скопје, 20 ноември 2012. | 1 |
| 23. | **Одржано предавање по покана на универзитет**<br>*Вовед во КПП - Wordfast, Меѓународен балкански универзитет*, Скопје, 26.1. 2012. | 1 |
| | **Вкупно** | 82 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 24. | **Превод (статија)**<br>Буковски, Чарлс. Свастика, Стремеж, 5.6, 2003 (ISSN 0039-2294). - Год. 49, 5/6 (2003), p. 65-70. (EN> MK) | 0.5 |
| 25. | **Превод (статија)**<br>Ишигуро, Казуо. Предговор кон *Остатоците од денот*, Ревија *Дело*, ISSN 1409-6269 (EN> MK) | 0.5 |
| 26. | **Превод (статија)**<br>Елиот, Т.С. *Хамлет и неговите проблеми*– (Стремеж, ISSN 0039-2294. - Vol. 51, 3/4 (2005), pp. 49-53. | 0.5 |
| 27. | **Превод (статија)**<br>Елиот, Т.С. *Совршениот критичар*, (АКТ, ISSN 1857-6184. - Vol. 3, No. 18 (29. 9. 2006), pp. 37-41. (EN> MK) | 0.5 |
| 28. | **Превод (статија)**<br>Шамполион, Ив. *Машинското преведување и иднината на преведувачката индустрија*, Книжевно житие 1, Макавеј, 2007 (EN> MK) | 0.5 |
| 29. | **Превод (статија)**<br>Ли, Ли. *Одбрани песни*, Книжевно житие 1 (ISSN 1857 - 5730), Макавеј, 2007. (EN> MK) | 0.5 |
| 30. | **Превод (статија)**<br>Дерида, Жак. *Структурата, знакот и играта во дискурсот на хуманистичките науки*, Книжевно житие 4-5, Макавеј, 2008. (EN> MK) | 0.5 |
| 31. | **Превод (статија)**<br>Интервју со Семјуел П. Хантингтон, Книжевно житие 6-7, Макавеј, Скопје, 2008. (EN> MK) | 0.5 |
| 32. | **Превод (статија)**<br>Хачинс, Џон. *Куса историја на машинското преведување*, Книжевно житие 6-7, Макавеј, 2008. (EN> MK) | 0.5 |
| 33. | **Превод (статија)**<br>Кларин, Алас и Урења, Леополдо. *Во возот*, Книжевно житие 6-7, Макавеј, 2008. (ES>MK) | 0.5 |
| 34. | **Превод (статија)**<br>Хол, Доналд. *Интервју со Т.С. Елиот*, Книжевно житие 12-13, Макавеј, 2009. (EN> MK) | 0.5 |
| 35. | **Превод (дел од книга)**<br>Оболенски, Димитри. *Портрет на Климент Охридски*, Книжевно житие 14-15, Макавеј, 2009. (EN> MK) | 1 |
| 36. | **Превод (дел од книга)**<br>Оболенски, Димитри. Портрет на Максим Гркот, Книжевно житие 14-15, Макавеј, 2009. (EN> MK) | 1 |
| 37. | **Превод (статија)**<br>Паунд, Езра. *Го собирам телото на Озирис*, Книжевно житие 18-19-20-21, Макавеј, 2010. (EN> MK) | 0.5 |
| 38. | **Превод (дел од книга)**<br>Оболенски, Димитри. Портрет на Кипријан, Метрополит Киевски и Московски, Книжевно житие 23-24, Макавеј, 2011. (EN> MK) | 1 |
| 39. | **Превод (дел од книга)**<br>Оболенски, Димитри. Портрет на Владимир Мономах, Книжевно житие 25-26, Макавеј, 2011. (EN> MK) | 1 |
| 40. | **Превод (статија)**<br>Марковска, Филимена. Спомени за Павел Шатев, од „Нем сведок“, Книжевно житие 25-26, Макавеј, 2011. | 0.5 |

| | | |
|---|---|---|
| 41. | **Превод (статија)**<br>Хандал, Натали., Песни, Стремеж (ISSN 0039-2294), Прилеп, 2012 (EN> MK) | 0.5 |
| 42. | **Превод (статија)**<br>Острогорски, Георги. Византија и Јужните Словени. Книжевно житие 28, Макавеј, Скопје, 2012 (EN> MK) | 0.5 |
| 43. | **Превод (статија)**<br>Стокер, Брам. Дракула го убиваат – *Глава 27* од романот *Дракула*. Книжевно житие 29, Макавеј, Скопје, 2013. | 0.5 |
| 44. | **Превод (статија)**<br>Паунд, Езра. Песни од „Бласт“ (1914), Книжевно житие 30. Макавеј, Скопје, 2013. (EN> MK) | 0.5 |
| 45. | **Превод (статија)**<br>Бенедети, Марио. Буџет, во Книжевно Житие 34, Макавеј, Скопје, 2015. (ESP>MK) | 0.5 |
| 46. | **Превод (книга)**<br>Стокер, Брам. *Дракула*. Едиција - Ѕвезди на светската книжевност, КСЦ & Макавеј, 2013. (EN> MK) | 3 |
| 47. | **Превод (книга)**<br>Ишигуро, Казуо. *Никогаш не оставај ме*, 2 изд., Ѕвезди на светската книжевност, Микена, 2012. (EN> MK) | 3 |
| 48. | **Превод (книга)**<br>Вагенштајн, Анжел. *Петокнижие Исаково*, Макавеј, 2011. (BG>MK) | 3 |
| 49. | **Превод (книга)**<br>Киплинг, Радјард. Ким, Едиција *Нобеловци*, Микена, 2009. (EN> MK) | 3 |
| 50. | **Превод (книга)**<br>Ишигуро, Казуо. *Никогаш не оставај ме*, Макавеј, Скопје, 2007. (EN> MK) | 3 |
| 51. | **Превод (книга)**<br>Цветкоски, Бранко, *Оган во обрачи*, КСЦ, 2013 (MK>EN) | 3 |
| 52. | **Превод (книга)**<br>Јон, Думитру, М. *Евангелие по Јован Метафора*, Макавеј, Скопје, 2012. (Двојазично изд., MK>EN, EN>MK) | 3 |
| 53. | **Превод (книга)**<br>Буразер, Дијана. *Портокал и друга кука*. Макавеј, 2012. (CRO>MK) | 3 |
| 54. | **Превод (книга)**<br>Христова, Јонка. *Танц по жарје*, Макавеј, Скопје, 2007. (BG>MK) | 3 |
| 55. | **Превод (книга)**<br>Оболенски, Димитри. *Шест византиски портрети*, Макавеј, 2011. (EN> MK) | 3 |
| 56. | **Превод (книга)**<br>Христов, Стојан. *Хероi и убијци*, Макавеј, Скопје, 2008. (EN> MK) | 3 |
| 57. | **Превод (учебник)**<br>Рафајловски, Горан. *Електрични мотори, (Динамика и управување)*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии, Скопје, 2012 (MK>EN) | 3 |
| 58. | **Превод (книга)**<br>*The Balkans: A Shared Heritage*. Ed. Mazarov Ivan. Djourova Axnia. Schefer Oliver. Stichtung Horizon - The Netherlands & Nissim Books - Bulgaria 2015 (MK>EN) | 3 |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 59. | Награда за научни постигнувања од струкова организација (самостоен)<br>2008 - „Орфеева Лира" - награда за најдобар есеј од Академија за европска култура, Собир на младата балканска литература, 1 - 3 ноември 2008, Бугарија | 3 |
| 60. | Награда за научни постигнувања од струкова организација (самостоен)<br>2012 - „Златно перо" - награда од Здружението на книжевни преведувачи на Македонија | 3 |
| 61. | Уредник на научно/стручно списание<br>„Книжевно житие: [списание за книжевност, уметност и култура]"<br>ISSN 1857-5730, Скопје : ИД „Макавеј" | 2 |
| 62. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир<br>„Македонска книжевна визита во Софија" 2007 – до денес | 1 |
| | | |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | **Вкупно** | **61** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 34.8 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 82 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 0 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 61 |
| **Вкупно** | **177.8** |

Членови на комисијата

Проф. д-р Солзица Поповска, претседател, с. р.
Проф. д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, член, с. р.
Доц. д-р Соња Китановска-Кимовска, член, с. р.

***ПРЕГЛЕД***

***НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ***

| ***Ред. бр.*** | ***Име на кандидатот*** | ***Наслов на темата*** | ***Ментор*** | ***Одлука од Научен совет*** |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | Магдалена Блажеска | „Развој на женското претприемништво во Република Македонија“ „Development of women's entrepreneurship in the Republic of Macedonia” | Д-р Наташа Данилоска | Бр. 02-337/2 од 29.3.2016 година |
| *2.* | Боби Петровски | „Управување со ризик на проект “ „Project Risc Management“ | Д-р Биљана Ангелова | Бр. 02-407/2 од 29.3.2016 година |
| *3.* | Дарко Тодоровски | „Карактеристики на енергетската политика на ЕУ и нејзиното влијание врз Република Македонија“ „Specifics of EU energy policy and its impact on the Republic of Macedonia“ | Д-р Силвана Мојсовска | Бр. 02-505/2 од 29.3.2016 година |
| *4.* | Бруно Ставревски | „Управување со квалитет во рамките на оперативниот менаџмент – Студија на случај “ „Quality Management as a part of the Operating Management – Case Study“ | Д-р Биљана Ангелова | Бр. 02-416/2 од 29.3.2016 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Соња Атанасовска | „Улогата на финансиските индикатори при анализа на финансиски извештаи во компаниите во Република Македонија“<br><br>„The role of the financial indicators in the financial reports analysis of the companies in the Republic of Macedonia“ | Д-р Климентина Попоска | Бр. 02-514/2 од 29.3.2016 година |
| 6. | Дејан Илиоски | „Улогата на претприемничкиот менаџмент за развој на семејните бизниси“<br><br>„The role of entrepreneurial management for family business development“ | Д-р Биљана Ангелова | Бр. 02-412/2 од 29.3.2016 година |
| 7. | Ѓорѓи Ѓорѓиевски | „Инвестициските фондови на меѓународниот пазар на капитал: искуства и перспективи“<br><br>„Investment funds on international capital markets: experience and perspectives“ | Д-р Климентина Попоска | Бр. 02-512/2 од 29.3.2016 година |
| 8. | Ѓорѓи Ѓорѓиев | „Примена на данокот на додадена вредност – Европска Унија и Република Македонија“<br><br>„Value added tax application - European union and the Republic of Macedonia“ | Д-р Искра Станчева-Гигов | Бр. 02-523/2 од 29.3.2016 година |

***ПРОМЕНА***

***НА МЕНТОР НА ПРИФАТЕНА ТЕМА ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ***

| ***Ред. бр.*** | ***Име на кандидатот*** | ***Наслов на темата*** | ***Ментор*** | ***Одлука од Научен совет*** |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | Елена Милосковска | „Колатералот во функција на кредитирање за отпочнување и раст на малите бизниси“ | Д-р Васил Поповски | Бр. 02-337/2 од 29.3.2016 година |

**ПРЕГЛЕД**

**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА Институтот за социолошки и политичко -правни истражувања, Скопје во состав на Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје Магистерски трудови**

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Наташа Орушевска | Влијание на системот на оценување на учинокот и нивото на платата врз извршување на работата на административни службеници во Република Македонија | Influence of the merit system and the salary level on the performance of the administrative servants in the Republic of Macedonia | Проф.д-р Јорде Јаќимовски | 02-416/18 од 18.03.2016 |
| 2. | Билјана Стефковска | Вид на мотивација за вработување во државната администрација | Type of motivation for civil service employment | Доц.д-р Марија Топузовска Латковиќ | 02-416/19 од 18.03.2016 |
| 3. | Александра Добреска | Поврзаноста помеѓу видот на организациската култура и успешноста на основните училишта | The connection between the type of organizational culture and accomplishment of primary schools | Доц.д-р Марија Топузовска Латковиќ | 02-416/20 од 18.03.2016 |
| 4. | Целал Незири | Присуството на истражувачкото новинарство во печатените медиуми во Република Македонија: анализа на дневните весници | Presence of investigative journalism in the print media in the Republic of Macedonia: analysis of daily newspapers | Проф.д-р Емилија Симоска | 02-416/10 од 18.03.2016 |